ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ
НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
ЗА ПЕРИОД 01.01.2024 до 31.12.2024 година



Резиме

Финансиските контролори како дел од одделението за буџетска и финансиска контрола, Сектор за финансиски прашања, во рамки на Фондот за здравствено осигурување на РСМ во текот на 2024 година изврши вкупно 24 целосни финансиски контроли на јавните здравствени установи, согласно годишниот план за финансиски контроли и 49 наменски контроли.

Во рамки на Извештаите од извршените редовни и вонредни финансиски контроли, финансиските контролори имаат евидентирано консатации кои се однеуааат на контролираните аспекти од нивното финансиско работење и доставени препораки по истите за надминување на неправилностите, се со цел подобрување на нивното работење и усогласување со законските прописи.

Со цел добивање на подобар и подетален увид во работата на финансиската контрола на Фондот во текот на 2024 година, овој Извештај од финансиските контроли извршени во 2024 година е поделен на два дела и тоа:

Дел 1. Сумарен преглед на констатациите и препораките дадени во ЈЗУ, групирани по поединечни аспекти на контрола (долгови, јавни набавки, реализација по програми на министерство за здравство, постапки за јавни набавки, плати и додатоци на плати, итн) и

Дел 2. Поединечена презентација на констатациите и препораките од Извештаите од целосните финасики контроли извршени за секоја ЈЗУ поединечно, со цел увид на констатираните неправилности кои имаат влијание врз рабоењето на ЈЗУ, буџетот на Фондот и степенот на исполнување на дадените препораки од претходните финансиски контроли.

Согласно Упатството за контрола на финансиското работење на јавните здравствени установи извештаите од извршените редовни финасиски контроли во 2024 година се доставени до Министерството за здравство, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

Во Извештајот од извршени финансиски контроли во 2024 година се наведени и констатирани состојби од извршените вонредни, т.е наменски финансиски контроли. Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

Во прилог на овој Извештај се презентирани наменските контроли извршени од страна на финансиските контролори во 2024 година, со наведени карактеристични констатации и неправилности за целта за кои тие наменски контроли се извршени. За наменски контроли се изработува налог за вонредна контрола од страна на директорот на Секторот финансиски прашања. Во 2024 година имаше случаи кога наменските контроли се побарани од страна на Министерството за внатрешни работи, Државна комисија за спречување на корупција, од Управниот одбор на Фондот и од менаџерскиот тим на Фондот.

Финансиската контрола врши увид и во извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (условен буџет). Во текот на 2024 година извршени се 34 контроли. Извештаите се доставуваат до одделението за договарање и преговарање, каде се следи реализацијата на условните буџети. Во овој извештај има наведено примери за констатирани неправилности и од увидот во реализацијата на условните буџети.

Како општ заклучок од презентираните контроли во 2024 година од аспект на финансиското работење, може да се констатира дека во ЈЗУ, неопходна е поголема посветеност на финансиското работење, особено да се обрне внимание ЈЗУ да го менаџира своето работење во рамки на планираните извори за финансирање, ефикасно и одговорно да ги планира вкупни потреби, со цел рационално и ликвидно работење на установата и обезбедување квалитетни и навремени здравствени услуги за граѓаните. ЈЗУ годишните финансиски планови да ги изработува во рамки на можните расположиви средства, односно да се избегнува нерационално планирање и преземање финансиски обврски кои доведуваат до генерирање долгови. Исто така, потребно е да се обезбеди целосно почитувањето на Законот за работни односи и следење на Анексите на Колективните договори, особено во делот на додатоци на плата, чие неправилно пресметување и исплаќање значи дополнително неосновано оптеретување на буџетот. Евидентирани се случаи на нерационалното трошење на средствата од договорниот надоместок на ЈЗУ кои се обезбедени од страна на Фондот, со што ваквото работење резултира со негативни последици врз вкупниот буџет на Фондот.

***Напомена:** Презентираното во рамки на овој Извештај, преставува сумарен преглед и издвојување на покарактеристични нотирани констатации од состојби на финансиското работење на ЈЗУ кои се опфатени со контролата во 2024 година.*

Истите се дел од изготвените Извештаи за финаиското работење на ЈЗУ од страна на финансиските контролори на Фондот, согласно предметот на контрола.

I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

II. Цел на финансиската контрола



Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето и наменското трошење на средствата на ЈЗУ.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата во 2024 година, ја спроведуваат 15 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

Табела бр. 1: Финансиски контролори во ФЗОРСМ

Организациона единица	број на контролори
Централна служба	2
Скопје	3
Тетово	2
Гостивар	1
Охрид	2
Велес	1
Куманово	1
Берово	1
Кичево	1
Струга	1
Вкупно контролори	**15**

IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои се реализираат согласно годишен план за финансиска контрола и
- контролите со посебна намена, односно вонредните контроли кои се извршуваат по барање на менаџерскиот тим или од Директорот на Сектор за финансиски прашања на Фондот.

Планот на финансиски контроли во 2024 година предвидуваше 24 целосни финансиски контроли.
Во текот на 2024 година, согласно усвоениот годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени исто така 24 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 49 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2024 година изнесува 73 контроли.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

Табела бр. 2 Изршени финансиски контроли во 2024 година (редовни и наменски контроли)

Ред. бр.	Вид на контрола	број на извршени контроли
1	**Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли**	**24**
1.1	*Целосни финансиски контроли на ЈЗУ*	*24*
2	**Наменски контроли**	**49**
2.1	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ Клиничка болница - Штип*	*1*
2.2	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ - Скопје*	*1*
2.3	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ УК за рематологија за 2023 година - Скопје*	*1*
2.4	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ Општа болница - Кочани*	*1*
2.5	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за уво, нос и грло - Скопје*	*1*
2.6	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ Клиничка болница - Тетово*	*1*
2.7	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК радиодијагностика и онкологија – Скопје, Прв квартал 2024 година*	*1*
2.8	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ УК за рематологија за Прв квартал 2024 година - Скопје*	*1*

2.9	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ УК за хематологија за Прв квартал 2024 година - Скопје*	*1*
2.10	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет 2023 година во ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија за Прв квартал 2024 година - Скопје*	*1*
2.11	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за неврологија - Скопје*	*1*
2.12	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за уво, нос и грло – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.13	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за очни блести – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.14	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за психијатрија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.15	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за неврохирургија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.16	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ ГОБ 8 ми Септември – Скопје*	*1*
2.17	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за нефрологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.18	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.19	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за детски болести – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.20	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.21	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.22	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за хематологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*

2.23	*Вонредна финансиска контрола условен буџет за 2024 година во ЈЗУ торакална и васкуларна хирургија – Скопје*	*1*
2.24	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за ревматологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.25	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ Институт за трансфузиологија – Скопје, Втор квартал 2024 година*	*1*
2.26	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет на набавката на лекови од негативна листа на лекови, плаќањето и извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (условен буџет) во УК за хематологија – Скопје за 2024 година*	*1*
2.27	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија – Скопје, Трет квартал 2024 година*	*1*
2.28	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство – Скопје, Трет квартал 2024 година*	*1*
2.29	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за неврологија – Скопје*	*1*
2.30	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за уво, нос и грло – Скопје, Трет квартал 2024 година*	*1*
2.31	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за неврохирургија – Скопје, Трет квартал 2024 година*	*1*
2.32	*Вонредна финансиска контрола на условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ – Скопје, Трет квар*	*1*
2.33	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ ГОБ 8 ми Септември – Скопје, Трет квартал*	*1*
2.34	*Вонредна финансиска контрола на извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (услувен биџет) во ЈЗУ УК за дерматлогија – Скопје, Трет квартал 2024 година*	*1*
2.35	*Вонредна финансиска контрола на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство – Скопје, Четврт квартал 2024 година*	*1*
2.36	*Вонредна финансиска контрола на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ Институт за трансфузиологија – Скопје, Четврт квартал 2024 година*	*1*
2.37	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за ендокринологија – Скопје, предмет на контрола исплата на патните трошоци на*	*1*

	Директорот А.М., вработувања на лица со договор на дело и реализирање на склучен договор за јавна набавка со фирмата Макмонт ДООЕЛ Скопје	
2.38	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Институтот за јавно здравје – Скопје, предмет на контрола постапли за јавни набавки*	*1*
2.39	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом – Кратово, Предмет на контрола финансиското работење на установата со посебен осврт на контрола на пресметка на плати за 2022 и 2023 година*	*1*
2.40	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Клиничка болница Штип, предмет на контрола е исплата на приватни специајлизанти, дали и колку болницата им го исплаќа одобрениот износ од Фондот за времетрање на нивната специјализација во 2023 и 2024 година*	*1*
2.41	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Општа болница Охрид, предмет на контрола е пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Општа болница – Охрид за периодот Јануари до месец Мај 2024 година за лицето Г.Б. лекар специјалист по урологија и работата на финансискиот раководител Е.Ј, а по доставен Поднесок од група вработени во ЈЗУ Општа болница – Охрид*	*1*
2.42	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Клиничка болница Тетово, предмет на контрола е на начинот на пресметка на плата на медицинскиот и организацискиот директор*	*1*
2.43	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за хематологија Скопје, предмет на контрола е исплатени плати на вработените во 2023 и 2024 година и на евиденција на мебел во канцеларија на директорот во 2024 година*	*1*
2.44	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за респираторни заболувања кај децата Козле, Скопје, предмет на контрола е по доставено барање на ЈЗУ*	*1*
2.45	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за психијатрија Скопје, контролата е извршена по барање на Државна комисија за спречување на корупција*	*1*
2.46	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за кардиохирургија Скопје предмет на контрола е постапка за јавна набавка за вграден материјал*	*1*
2.47	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ во Општа болница со проширена дејност Прилеп предмет на контрола е е по доставено барање на ЈЗУ*	*1*
2.48	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Клиничка болница Битола предмет на контрола е контрола на платите на вработените кои се стекнале со повисок степен на образование, додатоци на плата и унапредување, во период од 01.01.2024 ди 30.11.2024 година*	*1*
2.49	*Вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Општа болница Куманово предмет на контрола е контрола на дежурствата на вработената С.З. на работно место директор во ЈЗУ Општа болница Куманово, во период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, по барање на СВР Куманово*	*1*
	Вкупно финансиски контроли	**73**

Споредбено со 2023 година, бројот на реализирани контроли по видови, во истиот период во 2024 година е прикажано во следната табела:

Табела бр. 3 Видови на финансиски контроли во 2023 и 2024 година

Ред. бр.	Вид на контрола	број на извршени финансиски контроли во 2023 г.	број на извршени финансиски контроли во 2024 г.
1.	Контроли согласно годишен план за целосни финансиски контроли	24	24
2.	Наменски контроли	40	49
	Вкупно финансиски контроли	***64***	***73***

V. Реализација по видови на контроли

1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ.
Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- вработени и привремено ангажирани лица во ЈЗУ
- начин на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ

Во рамките на извршените 24 контроли, во текот на 2024 година, контролирани се:

Табела бр. 4 Контролирани ЈЗУ во 2024 година

Вид на ЈЗУ	број на контролирани ЈЗУ во 2024 г.
Универзитетски клиники и универзитетски институти	**6**
Клинички, општи болници и специјални болници	**6**
Здравствени домови и поликлиники	**9**
Институти, заводи и центри за јавно здравје	**3**
Вкупно:	**24**

Од вкупно контролирани 24 (дваесет и четири) ЈЗУ утврдено е дека на 31.12.2023 година во 7 (седум) ЈЗУ нема долгови. Кај 6 (шест) ЈЗУ долговите на 31.12.2023 година, споредбено со 31.12.2022 година се зголемиле, а кај 11 (единаесет) ЈЗУ во истиот период долговите се намалиле.

- *зголемување на долговите на 31.12.2023 година, споредбено со 31.12.2022 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
  - Универзитетска клиника за по хирушки болести Св.Наум Охридски – Скопје
  - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје
  - Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје
  - Здравствен дом - Берово
  - Здравствен дом - Скопје

- *намалување на долговите на 31.12.2023 година споредбено со 31.12.2022 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - Гратска општа болница ,,8-ми Септември“- Скопје
  - Клиничка боница – Битола
  - Клиничка боница – Штип
  - Психијатриска болница – Скопје
  - Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби – Скопје
  - Универзитетска клиника за неврологија - Скопје
  - Здравствен дом - Радовиш
  - Здравствен дом – Неготино
  - Здравствен дом - Тетово
  - Здравствен дом - Куманово
  - Општа болница - Куманово

- *евидентирано е дека на 31.12.2023 година нема долгови кај следниве ЈЗУ:*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - Центар за јавно здравје – Штип
  - Центар за јавно здравје – Струмица
  - Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје
  - Здравствен дом - Ростуше
  - Здравствен дом – Виница
  - Здравствен дом – Железничар

Во текот на 2023 година, 4 (четири) ЈЗУ реализирале над 90% од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, 3 (три) ЈЗУ реализирала износ над 80%, 2 (две) над 70%, 1 (една) ЈЗУ реализирала над 50% од побарувања од МЗ и 11 (единаесет) ЈЗУ реализирале 50% и под 50% од од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ. 3 (три) ЈЗУ немаат евидентирано реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ во 2023 година.

- *над 90 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби – Скопје
  - Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје
  - Здравствен дом - Скопје

- *над 80 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Психијатриска болница – Скопје
  - Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје
  - Општа болница – Куманово

- *над 70 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Центар за јавно здравје – Штип
  - Клиничка боница – Штип

- *над 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Универзитетска клиника за неврологија - Скопје

- *50 % и под 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Струмица
  - Гратска општа болница ,,8-ми Септември“- Скопје
  - Клиничка боница – Битола
  - Универзитетска клиника за по хирушки болести Св.Наум Охридски – Скопје
  - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Радовиш
  - Здравствен дом - Берово
  - Здравствен дом - Неготино
  - Здравствен дом – Тетово
  - Здравствен дом - Куманово

Здравствен дом Ротуше, Здравствен дом Виница и Здравствен дом Железничар немаат евидентирано реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ во 2023 година.

Во 11 (единаесет) од контролираните 24 (дваесет и четири) ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2023 година се движи над 90%, во 9 (девет) ЈЗУ над 80%, во 2 (две) ЈЗУ е над 70%, и кај 1 (една) ЈЗУ под 50%. Во 1 (една) ЈЗУ, нема доставено податок до финансиската контрола.

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2023 година над 90 % е евидентиран во:*
  - Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
  - Клиничка боница - Битола
  - Клиничка боница - Штип
  - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје
  - Универзитетска клиника за токсикологија - Скопје

- Здравствен дом - Берово
- Општа болница - Куманово
- Здравствен дом – Тетово
- Здравствен дом – Куманово
- Здравствен дом – Ростуше
- Здравствен дом – Скопје

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2023 година над 80 % е евидентиран во:*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - Центар за јавно здравје - Струмица
  - Гратска општа болница ,,8-ми Септември"- Скопје
  - Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје
  - Универзитетска клиника за неврологија - Скопје
  - Здравствен дом – Неготино
  - Здравствен дом - Радовиш
  - Здравствен дом – Виница
  - Здравствен дом - Железничар

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2023 година над 70 % е евидентиран во:*
  - Универзитетска клиника за по хирушки болести Св.Наум Охридски – Скопје
  - Центар за јавно здравје –Штип

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година под 50 % е евидентиран во:*
  - Психијатриска болница – Скопје

(*прилог табели на страна 25-27)*

При извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во текот на 2023 година, кај 12 (дванаесет) ЈЗУ се евидентирани неправилности во благајничкото работење и дадени се 21 (дваесет и една) препораки за нивно надминување и тоа во следните ЈЗУ:

- Гратска општа болница ,,8-ми Септември"- Скопје (1 препорака)
- Клиничка боница - Битола (1 препорака)
- Клиничка боница - Штип (2 препораки)
- Психијатриска болница – Скопје (1 препорака)
- Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби – Скопје (3 препораки)
- Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје (3 препораки)
- Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје (1 препорака)
- Здравствениот дом - Берово (1 препорака)
- Здравствениот дом - Ростуше (1 препорака)
- Здравствениот дом - Скопје (3 препораки)
- Здравствениот дом - Тетово (2 препораки)
- Здравствениот дом - Куманово (2 препораки)

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

Од извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во 2024 година, кај 15 (петнаесет) ЈЗУ се утврдени неправилности во делот на контролата на спроведувањето на постапките за јавни набавки, по случаен избор и дадени се 48 (четириесет и осум) препораки за нивно надминување, и тоа во следните ЈЗУ:

- Гратска општа болница ,,8-ми Септември"- Скопје (5 препораки)
- Клиничка боница - Битола (2 препораки)
- Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје (1 препорака)
- Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје (1 препорака)
- Здравствен дом – Неготино (4 препораки)
- Здравствениот дом - Ростуше (6 препораки)
- Здравствен дом – Скопје (2 препораки)
- Универзитетска клиника за по хирушки болести Св.Наум Охридски – Скопје (1 препорака)
- Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби – Скопје (5 препораки)
- Здравствен дом – Куманово (9 препораки)
- Здравствен дом – Железничар (2 препораки)
- Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје (1 препорака)
- Центар за јавно здравје – Штип (2 препораки)
- Психијатриска болница – Скопје (5 препораки)
- Универзитетска клиника за неврологија – Скопје (2 препораки)

Од извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во 2024 година, финансиските контролори евидентирале 302 (триста и два) препораки, и тоа: на 6 (шест) ЈЗУ се дадени над 15 препораки, на 6 (шест) ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 15 препораки и кај 12 (единаесет) ЈЗУ бројот на нотирани препораки е помалку од 10.

- *над 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Здравствен дом - Ростуше (46 препораки)
  - Клиничка болница - Битола (30 препораки)
  - Општа болница - Куманово (19 препораки)
  - Здравствен дом - Берово (18 препораки)
  - Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје (16 препораки)
  - Здравствен дом - Железничар (16 препораки)

- *помеѓу 10* (десет) *и 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Здравствен дом - Виница (15 препораки)
  - Гратска општа болница ,,8-ми Септември" - Скопје (13 препораки)
  - Здравствен дом - Тетово (12 препораки)
  - Здравствен дом - Скопје (11 препораки)
  - Здравствен дом - Неготино (11 препораки)
  - Клиничка болница - Штип (10 препораки)

- *помалку од 10 (десет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје (6 препораки)
  - Центер за јавно здравје - Куманово (5 препораки)
  - Центер за јавно здравје - Штип (8 препораки)
  - Центер за јавно здравје - Струмица (6 препораки)
  - Психијатриска болница - Скопје (9 препораки)
  - Универзитетска клиника за хируршки болести Св. Наум - Скопје (9 препораки)
  - Здравствен дом - Кумаоово (9 препораки)
  - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (6 препораки)
  - Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје (6 препораки)
  - Универзитетска клиника за неврологија - Скопје (8 препораки)
  - Универзитетска клиника за токсикологија - Скопје (9 препораки)
  - Здравствен дом – Радовиш (4 препораки)

*Од контролираните 24 (дваесет и четири) ЈЗУ само во 2 (две) ЈЗУ се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосна финанасиска контроли, (*Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје и Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје *). Во 10 (десет) ЈЗУ се исполнети над 50% од препораки од претходните целосни финансиски контроли, во 4 (четири) ЈЗУ се исполнети 50 % од препораките, а во 4 (четири) ЈЗУ под 50%. Во 3 (три) ЈЗУ од* од претходните целосни финанасиски контроли имало по една дадена препорака, но истите не ја исполниле.

- *исполнети препораки над 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Клиничка боница – Штип
  - Психијатриска болница – Скопје
  - Универзитетска клиника за неврологија – Скопје
  - Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје
  - Здравствен дом – Радовиш
  - Здравствен дом – Берово
  - Здравствен дом – Скопје
  - Здравствен дом – Тетово
  - Здравствен дом – Виница
  - Општа болница - Куманово

- *исполнети 50 % од препораки е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Здравствен дом – Железничар
  - Здравствениот дом – Ростуше
  - Здравствениот дом – Куманово
  - Гратска опошта болница ,,8-ми Септември“- Скопје

- *исполнети препораки под 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Клиничка болница – Битола
  - Универзитетска клиника за хируршки болести Св. Наум – Скопје
  - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје
  - Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје

ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово, Штип и Струмица имаат само по една дадена препорака од претходните целосна финанасиска контроли и истите не ги исполниле.

Во Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје и Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосни финанасиски контроли. Додека во Здравствениот дом – Неготино од претходната финансиска контрола немало препораки.

Од вкупно извршени 24 финансиските контроли во 2024 година, во 22 ЈЗУ се констатирани неправилности при контролата на пресметка и исплата на плата и додатоците на плата и тоа:

- **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје**

- Во контролираната пресметка на главна медицинска сестра во ЈЗУ е применет вкупен коефициент 3,813 и се пресметани и додаток за приправност без остварен повик и ангажирање и додаток за прекувремена работа. Во Колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

- За времето поминато на службен пат, за период од 8:00 до 22:30 часот, на вработениот му е пресметан додаток на плата за прекувремена работа во траење од 7 часа. За патувањето не е пресметана и исплатена дневница за службен пат.

- Во исплатната листа за плата, додатокот за приправност без остварен повик и ангажирање (во пресметката со опис - готовност), вредноста е искажана додека времето (бројот на часови) не е наведен.

- За дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), на работникот му се плаќа додаток на плата за работа во дежурство за 8 часа од 24 часовно работење. Според Колективниот договор за здравствена дејност и толкувањето на истиот од страна на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, во делот на пресметка и исплата на плата на часовите исплатени за дежурство за викенд (сабота и недела) за доктор специјалист е наведено дека:
  "За дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), на работникот му се плаќа додаток на плата за работа на дежурство за 16 часа од 24 часовно работење".

- **ЈЗУ ГОБ-8 ми Септември – Скопје**

- ЈЗУ ГОБ-8 ми Септември нема изготвено решение за исплата на плата на вработените при промена односно изменување и дополнување на Поединечниот Колективен Договор.

- ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември на главната медицинска сестра на ЈЗУ покрај вкупниот коефициент на сложеност и доделува и пресметува коефициент за раководење 0,39. Согласно Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Градска Општа Болница ,,8-ми Септември"- Скопје бр-03-1722/1 од 12.05.2023 година, во член 3 став 1 е наведено: „Во член 31 став (1) алинеа 3 бројот „3,600" се заменува со бројот „3,813", и согласно Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Градска Општа Болница,,8-ми Септември"- Скопје бр. 04-686/2 од 14.02.2020 година, во член 4 став 1 е наведено: „На директорот

и главната медицинска саестра во ЈЗУ ГОБ ,,8-ми Септември“- Скопје, им се утврдува плата во вкупен коефициент кој ќе се применува поочнувајќи со исплата на платите од месец февруари 2020 година и тоа:

Директор, здравствен работник без специјализација и здравствен соработник 7,374,

Директор, здравствен работник сп специјализација 7,726 и

Главна медицинска сестра 3,400.

Во Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Градска Општа Болница ,,8-ми Сеептември“- Скопје бр-03-2269/1 од 04.08.2021 година во член 3 став 1 стои: Во член 31 став 1 во алинеја 3 бројот „3,40“ се менува со бројот „3,600“.

- **Клиничка болница - Битола**

- При секоја промена во Колективниот договор во делот за плати ЈЗУ не изготвува нови решенија/анекси на договори, поради што коефициентите на сложеност во потпишаните Договори на вработените и пресметките за плата не се исти.

- Во контролираните пресметки е применет коефициент за раководење 0,18 за здравствен работник и процентот за услови за работа за административен работник 1,2%. Контролата посочила ЈЗУ да ја провери усогласеноста и исправноста на утврдениот коефициентотот за раководење 0,18 за здравствен работник и процентот за услови за работа за административен работник е 1,2% во пресметките за плата со утврдените во Колективниот договор за здравствена дејност. Во Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, во член 74 не постои (нема утврдено) додаток на плата по основ на раководење во износ 0,18 за здравствен работник. Во Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, во член 63, процентот 1,2% за услови за работа потешки од нормалните се однесува на работа со вода.

- Во контролираната пресметка за главна медицинска сестра во ЈЗУ Клиничка болница Битола е применет вкупен коефициент на сложеност од 3,813 и има исплата на додатоци на плата по основ на ноќна работа, работа во недела и празник, сменска работа. Во Колективниот договор е наведено “На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент”.

- Констатирана е исплата на дежурства од 96% на немедицински кадар, што е спротивно на одредбите во Колективниот договор за здравствена дејност.

- Констатирана е исплата на надоместоци по основ на посебни услови за работа на немедицинскиот кадар што е спротивно на одредбите во Колективниот догоовор за здравствена дејност..

- Констатирана е неусогласеност на надоместоците за посебни услови за работа за медицинскиот кадар со Колективниот договор за здравствена дејност, односно надоместокот за посебни услови за работа за немедицински кадар (административни службеници) не е во согласност со член 63, од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.

- За исплатената активна и пасивна приправност во ЈЗУ КБ Битола не се изготвува распоред на вработени кои би биле ангажирани по овој основ.

- Бонус плати се исплатени и за вработени кои се ангажирани со Спогодби во други ЈЗУ. Согласно член 221 став (1) од Законот за здравствена заштита за времето кога вработениот треба да биде на работа во јавната здравствена установа во која здравствениот работник е во работен однос, а извршува работи во друга јавна здравствена установа, јавната здравствена установа во која здравствениот работник е во работен однос, не исплатува плата. Со пропуштената контрола на евиденцијата на работното време во ЈЗУ КБ Битола и работното време поминато во други ЈЗУ постои ризик од неоснованост на исплатата на бонус плати кај некои вработени. Во ЈЗУ не се води електронска евиденцијата за работно време што е основа за пресметка на плата и надоместоци за плата, со што не почитуван член 116 став 7 од Законот за работни односи.

- Исплатени се значителни износи на прекувремени часови за кои се води евиденција спротивно на член 117 од Законот за работни односи односно рачната евиденција од страна на одговорните по одделенија се предава на потпис за исплата кај директорот на крајот од месецот, без претходно донесена одлука од страна на одговорните лица. За воведувањето на прекувремената работа не е доставено известување до трудов инспекторат.

➢ **ЈЗУ Клиничка болница - Штип**

- Во решението и во пресметката за плата на главна медицинска сестра на ЈЗУ покрај определен коефициент 3,023 кој во анексот на Колективниот договор за здравствена дејност е евидентиран како занимање од VII група на сложеност – здравствени работници со високо стручно образование и минат труд има доделен додаток за услови за работа во износ од (0,8 %), додаток по основ на раководење во коефициент (0,18), додаток без остварен повик и ангажирање (8%) и додаток за остварен повик и ангажирање (113%).
  Во Колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

- Здравствената установа извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, а на контролата не и беше дадена на увид Согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.

- На вработените административни службеници се пресметува и исплаќа плата согласно Законот за административни службеници по член 85, 86, 87 и 88 од истиот закон. Платата на административен службеник се состои од две компоненти и тоа основна компонента и исклучителна компонента. Основната компонента на плата ја сочинува минимална плата, дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж. Бодовите изразени како основна компонента за образование и ниво и вредноста на бодот на овие две компоненти ја утврдува Владата на предлог на Министерот за финансии. Исплатата и пресметката на плата за административните работници во ЈЗУ не е по Колективниот договор за здравствена дејност.

➢ **ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" - Скопје**

- Пресметката и исплатата на платите во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" - Скопје се врши согласно член 30 и 31 од Статутот на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, а во врска со член 1 до член 4 одновиот анекс за измени и дополнувања на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ Службен весник на РСМ, бр. 250 од 11.12.2024 година , со примена на исплата на плати од м.11 / 2024 година и **по Колективен договор за утврдување услови потешки од нормалните број**

02-1350 со дата 26.11.2009 година, склучен помеѓу ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" - Скопје и Основната организација на Сојузот на синдикати на Македонија при ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" – Скопје во кој е наведено:

"Како услов потежок од нормалните во член 63 од Колективниот договор за здравствена дејност во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"- Скопје се уврдува критериумот "Опасност". За критериумот "Опасност" како услов потежок од нормалните изразен во проценти изнесува 2,3% и тоа во следните одделенија: Машко одделение за ургентна психијатрија 2,3% и Женско одделение за ургентна психијатрија 2,3% (Кумулација на бодови за одделенијата наведени во член 1 изнесува 4.8 збирно).

На контролата не и се дадени на увид:

1. Овластување за ЈЗУ, од страна на Министерство за здравство, ниту пак
2. Овластување од гранковиот синдикат за синдикатот на ЈЗУ, за потпишување на КД и Анексот, кои ги применува ЈЗУ.

Согласно законот за работни односи, утврдени се „Страните за склучување на колективен договор за јавни установи", како и прецизирани се „Овластувањата за склучување на колективен договор" во следните членови:

„Колективен договор за јавните претпријатија и јавните установи склучуваат основачот или органот кој тој ќе го овласти и репрезентативниот синдикат кај работодавачот. „

„Претставниците на синдикатите и на здруженијата на работодавачите кои учествуваат во преговорите за склучување на колективен договор и кои склучуваат колективен договор, мора да имаат овластување од своите органи".

Времетраење на едно дежурство на доктор од понеделник до петок е од 13 до 07 часот, за кое се пресметува и се исплаќа додаток за дежурство за 12 часа дежурство, плус 8 часа ноќна работа.

- Времетраење на едно дежурство на доктор во викенд е од 07 до 07 часот наредниот ден, за кое се пресметува и се исплаќа додаток за дежурство за 18 часа, плус 8 часа ноќна работа.

Контролата нотира , согласно Колективниот договор за здравствен дејност и толкувањето на истиот во мислењето од Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита како една од страните потписнички на Колективниот договор за здравствена:

- Во дежурство од понеделник до петок, првите 8 часа се редовна работа, за вторите 8 часа работа на рабптникот му следува слободен работен и додаток за работа на дежурство за третите 8 часа од 24 часовното работење.
- За дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), на работникот му се плаќа додаток на плата за работа во дежурство за 16 часа од 24 часовното работење.

- На В.Д. Директорот на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје"– Скопје покрај основната плата, му се пресметува и додаток за услови за работа од 0,184, што е спротивно на Колективниот договор за здравствена дејност каде на директорите во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент.

➢ **УК по хируршки болести „Св.Наум Охридски" – Скопје**

- При пресметувањето на плата на главната медицинска сестра на ЈЗУ се пресметува додаток по основ раководење и додаток за прекувремена работа. Колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген

технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

- При пресметувањето на плата на вработените кои остваруваат додаток за дежурство (времетраење на едно дежурство: од 14.00 до 08.00 часот во работен ден и од 08.00 до 08.00 часот за викенд) не се пресметува додатокот на плата за работа ноќе. Според Колективен договор за здравствена дејност во РМ договор во член 64, стои дека основната плата на работникот по час за работа ноќ (помеѓу 22 часот и 6 часот наредeн ден).

➢ **Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје**

- На Директорот на ЈЗУ, се пресметува додаток на плата „во приправност за време на дежурство" во висина од 84% од саатнината за редовно работно време во работни денови. Во Анексот за измена на колективниот договор Колективен договор овој додаток не е предвиден.

- Кај профилот Доктор на медицина - на специјализација, во пресметката за плата е евидентиран додаток за дежурство но не е пресметуван додатокот на плата за работа ноќе.

➢ **ЈЗУ Инфективни болести и фебрилни состојби Скопје**

- Констатирано е зголемена основната плата на главна медицинска сестра во ЈЗУ, за работа во услови потешки од нормалните.

  Износот на исплатениот додаток на плата „ за работа во услови потешки од нормалните " на главна медицинска сестра изнесува 1.612 денари во бруто износ на месечно ниво.

- Во контролираните пресметки на докторите кои остваруваат додаток за дежурство во работен ден, викенд, не е констатирано истовремено пресметување и исплата на додаток на плата за работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот наредниот ден). Според Колективен договор за здравствена дејност во РМ договор во член 64, стои дека основната плата на работникот по час за работа ноќ (помеѓу 22 часот и 6 часот наредeн ден). Во ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби, работата е организирана во 3 смени. Додаток за сменско работење не се исплаќа.

- Констатирано е зголемување на основната плата на дел од вработените заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. За истото на контролата не и е дадено на увид одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика туку и е даден документ "Согласност за скратување на работно време на работниците кои работат под посебни услови" издадена од Републички комитет за труд - Скопје број 0803-673/84 со дата 24.01.1985 година, со кој на работниците во Медицински факултет ООЗТ Клиника за инфективни болести - Скопје им се дава согласност со самоуправен општ акт да можат да утврдат скратување на работното време. Во Поединечниот колективен договор во точка 2.2. Плата по основа на услови за работа, член 13 е наведено "Основната плата на работникот се зголемува од 2,5 - 4% кога работникот работи во услови потешки од нормалните за соодветното работно место по добиено одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика добиено во постапка утврдена по одредби од Законот за работните односи (и други подзаконски акти) и со начелна одлука за оваа цел.". На контролата и е појаснето дека се преземаат активности за отпочнување постапка за обезбедување на бараната согласност (со проценка на ризик и на други работни места).Зголемувањето на основната плата за работа во услови потешки од нормалните да се врши во согласност потпишаниот колективен договор.

➢ **Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје**

При пресметувањето на плата на вработените кои остваруваат додаток за дежурство (времетраење на едно дежурство: од 14.00 до 08.00 часот во работен ден и од 08.00 до 08.00 часот за викенд) не се пресметува додатокот на плата за работа ноќе. Според Поединечниот Колективен договор на Самостојниот синдикат за универзитетски клиники, центри, клинички болници и други здравствени установи во РМ договор во делот V стои дека основната плата на работникот по час за работа ноќ (помеѓу 22 часот и 6 часот наредeн ден).

- **Универзитетска клиника за неврологија - Скопје**

- Констатирано е зголемување на основната плата на дел од вработените заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. За истото на контролата не и е дадено на увид одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика.

- Зголемена е основната плата на главна медицинска сестра во ЈЗУ, за работа во услови потешки од нормалните, спротивно на Колективниот договор за здравствена дејност. Во Колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

- Констатирано е пресметување и исплата на додаток за дежурство во контролираната пресметка на работник со работно место - транспортер. На контролата и се дадени на увид само согласности за дежурство за доктори и медицински сестри.

- **Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје**

- Здравствената установа извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, помошно здравствен и технички персонал, а на контролата не и беше дадена на увид Согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност за работа со дежурство.

- **Здравствен дом - Радовиш**

- Констатирано е дека пресметување и исплата на надоместок за прекувремена работа, ноќна работа и работа во смени за вработените во ИМП за часови кога биле ангажирани е по стари Решенија за исплата на плата и при исплатите не се применувале измените во делот на Додатоци на плата на Колективниот Договор објавен во Службен Весник од 20 јули 2023 година.

- **Здравствен дом – Берово**

- На главната медицинска сестра на ЈЗУ се пресметуваат и се исплатуваат следниве додатоци: услови за работа во коефициент 0,029 и работа во ИМП 8 % на вкупен број часови во месецот. Додека ноќна работа 50 %, државни празници 150 %, работа во смени 5 %, работа во недела 50 %, прекувремена работа 135 %, прекувремена работа 135 % во ИМП и неостварена приправност 8% на часовите кога била ангажирана, на коефициент 3,663 на главна сестра во Здравствен Дом. На Решението за распоредување на главната медицинска сестра во ЈЗУ во образложение има нагласено"по потреба работи во службата за ИМП и домашно лекување ". Во Колективниот

договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

- **Здравствен дом – Неготино**

Во пресметките за плати на сите вработени програмот за пресметување на плати е изграден со просечен број на часови, кој изнесува 176 во сите месеци во текот на една календарска година. Додатоците на плати согласно Колективниот договор за здравствена дејност во член 65 наведува часови поминати на работа во редовно работно време и саатнина за редовно работно време. Во случајов саатнината не е соодветна на саатнината за секој месец поодделно согласно бројот на работни денови во секој месец од годината.

- **Здравствен дом – Ростуше**

- На В.Д.Директорот – доктор специјалист гинеколог-акушер покрај основната плата, му се пресметува и додаток за:

* раководење од 0,23%,

*услови за работа 4,8% (додаток за повремена изложеност на јонизирачко зрачење-*работа на ЕХО* 2% + работа на село 2% + 0,8% повремена изложеност на инфекции)

*пасивна приправност 8% која е регулирана со Решението за плата, а истата се пресметува на основната плата,

*додаток за обично дежурство во хирургија 114% – иако во ЈЗУ ЗД – Ростуше нема регистрирана таква дејност,

*ноќна работа од 50%.

Согласно Колективниот договор за здравствена дејност на директорите и медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент, затоа пресметката и исплатата на коефициент за раководење не е согласно Колективниот договор за здравствена дејност.

Часовите за дежурството не треба да се пресметуваат од причина што хируршка дејност во ЈЗУ Здравстврн дом – Ростуше не е регистрирана, а исто така не е регистрирана и дежурната служба.

Условите за работа во износ од 4,8% составен од: додаток за повремена изложеност на јонизирачко зрачење-работа на ЕХО 2%, не треба да се пресметуваат од причина што ЈЗУ Здравстврн дом – Ростуше нема регистрирано гинеколошка дејност за прегледи на ЕХО апарат за бременост ,додаток од 2% - работа на село, се пресметува и исплаќа за оние вработени кои од ЈЗУ-то каде е вработен со Решение, се испраќа на работа во село – кое е оддалечено од седиштето на даденота ЈЗУ,додатокот од 0,8% повремена изложеност на инфекции, не треба да се пресметуваат од причина што на директорите и медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент.За пресметка и исплата на прекувремена работа треба да се изготви налог за работа и истиот да се потпише од одговорното лица на ЈЗУ, а за директорот треба да се одобри од претседателот на Управниот Одбор на ЈЗУ. Исто така прекувремената работа треба да се пријави и до Трудовиот инспекторат кој е надлежен за тој регион. Додатокот за прекувремена работа според Општиот КД за здравствена дејност изнесува 129%.

Основаната плата кај одредени вработени се зголемува по основ – прекувремена работа од 135%, за што не е изготвен налог од одговорното лице и за истата работа не е известен Трудовиот инспекторат.

- Кај повеќето вработени при пресметка и исплата на плата се пресметува додаток по основ на услови потешки од нормалните – работа на село од 2%.
  Контролата дала препорака условите за работа потешки од нормалните – работа на село во износ од 2% да се корегираат, затоа што овој додаток од 2% - работа на село, се пресметува и исплаќа за оние вработени кои од ЈЗУ-то каде се вработени со Решение, се испраќаат на работа во село – кое е оддалечено од седиштето на даденота ЈЗУ.
- Во пресметките на здравствените работници – доктори им се пресметува надоместок без остварен повик и ангажирање од 8% на основната плата во месецот.
  Истото не е во согласност со Колективниот договор, затоа што додатокот без остварен повик и ангажирање (пасивна приправност) треба да се изготвува врз основа на претходно изготвен месечен распоред и евидентираните часови за пасивна приправност, а не според основната плата на вработениот во месецот.

- Во пресметката на плата кај одговорниот лаборант се јавува коефициент на додаток на плата за раководење и одговорност од 0,13 – одговорна медицинска сестра. При пресметката на плата на Одговорниот лаборант треба да се примени коефициент на додаток на плата за раководење и одговорност од 0,18 – главен медицински лаборант.

➢ **Здравствен дом - Скопје**

- Во контролираните пресметки кај раководители на служби во ЈЗУ Здравствен дом – Скопје применет е коефициент на сложеност кој е утврден во Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на ЈЗУ,,Здравствен дом на Скопје“– Скопје, дел за плати, други права по основ на плата, надоместоци на плата и други примања на работниците од 07.06.2023 година. Истиот е потпишан од Претседател на Управен одбор на ЈЗУ ,,Здравствен дом на Скопје“ – Скопје и Советот на репрезантативниот синдикат при ЈЗУ ,,Здравствен дом на Скопје“ – Скопје.

➢ **Здравствен дом – Тетово**

- Кај лекарот специјалист раководител во исплатната листа за раководење е пресметан коефициент за раководење 0,45, а во решение утврден е 0,49.

- При исплатата на додатоците на плата за медицинските работници од биохемиска лабораторија покрај отежнати услови пресметан е и коефициент за повремена изложеност на инфекци, се пресметани и прикажани заеднички во исплатна листа. ЈЗУ додатоците за плата треба да ги пресметува и прикажува одделно за секој додаток.

➢ **Здравствен дом – Виница**

- На главната медицинска сестра на ЈЗУ се пресметувани и се исплатени следниве додатоци: услови за работа од 0,8 % на вкупниот број часови во месецот, а прекувремена работа 129 % и остварена приправност 113 % на часовите кога била ангажирана. Во Колективниот договор е наведено “На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген

технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

На сите вработени административни службеници се пресметувани и исплатени додатоци на плата како услови за работа од 0,8 % на вкупниот број часови во месецот. За додатокот 0,8 % установата треба да има Решение од Министерство за труд и социјална политика за зголемување на „Основната плата на работникот од 0,8-4,00% кога работникот работи во услови потешки од нормалните за соодветно работно место изразено во проценти.

- На директорот на установата се пресметувани и исплатени додатоци на плата како услови за работа од 0,8 % на вкупниот број часови во месецот, што е спротивно на Колективниот договор за здравствена дејност каде на директорите во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент.

➢ **Општа болница Куманово**

- Констатирана е исплата на додаток за дежурство на медицинска сестра (јули 2023 година). За дежурствата на медицинските сестри не е обезбедена согласност од Министерство за здравство.

- Во ЈЗУ Општа болница Куманово, во контролираниот период, нема организација на работа во три смени, има во две смени, од 07-19 и од 19-07 часот. Не се исплаќа додаток за сменско работење.

- Во месец јуни 2023 година констатирана е пресметка на дежурство на доктор, иако во доставениот на увид распоред на дежурства за тој ден (истиот не е предвиден за дежурство).

➢ **Здравствен дом Куманово**

При контрола на платите е утврдено дека решението за утврдување на месечна бруто плата на директор во установата е потпишано од самиот директор.

➢ **Здравствен дом Железничар**

- Кај директорот на ЈЗУ констатирано е пресметување и исплата на додаток за повремена изложеност на инфекции од 0,8%. Додатокот за повремена изложеност на инфекции е наведен и во решението за плата. Согласно Колективниот договор за здравствена дејност коефициентот на сложеност за директорите во ЈЗУ е вкупен коефициент.

- Кај лекарот на специјализација е пресметан и исплатен коефициент за раководење од 0,200. Коефициентот за раководење не е содржан во решението за плата, а е пресметан и исплатен според исплатната листа.

- Пресметката на плата во делот за ефективна работа не ги прикажува точно податоците за плата.

➢ **Клиничка болница Битола**

- При секоја промена во Колективниот договор во делот за плати ЈЗУ не изготвува нови решениа/Анекси на договори, поради што коефициентите на сложеност во потпишаните Договори на вработените и пресметките за плата не се исти.
- Во контролираните пресметки не е применет коефициенит **кои се** усогласени со утврдениот коефициентотот за раководење во Колективниот договор за здравствена дејност.

- Во контролираната пресметка за главна медицинска сестра во ЈЗУ е применет вкупен коефициент на сложеност од 3,813 и има исплата на додатоци на плата по основ на ноќна работа, работа во недела и празник, сменска работа, што не е во согласност Колективниот договор за здравствена дејност, каде коефициентот на сложеност главна медицинска сестра е вкупен коефициент.
- Констатирана е исплата на дежурства од 96% и надоместоци по основ на посебни услови за работа на немедицински кадар што не се врши согласно Колективен договор за здравствена дејност.
- За исплатената активна и пасивна приправност во ЈЗУ не се изготвува распоред на вработени кои би биле ангажирани по овој основ.

2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

Во периодот 01.01.2024 - 31.12.2024 година се извршени 49 наменските контроли се презентирани во табела 2 од Извештајот.

Истите се однесуваат на квартални контроли на условните буџети на ЈЗУ, вонредни финансиски контроли, контрола исплата на патните трошоци, постапки за јавни набавки, пресметка и исплата на плати и додатоци на плати, исплата на приватни специајлизанти, контрола по барање на Државна комисија за спречување на корупција и друго.

VI. Заклучок

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2024 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- ❖ Увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност.

- ❖ Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.

Прилог 1: Табеларен преглед од
целосните финансиски контроли на ЈЗУ

1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2022 и 31.12.2023 година

Ред. бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	долгови на 31.12.2022	долгови на 31.12.2023
1	СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје	2.284.109	3.179.669
2	Центар за јавно здравје – Кочани	0	0
3	Центар за јавно здравје – Штип	0	0
4	Центар за јавно здравје – Струмица	0	0
5	ГОБ 8ми Септември – Скопје	359.002.552	111.535.657
6	Клиничка болница - Битола	97.354.087	25.314.899
7	Клиничка болница - Штип	114.007.824	98.548.664
8	Психијатриска болница – Скопје	14.038.244	1.731.991
9	УК по хирушки болести Свети Наум Охридски – Скопје	106.073.052	121.499.758
10	УК за дигестивна хирургија – Скопје	93.356.606	103.980.392
11	УК за инфективни болести и фебрилни состојби-Скопје	24.489.314	53.320
12	УК за кардиологија – Скопје	82.451.096	96.576.918
13	УК за неврологија – Скопје	146.428.420	115.343.444
14	УК за токсикологија – Скопје	0	0
15	Здравствен дом – Радовиш	1.358.347	1.028.399
16	Здравствен дом – Берово	1.796.278	2.243.465
17	Здравствен дом – Неготино	748.338	494.351
18	Здравствен дом – Ростуше	0	0
19	Здравствен дом – Скопје	40.069.177	85.289.349
20	Здравствен дом – Тетово	2.836.155	1.068.120
21	Здравствен дом – Виница	0	0
22	Општа болница – Куманово	175.894.914	125.357.094
23	Здравствен дом - Куманово	1.298.990	545.135
24	Здравствен дом - Железничар	0	0

1.2. Реализација по програми од Министерство за здравство

Ред .бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	Фактурирано до МЗ	Реализирано
1	СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје	154.485	69.453
2	Центар за јавно здравје - Кочани	3.579.115	3.272.465
3	Центар за јавно здравје - Штип	4.900.334	3.476.094
4	Центар за јавно здравје - Струмица	6.507.639	1.145.710
5	ГОБ 8ми Септември - Скопје	31.144.299	10.552.232
6	Клиничка болница - Битола	14.209.590	6.279.794
7	Клиничка болница - Штип	15.317.654	11.109.416
8	Психијатриска болница - Скопје	38.000.111	79.228.635
9	УК по хирушки болести Свети Наум Охридски - Скопје	5.379.162	2.372.951
10	УК за дигестивна хирургија - Скопје	5.395.793	682.133
11	УК за инфективни болести и фебрилни состојби- Скопје	70.858.236	68.699.736
12	УК за кардиологија - Скопје	3.819.008	3.857.208
13	УК за неврологија - Скопје	23.233.230	11.792.950
14	УК за токсикологија - Скопје	35.410	31.180
15	Здравствен дом - Радовиш	1.916.424	214.965
16	Здравствен дом - Берово	117.268	0
17	Здравствен дом - Неготино	4.911.647	190.515
18	Здравствен дом - Ростуше	0	0
19	Здравствен дом - Скопје	3.745.011	4.197.887
20	Здравствен дом - Тетово	4.446.755	2.209.376
21	Здравствен дом - Виница	2.264.731	30.000
22	Општа болница - Куманово	9.850.192	8.074.421
23	Здравствен дом - Куманово	6.507.639	1.145.710
24	Здравствен дом - Железничар	842.753	0

1.3. Степен на пресметена и наплатена партиципација

Ред. бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	Пресмета на во 2023	Наплатена во 2023
1	СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје	3.937.680	3.740.264
2	Центар за јавно здравје – Кочани	3.497.120	2.906.350
3	Центар за јавно здравје – Штип	4.647.520	3.665.890
4	Центар за јавно здравје – Струмица	1.357.650	1.101.030
5	ГОБ 8ми Септември – Скопје	71.492.409	60.088.648
6	Клиничка болница - Битола	38.429.009	36.544.671
7	Клиничка болница - Штип	26.129.328	24.693.766
8	Психијатриска болница – Скопје	13.319.240	2.114.470
9	УК по хирушки болести Свети Наум Охридски – Скопје	29.527.902	20.755.935
10	УК за дигестивна хирургија – Скопје	5.201.750	5.632.610
11	УК за инфективни болести и фебрилни состојби- Скопје	/	4.030.497
12	УК за кардиологија – Скопје	31.072.770	26.302.539
13	УК за неврологија – Скопје	6.387.750	5.696.080
14	УК за токсикологија – Скопје	2.395.410	2.252.413
15	Здравствен дом – Радовиш	2.951.307	2.595.885
16	Здравствен дом – Берово	1.788.042	2.455.688
17	Здравствен дом – Неготино	3.661.770	2.965.025
18	Здравствен дом – Ростуше	47.660	353.689
19	Здравствен дом – Скопје	35.072.408	36.253.725
20	Здравствен дом – Тетово	1.896.761	1.785.780
21	Здравствен дом – Виница	3.302.682	2.897.437
22	Општа болница – Куманово	27.105.771	30.139.862
23	Здравствен дом - Куманово	6.874.751	6.435.927
24	Здравствен дом - Железничар	2.870.070	2.432.605

1.ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – евидентирање на расходите во сметковотствената евиденција кое не е во согласност со Правилник за класификација на расходите и Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници

Имено при контрола на Структурата на конто 426 - Други оперативни расходи на конто 4269908 - Расходи за починат родител се евидентирани исплати на паричен надомест - помош во случај на смрт на потесен член на семејство. Истите треба да се евидентираат на конто 404150.

Препорака: Согласно Правилникот за класификација на расходите и Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници расходите за паричен надомест - помош во случај на смрт на потесен член на семејство, треб да се евидентираат на конто 404150.

2. – неусогласеност во роковите за плаќање во доставените фактури за набавка реализирана со постапка за јавна набавка на стоки со рокот за плаќање во склучениот договор

При контрола на јавни набавки по случаен избор, за медицинско помагало за инконтиненција -пелени за возрасни, при увидот во доставените фактури од економскиот оператор, е наведен валутен рок помал од 90 дена (околу 80 дена), а во склучениот договор плаќањето е во рок од 90 дена и тоа за секоја фактура одделно. Финансиската контролата во Извештајот евидентира дека *во сметководствената евиденција фактурите се прокнижени со валута на плаќање во рок од 90 дена како што е во договорот и истите не се платени пред договорениот рок.*

Препорака: Утврдениот рок на плаќање во фактурата доставена од економскиот оператор треба да соодвествува со рок на плаќање назначен во договорот.

3. – пресметан и исплатен додаток на плата кој не е во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност

При увид во исплатни листи на 10 вработени за месец ноември 2023 година од различни профили, контролата утврдила дека на главна медицинска сестра во ЈЗУ е применет вкупен коефициент 3,813 и се пресметани и додаток за приправност без остварен повик и ангажирање и додаток за прекувремена работа.

При пресметувањето на плата на главната медицинска сестра на ЈЗУ, во месец ноември 2023 година, се пресметува додаток за приправност без остварен повик. Во пресметката не се наведени часовите. Висината на додатокот за приправноста без остварен повик и ангажирање е за времетраење од 176 часа. Од страна на ВД Директор е донесено Решение за определување на работник за спроведување на приправност, во кое ангажиран работник е главната медицинска сестра на ЈЗУ, за која надоместокот за

исплата започнува од месец август 2023 година. Во истото е наведено дека Решението има важност се додека не биде отповикано или додека лицето не биде прераспоредено на друга работна позиција.

Финансиската импликација на наведеното Решението по буџетот на Фондот 4.728 денари во бруто износ на месечно ниво, согласно увидот во исплатната листа за месецот предмет на контрола.

Препорака: Пресметката и исплатата на плата во ЈЗУ треба да биде усогласено и во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност.

4. – пресметан и исплатен додаток на плата за прекувремена работа за време поминато на службен пат

На контролата и е даден на увид налог за службено патување на главната медицинска сестра на ЈЗУ, потпишан од наредбодавач и подносител на сметката, за патување во Сју Рајдер Битола. Во патната сметка е напишано дека работникот бил на службен пат во периодот од 8:00 до 22:30 часот. За патувањето не е пресметана и исплатена дневница за службен пат. При пресметувањето на плата е пресметано 8 часа редовна работа, додаток на плата за прекувремена работа (вкупно 7 часа) и 8 часа додаток за приправност без остварен повик. За патувањето не е пресметана и исплатена дневница за службен пат.
За исти ден во електронскиот „Извештај за присуство/отсуство (детален) “е евидентирано дека на 23.11.2023 година, вработениот бил присутен на работа во периодот од 7:23 часот до 22:40 часот т.е евидентирано е дека 8 часа бил на редовна работа и и 7 часа и 40 минути бил прекувремено на работа.

Финансиската импликација на наведеното Решението по буџетот на Фондот 3.173 денари во бруто износ во исплатна лист за плата за месец ноември 2023 година.

Препорака: Финансиската контрола евидентира препорака да се почитуваат законските одредбите, каде е регулирано под кои услови се пресметуваат додатоци на плата (прекувремена работа) и под кои услови се пресметуваат други примања (службен пат).

5.- во исплатните листи за плата е пресметан и испладен додаток за приправност без остварен повик, но за истото нема евидентирано часови за кој истиот е пресметан и исплатен

Во исплатната листа за плата, има пресметано и исплатено додатокот за приправност без остваренен повик и ангажирање (во пресметката со опис е нотиран како готовност). За овој додаток на плата во исплатната листа не се наведени часовите за кој се пресметува, туку е наведен само износот на истиот.

Препорака: Во исплатната листа, бројот на часови за додаток за приправност без остварен повик и ангажирање (во пресметката со опис - готовност) треба да биде наведен.

6. – исплата на додаток за работа во дежурство за време на викенд

- Од исплатната листа за плата додатокот за работа во дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), е утврдено дека на работникот му се плаќа додаток на плата за работа во дежурство за 8 часа од 24 часовно работење.

Препорака: Контролата нотира, според Дописот на Претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија бр.0302-47/2 од 09.04.2024 година, потпишан од Председателот д-р Љубиша Каранфилоски, во делот на пресметка и исплата на плата на часовите исплатени за дежурство за викенд (сабота и недела) за доктор специјалист е наведено дека:“За

дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), на работникот му се плаќа додаток на плата за работа на дежурство за 16 часа од 24 часовно работење".

- Во контролираната пресметка на главна медицинска сестра во ЈЗУ е применет вкупен коефициент 3,813 и се пресметани и додаток за приправност без остварен повик и ангажирање и додаток за прекувремена работа. Во Колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

- **Препорака:** Пресметувањето на плата на главна медицинска сестра на ЈЗУ да се усогласи со Колективниот договор за здравствена дејност.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **ги исполнила**. Се работи за две препораки кои се однсувале на следново:

1. Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот (вкупен месечен лимит) и
2. Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот (вкупен годишен лимит).

2. ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Кочани, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. *– утврдена разлика во висината на средства во планот за јавни набавки и расположливи средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ*

Висината на средства во Планот за јавни набавки се повисоки од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани за 2020 година во износ од 6.888.720 денари, 2021 година во износ од 11.042.320 денари, 2022 година во износ од 8.369.980 денари, 2023 година во износ од 17.058.670 денари. ЈЗУ нема расположиви средства за реализација на годишните планови за 2020, 2021, 2022 и 2023 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка за негова реализација.

2. *– исплата на надоместок на записничар на управен одбор како надоместок при пресметка и исплата на плата*

Контролата утврдила дека во ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани на лицето административен службеник што ги прима материјалите за Управен одбор за месеците во кои се одржуваат седници на УО, му пресметува и исплаќа додаток на плата во износ од 50% од висината на надоместкот за член на управен одбор.

Финансиската импликација на наведеното по буџетот на Фондот 1.500 денари во нето износ во исплатна лист за плата за месец кога се одржуваат седници на Управен одбор на ЈЗУ.

Препорака: ЈЗУ додатокот на паричениот надоместок на административениот службеник за работа за Управен одбор за месеците во кои се одржуват седници на Управен одбор да го изрази согласно Законот за работни односи, а не како додаток на плата.

3. *- високо салдо на побарувања од корисници на услуги*

При контрола на побарувањата на ЈЗУ, финиските контролори констатиралр дека ЈЗУ има високо салдо на побарувања од корисници на услуги (купувачи во земјата).

Препорака: Финансиските контролори на ЈЗУ и доставиле препорака да преземе мерки за наплата на побарувањата .

4. ***–*** *при наплата на приватни здравствени услуги се издава документ квитанција кој се користи за наплата на партиципација на здравствени услуги на терет на Фондот*

При контролата на пресметан и наплатен износ на партиципација, е утврдено дека во ЈЗУ се наплаќа за приватни здравствени услуги, истите се евидентирани со шифра за приватно, но се издава ист документ – квитанција како и другите плаќања на здравствени услуги.

Препорака: ЈЗУ да изготви посебен документ за наплаќање на приватни здравствени услуги.

5. *– не постои електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по потрошни места*

Од увидот во залихата на лекови и медицински потрошен материјал на ЈЗУ е констатирано дека нема електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија односно мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал .

Препорака: ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија и да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите не ги исполнила. Се работи за една препорака која се однсувале на состојбата со побарувањата, односно и тогаш ЈЗУ имала високо салдо на побарувања од корисници на услуги.

3. ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. *– утврдена разлика во висината на средства во Планот за јавни набавки и расположливи средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ*

Висината на средства во Планот за ЈН се пониски од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ Центар за јавно Здравје Штип за 2020 година во износ од 9.067.372 денари, 2021 година во износ од 4.609.967 денари, а повисоки за 2022 година во износ од 1.218.449 денари и 2023 година во износ од 2.902.532 денари. ЈЗУ има расположиви средства за реализација на годишните планови за 2020 и 2021 година, а нема расположиви средства за реализација на годишните планови за 2022 и 2023 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на Договорот и видот на постапката за јавна набавка за негова реализација.

2. *–евидентирање на расходи кои не се во согласност со Правилникот за класификација на расходите*

При увидот во реализавијата на трошоците на класа 4, финансиската контрола утврдила дека во 2020 година на конто 4269901 - Трошоци за реклама, пропаганда и спонзорства се евидентирани трошоци на износ од 41.012 денари од сопствена сметака за исплата на направена штета од надворешни влијанија. Во 2021 година на конто 4269901 - Трошоци за реклама, пропаганда и спонзорства се евидентирани трошоци на износ од 24.248 денари од сопствена сметака за исплата на направена штета од надворешни влијанија.

Препорака: При евидентирањето на трошоците во сметковотствената евиденција ЈЗУ да постапува согласно Правилникот за класификација на расходите.

3. *- високо салдо на побарувања од корисници на услуги*

При контрола на побарувањата на ЈЗУ, финиските контролори констатирале дека ЈЗУ има високо салдо на побарувања од корисници на услуги (купувачи во земјата).

Препорака: Финансиските контролори на ЈЗУ и доставиле препорака да преземе мерки за наплата на побарувањата.

4. *– во ЈЗУ нема воведено софтвер за разграничување на обврските и долговите*

ЈЗУ нема воведен софтвер за разграничување на обврските и долговите за евиденција на фактури по валута на доспевање.

Препорака: ЈЗУ да воведе/инсталира софтвер за разграничување на обврските и долговите за евиденција на фактури по валута на доспевање.

5. *– ЈЗУ не доставила на увид Решение од Министерство за здравство*

ЈЗУ нема Решение од Министерство за здравство со кое се утврдува дека ЈЗУ ги исполнува условите во однос на простор, опрема и кадар за вршење на дејностите.

Препорака: ЈЗУ треба да обезбеди Решение од Министерство за здравство со кое се утврдува дека ЈЗУ ЦЈЗ Штип ги исполнува условите во однос на простор, опрема и кадар за вршење на дејностите.

6. *- не постои електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по потрошни места*

Од увидот во залихата на лекови и медицински потрошен материјал на ЈЗУ е констатирано дека нема електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија односно мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

Препорака: ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија и да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

7. *- при контрола на постапка за јавна набавка на стоки, ЈЗУ доставила на увид само електронски записник од отварањето на понудите*

При контрола на постапка за јавна набавка на стоки - тестови, регенси и потрошен материјал за апарат Мини видас или еквивалент нема записник од отворање на понуди во хартиена форма.

Препорака: При јавните набавки освен електронски да се обезбедуваат и хартиени примероци бидејќи сите документи од работењето на правните лица треба да се евидентираат во Архивата на правните лица, согласно Законот за архивско работење со соодветни знаци.

8. *- при контрола на постапка за јавна набавка на стоки, е утврдено дека записникот и извештајот не се потпишани од членовите на комисијата*

Во 2020 година за јавната набавка за набавка на стоки - тестови, регенси и потрошен материјал за апарат Мини видас или еквивалент записникот и извештајот не се потпишани од членовите на комисијата.

Препорака: Согласно Законот за архивско материјал и Уредбата за канцелариско и архивско работење, сите документи мора да се потпишани своерачно, во спротивно се сметаат за невалидни.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите не ги исполнила. Се работи за една препорака која се однесувале на состојбата со побарувањата, односно и тогаш ЈЗУ имала високо салдо на побарувања од корисници на услуги.

4. ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1.– утврдена разлика во висината на средства во Планот за јавни набавки и расположливи средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ

Висината на средства во Планот за јавни набавки се пониски од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ Центар за јавно Здравје Струмица за 2020 година во износ од 2.058.796 денари, повисок во 2021 година во износ од 78.440 денари, понизок за 2022 година во износ од 4.998.002 денари и 2023 година во износ од 6.257.189 денари. ЈЗУ има расположиви средства за

реализацијана годишните планови за 2020, 2022 и 2023 година, а нема расположиви средства за реализацијана годишниот план за 2021 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на Договорот и видот на постапката за јавна набавка за негова реализација.

2.- евиденција по Преглед на евидентирани обврски на конто 198 други одложени расходи

ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Струмица нема евиденција по Преглед на евидентирани обврски на конто 198 и платени трошоци на група 4 за 2020, 2021, 2022 и 2023 година, што не ево согласност со Правилникот за класификација на обврски и расходи.

Препорака: Евидентирањето на обврските и расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на обврски и расходи.

3. - *на контролата не и е доставен документ за исплата на надоместок од конто 4259903 - Договор на дело*

При контрола на структура на конто 425 - Договорни услуги, на конто 4259903 - Договор на дело контролата утврдила исплата во износ од 3.000 денари и персонален данок во износ од 333 денари, за кое нема документ за исплата на надоместокот.

Препорака: За секоја исплата ЈЗУ треба да изготвува документ за исплата на надоместок, изработен и одобрен од одговорните лица во установата.

4.- високо салдо на побарувања од корисници на услуги

При контрола на побарувањата на ЈЗУ, финансиските контролори констатирале дека ЈЗУ има високо салдо на побарувања од корисници на услуги (купувачи во земјата).

Препорака: Финансиските контролори на ЈЗУ и доставиле препорака да преземе мерки за наплата на побарувањата .

5.*- не постои електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по потрошни места*

Од увидот во залихата на лекови и медицински потрошен материјал на ЈЗУ е констатирано дека нема електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија односно мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал .

Препорака: ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија и да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

6. - ЈЗУ не води книговодствена евиденција во материјално и финасиско работење на залихите

Контролата утврдила, ЈЗУ не води книговодствена евиденција во материјално и финасиско работење на залихите. Вкупниот износ го евидентира на едно конто 362 – Ситен инвентар во употреба. Установата има

воведен софтвер за материјално работење и материјална евиденција и писмена процедура за прием, тек и издавање на реагенси и медицински потрошен материјал во депото на лекови (болничка аптека). Истите артикли не се поделени во групи и не се класифицирани аналитички согласно контниот план

Препорака: ЈЗУ да воведе книговодствена евиденција во материјално и финансиско работење на залихите. При прием на влезната фактура вкупниот износ во денари да го поделени по групи на артикли (лекови, реагенси, лабараториски материјали, санитетски потошен материјал и слично) и да ги класифицира аналитички согласно контниот план.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила**. Се работи за една препорака која се однесувала на состојбата со побарувањата, **односно и тогаш ЈЗУ имала високо салдо на побарувања од корисници на услуги.**

5. ЈЗУ Градска Општа болница „8-ми Септември“ Скопје

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Градска Општа болница „8-ми Септември“ – Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – приходи од дополнителна дејност

ЈЗУ ГОБ 8 Септември најголемите приходи ги остварува од приватни болнички услуги. Според анализа на конто 723812- приходи од приватни болничи услуги од дополнителна дејност на сметка 532 може да се утврди дека процентот на реализација на болнички услуги во дополнителна дејност изнесува:

-во 2021 година **18.431.747** денари односно 99,9% од вкупните приходи на приватни болнички услуги.

-во 2022 година **34.732.447** денари односно 93,78% од вкупните приходи на приватни болнички услуги.

-во 2023 година **44.810.401** денари односно 95,20% од вкупните приходи на приватни болнички услуги.

Контролата констатира дека ЈЗУ ГОБ 8 Септември најголемите приходи ги остварува од приватни болнички услуги од дополнителна дејност, во споредба со другите редовни болнички услуги кои се помали.

Распределба на средствата од дополнителна дејност се врши во сооднос 60% од средствата за тимот кој ја извршил интервенцијата, а 40% за ЈЗУ. За распределба на средствата од дополнителна дејност што се исплатува за тимот што ја извршил интервенцијата, од страна претседателот на УО е донесена Одлука.

Препорака: Контролата и препорачала на ЈЗУ дека е пожелно да ја анализира финансиската импликација од дадените услуги во дополнителна дејност и истите да ги спореди со нивната Одлука бр.02-155/1 за распределба на средства. Односно, контролата смета дека делот од финансиските средства кои се определени за ЈЗУ треба да се во поголем процент, со цел покривање на трошоците техничко одржување, сервисирање на опремата, тековното одржување на болничките простории, потрошниот материјал за операцијата и др.

2. - ценовник за здравствени услуги за странски пациенти

ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември добила решение од страна на Министерство за здравство бр.17-5729/83 од датум 21.06.2023 година за престанување на важење на согласноста на Ценовникот за здравствени услуги што се даваат на странци во ЈЗУ Градска Општа Болница и за изготвување на нов Ценовник за здравствени услуги. ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември нема изготвен нов Ценовник за здравствени услуги за странски пациенти.

Препорака: ЈЗУ да постапи согласно насоките на Министерство за здравство и да изготвува нов Ценовник и нова Одлука за користење на Ценовникот за здравствени услуги што се даваат на странци.

3. – планираните финансиски средства за тековна година се помали во однос на реализираните расходи

При анализа на планирани и остварени расходи утврдено е дека финансиските планови за 2021, 2022, 2023 година не се усогласувани со барањето за пренамена на средства по одделни конта односно планираните финансиски средства за тековна година се помали во однос на реализираните расходи.

Препорака: Финансиските планови треба да се усогласуваат со барањето за пренамена на средства по одделни конта со трезорот на Фондот за здравствено осигурување. Согласно Статутот на ЈЗУ, член 16, финансискиот план го утврдува Управниот одбор.

4. - евиденција по Преглед на евидентирани обврски на конто 198 други одложени расходи

Според анализа на конто 198 во 2023 година збирниот износ се согласува со конто 220-Обврски спрема добавувачите, но може да се види дека исплатите од конто 464-Разни трансфери и од конто 465-Исплата по извршни решенија и дел од исплатите на конто 426-Други тековни расходи не се евидентирани во аналогното конто 198.

Препорака: ЈЗУ вкупните обврски ги евидентира точно во конто 198, но пожелно гореспоменатите конта да ги прикажува на аналогна субаналитика согласно контниот план за Буџет и Буџетски корисници.

5.- побарувањата на ЈЗУ

При анализа на побарувањата на ЈЗУ, вкупниот износ на побарувањата на ЈЗУ заклучно 31.12.2023 година изнесува 44.990.647 денари. Најголем дел од побарувањата ЈЗУ ги има кон Министерство за здравство 69,22%.

Препорака: ЈЗУ треба континуирано да ги превзема сите законски мерки за намалување на побарувањата по сите основи, не само со испраќање на опомени, туку и со утужување.

6.- благајничко работење

Начинот на набавка кој го спроведува ЈЗУ со авансно подигање на средства и спроведување на постојани набавки во текот на подолг период, околу еден месец, не е согласно принципите за благајничко работење, односно, принципот на ажурност.

Покрај тоа овој начин на набавка со подигање на средства и трошење во подолг временски период преку каса за поголеми количини не е во согласност и со одредбите од Законот за јавни набавки, имајќи во предвид дека за сите погоре спомнати набавки ЈЗУ секоја година спроведува постапки за јавни набавки, а преку благајната на ЈЗУ се набавуваат потребни материјали без притоа да се придржуваат на договорите за јавни набавки.

Препорака: ЈЗУ да се придржува до принципите на благајничкото работење, со редовно подигање на средства со каса исплати и по извршената набавка враќање на средствата со каса прими, придржувајќи се на принципот на ажурност, а притоа да се води сметка за склучените договори за јавни набавки и точното планирање и вклучување на сите потребни материјали за редовното работење и одржување на основните средства.

7. – анализа на јавни набавки: набавки по одделни стоки, услуги и работи чија вредност без ДДВ го надминува дозволениот месечен лимит од 1000 евра во денарска противвредност без ДДВ

- Во ЈЗУ и покрај тоа што врши набавка од мали износи во 2022 година, односно, под вредносните прагови од член 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 57 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник бр 24/2019) претходно има спроведено Постапки и склучено договори за јавни набавки, а во техничките спецификации има видови на стоки кои не ги набавува од економскиот оператор со кој склучил договор, туку ги набавува од друг добавувач (економски оператор). Покрај таквите стоки има и стоки кои не се наведени, односно, предвидени во постапките за јавни набавки.

Препорака: ЈЗУ да се придржува до одредбите од законот за јавни набавки при спроведување на набавките, односно, да набавува од економскиот оператор со кој склучил договор и попрецизно да ги предвидува сите поодделни стоки, услуги и работи кои и се потребни за редовното и навремено работење.

- ЈЗУ врши набавки на стоки (униформи за болничари, медицински сестри и доктори) кои го надминуваат вредносниот праг од 1.000 евра во денарска противвредност согласно член 40 став 1 под точка а), алинеја 1 од Законот за јавни набавки.

Препорака: ЈЗУ за набака на стоки, услуги или работи, кои ги надминуваат вредносните прагови од согласно член 40 од Законот за јавни набавки, во случајов постапка за јавна набвка над 1.000 евра во денарска противредност, да спроведат постапка за јавна набавка согласно член 48 од Законот за јавни набавки.

- Договорот со добавувачот (економски оператор), според член 10 од доворот е склучен на 60 дена, а фактурата е изготвена и примена од ЈЗУ на 30 дена.

Препорака: Лицата задолжени за прием и контрола на фактурите во ЈЗУ да внимаваат на рокот на доспевање на фактурите согласно склученият договор за јавна набавка, а доколку има таква појава да ја вратат фактурата на корекција кај добавувачот.

8. – контрола на пресметка и исплата плата

- ЈЗУ нема изготвено решение за исплата на плата на вработените при промена односно изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор.

Препорака: ЈЗУ после секој Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор да изготвува Решение за исплата на плата со истакнат коефициент за сложеност спрема која му се пресметува основна плата на вработените.

- ЈЗУ на главната медицинска сестра на ЈЗУ покрај вкупниот коефициен на сложеност и доделува и пресметува коефинт за раководење 0,39. Согласно Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Градска Општа Болница ,,8-ми Септември“- Скопје бр-03-1722/1 од 12.05.2023 година, во член 3 став 1 е наведено: „Во член 31 став (1) алинеа 3 бројот „3,600“ се заменува со бројот „3,813“, и согласно Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Градска Општа Болница,,8-ми Септември“- Скопје бр. 04-686/2 од 14.02.2020 година, во член 4 став 1 е наведено:

„На директорот и главната медицинска саестра во ЈЗУ ГОБ,,8-ми Септември“- Скопје, им се утврдува плата во вкупен коефициент кој ќе се применува поочнувакќи со исплата на платите од месец февруари 2020 година и тоа: Директор, здравствен работник без специјализација и здравствен соработник 7,374, Директор, здравствен работник сп специјализација 7,726 и Главна медицинска сестра 3,400.
Во Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ бр-03-2269/1 од 04.08.2021 година во член 3 став 1 стои: Во член 31 став 1 во алинеја 3 бројот „3,40“се менува со бројот „3,600“.

Износот на исплатениот додаток за раководење на главната медицинска сестра изнесува 2.325 денари во бруто износ на месечно ниво.

Препорака: ЈЗУ на главната медицинска сестра на ЈЗУ коефициентот на сложеност да и го усогласи согласно Анекс за измена и дополнување на Поединечниот колективен договор на ЈЗУ бр-03-1722/1 од 12.05.2023 година, како вкупен коефициент без да и утврдува и пресаметува коефициент за раководење од 0,39.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 4 препораки **исполнети се** 2, кои се однесувале на следново:

1. Согласно Правилникот за класификација на расходите:
- трошоците за изнајмување на уреди за печатење/копирање/скенирање треба да се евидентираат на конто 425190 - Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени и трошоците за сервисни услуги за одржување на хигиена треба да се евидентираат на конто 424210 - Одржување на згради.
2. ЈЗУ да воспостави воедначена динамика на плаќањата кон сите добавувачи.

ЈЗУ **не ги исполнила** следниве 2 препораки од претходната целосна финансиска контрола:

1. Финансиските планови треба да се усогласуваат со барањето за пренамена на средства по одделни конта со трезорот на Фондот за здравствено осигурување. Согласно Статутот на ЈЗУ, член 16, финансискиот план го утврдува Управниот одбор.
2. Здравствената установа да бара насоки од Комисија за толкување на колективниот договор при министерство за здравство или друго соодветно тело за пресметување на додаток за раководење на главната сестра.

6. ЈЗУ Клиничка болница Штип

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Клиничка болница Штип, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – евидентирањето на расходите на конто 404 надоместоци не се врши согласно Правилникот за класификација на расходите

При контрпла на група 40 Плати, наемнини и надоместоци, освен плати (401 и 402) се евидентирани и надоместоци (404), при што е констатирано дека во 2021 и 2022 година се евидентирани трошоци на конто 4041505 - Надомест за исплата на боледување подолго од 6 месеци, што не е во согласност со Правилникот за класификација на расходите.

Препорака: Евидентирањето на расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на расходите и истите да бидат прокнижени на соодветно конто 425990.

- контрола на класа 4 трошоци

Од сметковотствената евиденција контролата утврдила дека во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2022 година, по поднесени тужби на вработените за неисплатени додатоци на плата (дежурства и прекувремена работа) од претходниот период,на конто 465 - Исплата по извршни исправи се евидентирани трошоци на износ од 2.423.881 денари за постапки по предмети, камати, адвокати, нотари и судски такси, кои не се однесуваат заради вршење на дејноста. Дел од овој вид на непродуктивните трошоци се евидентирани и на конто 425310 - Правни услуги (за адвокати и извршители), на конто 425320 - Судски вештачења (за материјално сметководствено и финансиско вештачење) и на конто 425360 - Судски такси (за извршители и судски такси по извршни налози).

Препорака: Трошењето на средства кои не се направени заради вршење на дејноста да се сведат на минимум.

3. – сметковотствена евиденција

При увид во сметковотствената евиденција во делот на обврски и долгови увидено е дека во ЈЗУ податоците искажани во сметководствената евиденција за обврските во Бруто билансот соодветствуваат со реалната состојба на вкупните обврски, освен за фактури кои се евидентирани/прокнижени до 10 јануари во тековната година, а се обврски до 31 декември од претходната година.

Препорака: ЈЗУ да продолжи со активностите на ажурирање на евиденцијата на добавувачи, со цел реален приказ на вкупните обврски.

4. – обврски и долгови

ЈЗУ има долгови на 31.12.2020 година, 31.12.2021 година и на 31.12.2022 година, а на сметката нема доволено паричени средства за подмирување на вкупните долгови за секоја година.

Препорака: ЈЗУ на крај на годината да плаќа доспеаните ненадмирени обврски кон добовувачите и со парични средства на сопствена сметка.

5. – благајничко работење

- Благајникот внесувањето на паричните средства од партиципација и приватни услуги на трансакциска сметка на ЈЗУ Клиничка Болница Штип го врши со еден налог ПП 50, т.е. не ги дели на два налози, партиципација и парични средства од приватни здравствени услуги.

Препорака: Благајникот внесувањето на паричните средства од партиципација и приватни услуги на трансакциска сметка на ЈЗУ да го врши со два налози ПП 50 од кои еден за партиципација и еден за приватни услуги.

- Патни сметки за еднодневни службени патувања во земјата кои се исплаќаат преку главна благајна за користење на приватно возило за службени цели кога патуваат повеќе лица е со налог за патување за корисникот на возилото во кое покрај поминати километри пресметани во денари по литар гориво се наведени и останатите лица кој патувале, котизација во висисна од 500 денари поединечно за секој патник. За ваков вид на исплата на налогот за патување установата нема донесено Одлука.

Препорака: Установата за службени патувања во земјата кои се исплаќаат преку главна благајна за користење на приватно возило за службени цели да донесе Одлука од повисок орган**.**

6. - залиха на лекови

• При увидот во залихата на лекови ЈЗУ има електронска евиденција за потрошувачката на лекови и медицински материјали по трошковни места, но нема можност за точна евиденција бидејќи софтверот се уште се надогадува во депото за лекови и по местата на потрошувачка на лекови.

Препорака: ЈЗУ да го воспостави софтверот за ажурна евиденција по места на потрошувачка (болнички одделенија), со цел реален приказ на состојбата со залихите.

• Финансиската контрола утврдила дека ЈЗУ нема обезбедено согласност за набавката на лекови кои не се на позитивната листа за болничко леклување од ФЗОРСМ, согласно ЗЗО член 9 и набавила лекови кои не се на позитивната листа на лекови за болничко лекување.

Препорака: Контролата евидентирала препорака, ЈЗУ треба да обезбеди согласност за набавката на лекови кои не се на позитивната листа за болничко леклување од ФЗОРСМ, согласно ЗЗО член 9.

7. – контрола на плата

• Во решението и во пресметката за плата на главна медицинска сестра на ЈЗУ покрај определен коефициент 3,023 кој во анексот на КД е евидентиран како занимање од VII група на сложеност – здравствени работници со високо стручно образование и мината труд има доделен додаток за услови за работа во износ од (0,8 %), додаток по основ на раководење во коефициент (0,18), додаток без остварен повик и ангажирање (8%) и додаток за остварен повик и ангажирање (113%).

Препорака: Согласно член 3 од Колективниот договор за здравствена дејност на главната медицинска сестра на Универзитетски Клинички Центар, Универзитетски Институти, Универзитетска Клиника, Институт, Болница за нега, болница (општа и специјализирана) и Центар и се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,400 (Службен Весник на РСМ број 1 од 2020 година).

Износот на исплатениот додаток за раководење на главната медицинска сестра изнесува 2.536 денари во бруто износ на месечно ниво.

• Здравствената установа извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, а на контролата не и беше дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.

Препорака: Здравствената установа која извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, да обезбеди Согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.

• На вработените административни службеници се пресметува и исплаќа плата согласно Законот за административни службеници по член 85, 86, 87 и 88 од истиот закон. Платата на административен службеник се состои од две компоненти и тоа основна компонента и исклучителна компонента. Основната компонента на плата ја сочинува минимална плата, дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж. Бодовите изразени како основна компонента за образование и ниво и вредноста на бодот на овие две компоненти ја утврдува Владата на предлог на Министерот за финансии. Исплатата и пресметката на плата за административните работници во ЈЗУ не е по Колективниот договор за здравствена дејност.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 16 препораки **исполнети се** 9, кои се однесувале на следново:

1. На конто 725946 - Приходи од партиципација треба да се евидентираат само приходите од наплатеното учество во цената на здравствените услуги (партиципација), а не и здруги здравствени услуги за кои постојат други приходни конта, согласно Правилникот за класификација на приходите.
2. Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.
3. Службата за правни работи да внимава при изготвувањето на Решенијата, бидејќи од нивната содржина зависат износите кои треба да се исплатат во финансиската служба.

4. Службата за правни работи да внимава при изготвувањето на Решенијата, бидејќи од нивната содржина зависат износите кои треба да се исплатат во финансиската служба.
5. Согласно Правилникот за класификација на расходите трошоците за сервисни услуги за одржување на хигиена треба да се евидентираат на конто 424210 - Одржување на згради, сите трошоците за репрезентација треба да се евидентираат на конто 426210 - Репрезентација.
6. Согласно член 18 од Статутот на ЈЗУ, Управниот одбор одобрува службени патувања во странство и го определува времетраењето на патувањето.
7. Согласно Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници, побарувањата од фактурирани здравствени услуги по програми на Министерството за здравство и по прописи на Министерство на труд и социјална политика и други министерства, треба да се евидентираат на конто 120 - Побарувања од корисниците на буџетот.
8. Во пресметките во кои е евидентирана шифра на ослободување од партиципација по Закон или Пропис, треба во прилог да има валиден документ за ослободување, согласно Упатството од фондот. Согласно Упатството од фондот секоја дејност користи пакети согласно групата на пакети кои се однесуваат за таа дејност.
9. Покрај цената, да се врши контрола и на другите услови наведени во фактурите согласно склучениот договор.

ЈЗУ делумно ги исполнила следниве 6 препораки:

1. Одговорните лица на ЈЗУ КБ - Штип да ги превземат потребните активности за навремена и целосна наплата на побарувањата, согласно Законот за буџети.
2. ЈЗУ да продолжи со активностите на ажурирање на евиденцијата на добавувачи, со цел реален приказ на вкупните обврски.
3. ЈЗУ да воспостави евиденција по места на потрошувачка (болнички одделенија), со цел реален приказ на состојбата со залихите.
4. ЈЗУ треба да внимава, вкупната вредност на набавките под вредносните прагови во тековната година да не го надминува лимитот согласно Законот за јавни набавки.
5. Пресметувањето на плата во здравствената дејност е уредено во Колективниот договор за здравствена дејност на РМ и истиот треба да се почитува.

ЈЗУ не ги исполнила следниве 2 препораки:

1. Здравствената установа која извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, да обезбеди согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.
2. Пресметувањето на плата во здравствената дејност е уредено во Колективниот договор за здравствена дејност на РМ и истиот треба да се почитува.

7. ЈЗУ Психијатриска болница - Скопје

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1.- благајничко работење

Од увидот во благајничко работење наплатените с/ва по наплатни места се внесуваат на трансакциска с/ка од страна на шалтерските работници со изготвени налози за уплата (секое наплатно место посебно изготвува налози за плаќање), а потоа во главната благајна на ЈЗУ се поднесуваат: фискалниот дневен извештај, налогот за плаќање и примероците од наплатените квитанции, а според одговорното лице тоа се прави за заштеда на трошоци, од причина што наплатните места во Влае, Кисела Вода, Центар и Пролет се оддалечени од главната благајна која е во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје.

Препорака: Согласано член 11 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања, целокупниот дневен промет во готово на сите наплатни места треба да се предаде во главната благајна заедно со дневниот фискален извештај и квитанциите за наплатената партиципација, за што им се издава образец Каса-прими, а потоа средствата од страна на главниот благајник се внесуваат на трансакциска сметка на ЈЗУ.

2. - времено ангажирани лица

При контролата на времено ангажираните лица со договор за дело се констатира дека одделни позиции за работни места не се во согласност со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ, со архивски бр.02-93/3 од 09.01.2024 год. издадена од Министерство за информатичко општество и администрација, а исто така и висината на определениот надоместок за одделни ангажирани лица не е во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност (пример: Советник за котлара со месечен нето надоместок од 60.000 денари, Одговорен возач со месечен нето надоместок од 60.000 денари, Главен асистент на директор за технички работи со месечен нето надоместок од 50.000 денари, Советник за економски работи со месечен нето надоместок од 60.000 денари, Советник за правни работи со месечен нето надоместок од 65.000 денари).

Препорака: Склучените Договори за дело за времено ангажирани лица, од страна на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје треба да се усогласат со постојниот Правилник за систематизација на работни места во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје, а висината на надоместокот за одделни работни места да кореспондираат со коефициентите за плата спроред Колективниот договор за здравствена дејност во РСМ.

3. – јавни набавки, од увидот во постаките за јавни набавки, по случаен избор, утврдено е дека:

- Договорниот орган има објавено известување за склучен договор за јавна набавка на ЕСЈН што не е во согласност со законски определениот рок од 10 дена по склучениот договор, заедно со договорот.

Препорака: Договорниот орган е должен да објавува известување за склучен договор во ЕСЈН во рок од десет дена по склучениот договор, заедно со договорот.

- Договорниот орган има објавено известување за реализиран договор во ЕСЈН, но не во рок од десет дена од денот на целосната реализација на договорот односно од завршувањето на важноста на договорот, што не е во согласност член 70 став 8 од ЗЈН.

Препорака: Согласно член 70 став 8 од ЗЈН, договорниот орган објавува известување за реализиран договор во ЕСЈН, но во рок не подолг од (10) десет дена од денот на целосната реализација на договорот односно од завршувањето на важноста на договорот.

- Договорниот орган има објавено поедноставено известување за склучени договори за јавна набавка на ЕСЈН на 12.12.2023 година што не е во согласност со законски определениот рок од 10 дена по склучениот договор (чл.70 ставови 1 и 3) заедно со договорот испратен е и примерок од склучениот договор.

Препорака: Договорниот орган задолжително објавува поедноставено известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот кај набавки во отворена постапка (Согласно член 70 став 1) .Во прилог на известувањето за склучен договор, договорниот орган објавува примерок од склучениот договор(Согласно член 70 став 3).

4. - контрола на плата

- Пресметката и исплатата на платите во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" - Скопје се врши согласно член 30 и 31 од Статутот на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, а во врска со член 1 до член 4 од новиот анекс за измени и дополнувања на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ Службен весник на РСМ, бр. 250 од 11.12.2024 година , со примена на исплата на плати од м.11 / 2024 година и по Колективен договор за утврдување услови потешки од нормалните број 02-1350 со дата 26.11.2009 година, склучен помеѓу ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" - Скопје и Основната организација на Сојузот на синдикати на Македонија при ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" – Скопје во кој е наведено:
"Како услов потежок од нормалните во член 63 од Колективниот договор за здравствена дејност во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"- Скопје се уврдува критериумот "Опасност". За критериумот "Опасност" како услов потежок од нормалните изразен во проценти изнесува 2,3% и тоа во следните одделенија:

  - Машко одделение за ургентна психијатрија 2,3%
  - Женско одделение за ургентна психијатрија 2,3%

Кумулација на бодови за одделенијата наведени во член 1 изнесува 4.8 збирно.

На контролата не и беа дадени на увид:

3. Овластување за ЈЗУ, од страна на Министерство за здравство, ниту пак
4. Овластување од гранковиот синдикат за синдикатот на ЈЗУ, за потпишување на КД и Анексот, кои ги применува ЈЗУ.

Во Законот за работни односи, утврдени се „Страните за склучување на колективен договор за јавни установи", како и прецизирани се „Овластувањата за склучување на колективен договор"во следните членови:

Во член 220 „Колективен договор за јавните претпријатија и јавните здравствени установи склучуваат основачот или органот кој тој ќе го овласти и репрезентативниот синдикат кај работодавачот".

Во член 222 „Претставниците на синдикатите и на здруженијата на работодавачите кои учествуваат во преговорите за склучување на колективен договор и кои склучуваат колективен договор, мора да имаат овластување од своите органи"

Препорака: ЈЗУ да ја преиспита исправноста на примената на Колективниот Договор на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје, во делот за додатоци на плата за работа во услови потешки од нормалните, склучени помеѓу Претседателот на Управен одбор на ЈЗУ и Синдикалната организација на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје.

ЈЗУ да го преиспита почитувањето на членовите 220 и 222 од Законот за работни односи, во кој се утврдени „Страните за склучување на поединечен колективен договор за јавни установи“и „Овластувањата за склучување на колективен договор“.

- ЈЗУ Психијатриска болница Скопје– Скопје го применува Општиот колективен договор за здравствена дејност при што при пресметката и исплатата на платите на вработените доследно истиот се почитува во делот на примена на коефициентите на плата, а додека во делот на пресметката и исплатата на плата на часовите исплатени за дежурство од понеделник до петок и часовите исплатени за дежурство за време викенд (ден сабота и ден недела), за доктор специјалист не се почитува Колективниот договор.
  - Времетраење на едно дежурство на доктор од понеделник до петок е од 13 до 07 часот, за кое се пресметува и се исплаќа додаток за дежурство за 12 часа дежурство, плус 8 часа ноќна работа.
  - Времетраење на едно дежурство на доктор во викенд е од 07 до 07 часот наредниот ден, за кое се пресметува и се исплаќа додаток за дежурство за 18 часа, плус 8 часа ноќна работа
  - Во деновите кога се пресметува дежурство се врши и пресметување на додаток за работење ноќе.
- На контролата и е доставена Одлука за усвојување на методологијата за исплата на дежурствата на лекарите донесена од Управниот одбор на ЈЗО Психијатриска болница Скопје - Скопје заведена под број 02-896 со дата 18.12.2002 година во која во точка 1 е наведено дека “Исплатата за дежурства ќе се реализира по наведениот член односно договорениот број на работни часови (12 часа за работен ден преку неделата и 18 часа за денови на викенд)”.

Препорака: Според Дописот на Претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија- д-р Љубиша Каранфилоски бр.0302-47/2 од 09.04.2024 година во делот на пресметка и исплата на плата на часовите исплатени за дежурство од понеделник до петок и часовите исплатени за дежурство за викенд (сабота и недела за доктор специјалист е констатирано следното:

1.Во дежурството од понеделник до петок, првите 8 часа се редовна работа, за вторите 8 часа работа на работникот му следува слободен ден и додаток за работа на дежурство за третите 8 часа од 24 – часовно работење.

2. За дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), на работникот му се плаќа додаток на плата за работа на дежурство за 16 часа од 24 часовно работење.

3.Часовите поминати на дежурство не се дел од редовното работно време на работникот, туку е посебна форма на ангажирање на работникот согласно Законот за здравствена заштита.

4. За часовите поминати на дежурство не се исплатува додаток за прекувремена работа, затоа што тие часови се посебна форма на ангажирање на работникот и Колективниот договор утврдува начин на регулирање на тие саати со додаток за дежурство.

Пресметката и исплатата на плата на додатоци на плата (,,Опасност” како услов потежок од нормалните изразен во проценти изнесува 2,3%, дежурства во траење од 12 и од 18 часа) кои не се во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност, дополнително го оптеретуваат буџетот на ЈЗУ, а со тоа истото има импликации и врз буџетот на Фондот.

- На В.Д. Директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје покрај основната плата, му се пресметува и додаток за услови за работа од 0,184.

Износот на исплатениот додаток на плата „ додаток за услови за работа “ на директорот на ЈЗУ (правник) во висина од 0,184 , изнесува 2.872 денари во бруто износ на месечно ниво.

Препорака: На В.Д. Директорот на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ Скопје покрај основната плата, му се пресметува и додаток за услови за работа од 0,184, што е спротивно на Колективниот договор за здравствена дејност каде на директорите во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 10 препораки **исполнети се** 8, кои се однесувале на следново:

1. Плаќањето на обврските кон добавувачите да се врши согласно роковите за плаќање утврдени во потпишаните договори.
2. Договорниот орган да ги почитува обврските од законот за јавни набавки што се однесуваат на поседување потврда за положен испит за лице за јавни набавки.
3. Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот.
4. Кај комисијата за јавни набавки, постоењето односно непостоењето судир на интереси се утврдува во моментот на отворањето на понудите, а одговорното лице фактот на постоење или непостоење судир на интереси го утврдува во моментот на потпишување на одлуката за избор, со изјава во која се пополнуваат сите барани полиња.
5. Податоците наведени во огласот треба да бидат соодветни на утврденото во одлуката за јавна набавка и тендерската документација.
6. Да се врши контрола дали цените наведени во потпишаните договори се исти со понудените.
7. Здравствената установа која извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, да обезбеди согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство, во спротивно треба да организира сменска работа и да исплаќа согласно колективниот договор.
8. Податоците во пресметките да се соодветни на утврденото во колективниот договор и да соодветствуваат меѓу себе (износот за минат труд да произлегува од процентот за минат труд).

Имено од 10 препораки **ЈЗУ не исполнила 2**, кои се однесувале на следново:

1. Да се почитуваат утврдените рокови за потпишување на договорите.
2. Контролата е на мислење, доколку најповолната понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган пред донесување на одлука за избор и потпишување договори, треба да направи измена на одлуката за јавна набавка за да се дообезбедат средства потребни за реализација на договорите.

9. <u>ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ Скопје</u>

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата:**

1. – остварени приходи на ЈЗУ по цени утврдени од страна на ЈЗУ, а не од министерот за здравство со посебен акт

- При увид во сметковотствената евиденција на класа 7 приходи На конто 723811 - Приходи од амбулантски здравствени услуги и на конто 723812 - Приходи од приватни болнички пациенти се

евидентирани приходи од здравствени услуги извршени за неосигурени лица, но и за осигуреници на ФЗОМ, кои во моментот на пружањето на здравствената услуга го стекнуваат или губат правото на здравственото осигурување или за кои не е платен придонесот за здравствено осигурување. За извршените здравствени услуги на осигурените лица не се користи референтната цена определена од страна на фондот, туку повисоки цени на здравствени услуги кои се утврдени од страна на ЈЗУ.

Препорака: Финасиската контрола за ова констатација евидентирала препорака, цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство со посебен акт.

За осигуреници на ФЗОМ, кои во моментот на пружањето на здравствената услуга го стекнуваат или губат правото на здравствено осигурување или за кои не е платен придонесот за здравствено осигурување, ЈЗУ треба да ги користи референтните цени во износ утврдени од страна на фондот.

- Во ЈЗУ евидентирано е дека приходите по основ на Спогодби за вршење на здравствени услуги се книжени на две конта 723819 - Приходи од други здравствени услуги и 725939 - Останати неданочни приходи.

Препорака: Приходите да се евидентираат согласно Правилник за класификација на приходи и Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници.

2.– констатирани високи износи на побарувања на ЈЗУ

Во контролираниот период се констатирани високи износи на побарувања. Од страна на ЈЗУ континуирано се испраќаат опомени за наплата на побарувањата, но износот на побарувањата се зголемува, (2020 година 18.867.975 денари, 2021 година 18.557.053, 2022 година 19.636.107 денари и 2023 година 23.020.754 денари).

Препорака: ЈЗУ да изврши анализа на состојбата на побарувањата со посебен осврт на ненаплативите и застарените побарувања, како и да превземе мерки и активности за навремена и целосна наплата на останатите побарувања.

- Побарувањата на дел од корисниците на буџет се евидентирани на конто 1220 - Побарувања од купувачите за здравствени услуги (Министерство за труд, социјална политика и Центри за социјална работа и др.).

Препорака: Побарувањата од фактурирани здравствени услуги на корисниците на буџет (Министерство за труд, социјална политика и др.) треба да се евидентираат на сметка 120 - Побарувања од буџетот.

3.– не е воспоставен систем за реален приказ на потрошокот на набавените лекови и материјали

Во финансовото работење на ЈЗУ (конто 310- Материјали на залихи) не е воспоставен систем за реален приказ на потрошокот на набавените лекови и материјали поради што контролата нема направено детален преглед на набавени и потрошени лекови и медицински материјали за период 2020-2023 година.

- При контрола на залихата на лекови во сметководствената евиденција на ЈЗУ констатирано дека не е воспоставен систем за реален приказ на потрошокот на набавените лекови и медицински материјали.

Препорака: ЈЗУ треба да воспостави систем на редовно и ажурно сметководствено и материјално евидентирање на потрошокот на лековите и медицинските материјали ЈЗУ треба во целост да ја

применува усвоената „Постапка за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залиха на лекови и медицински материјали“од 2020 година со архивски број 05-950/3-2.
Исто така контролата препорачала да се направи усогласување на материјалната и сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот.

- Во евиденцијата од Главен магацин – Аптека, образец Лагер листа (по единечна мерка) констатирано е следново:
  - салдото по единица лек од 31.12.2022 година во количина е пренесено како почетна состојба во 2023 година, но без цена на чинење,
  - вредноста на чинење по единица лек/медицински материјал во периодот 01.01.-31.12.2023 година е идентична и со и без пренесени количини од предходната година и
  - во редносно искажаните салда поединечно по лек и медицински материјал на 31.12.2023 година во одреден број се негативни.

- **Препорака:** ЈЗУ треба да направи усогласување на податоците во лагер листата (материјалниот и финансискиот дел), односно да воспоставен систем за реален приказ на потрошокот на набавените лекови и материјали .

4. – вредноста на набавки без постапка за јавна набавка го надминува законски дозволениот годишен лимит во денарска противвредност без ДДВ

При ивид во јавните набавки на ЈЗУ, по случаен избор, контролата утврдила во 2022 година, ЈЗУ извршила набавки без постапка за јавна набавка, чија вкупна вредност без ДДВ го надминува законски дозволениот годишен лимит во денарска противвредност без ДДВ.

Препорака: Контролата нотита препорака во ЈЗУ да се внимава, вкупниот износ на набавките во тековната година, без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот лимит.

5. – додаток за раководење при пресметка и исплата на плата на главната сестра и додаток за работа ноќе

- При контрола на пресметка на плата на главната медицинска сестра на ЈЗУ контролата утврдила и исплата на додаток по основ раководење и додаток за прекувремена работа.

Препорака: Пресметката на платата на главната медицинска сестра да биде во согласност со коефициент на сложеност на главната медицинска сестра во Колективен договор за здравствена дејност, односно истиот е утрден како вкупен коефициент.

- При пресметувањето на плата на вработените кои остваруваат додаток за дежурство (времетраење на едно дежурство: од 14.00 до 08.00 часот во работен ден и од 08.00 до 08.00 часот за викенд) не се пресметува додатокот на плата за работа ноќе. Според Колективен договор за здравствена дејност во РМ договор во член 64, стои дека основната плата на работникот по час за работа ноќ (помеѓу 22 часот и 6 часот нареден ден).

Препорака: Исплата на плата и додатоци на плата да биде во согласност со Колективен договор за здравствена дејност.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 7 препораки **исполнети се 2**, кои се однесувале на следново:

1. Да се почитуваат содржините на склучените Авторски договори, како и да се превземат мерки и одговорност од страна на менаџерскиот тим за нивното непочитување.
2. Набавките со износи под вредносните прагови, ЈЗУ треба да ги внесува во квартална евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН.

ЈЗУ **не ги исполнила следниве 2** препораки :

1. На конто 723811 - Приходи од амбулантски здравствени услуги и на конто 723812 - Приходи од болнички здравствени услуги се евидентирани приходи од здравствени услуги извршени за неосигурени лица, но и за осигуреници на ФЗОМ, кои во моментот на пружањето на здравствената услуга го стекнуваат или губат правото на здравственото осигурување или за кои не е платен придонесот за здравствено осигурување. За извршените здравствени услуги на осигурените лица не се користи референтната цена во полн износ определена од страна на фондот, туку повисоки цени на здравствени услуги кои се утврдени од страна на ЈЗУ.
Цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство со посебен акт, по претходно прибавено мислење од Фондот (член 47 од 333).

За осигуреници на ФЗОМ, кои во моментот на пружањето на здравствената услуга го стекнуваат или губат правото на здравствено осигурување или за кои не е платен придонесот за здравствено осигурување, ЈЗУ треба да ги користи референтните цени во полн износ утврдени од страна на фондот, а во согласност со Известувањето бр.03-9121/1 од 15.06.2016 година, издадено од ФЗОМ.

2.ЈЗУ да изврши анализа на состојбата на побарувањата, да ги отпише застарените побарувања согласно Законот за облигациони односи, како и да превземе мерки и активности за навремена и целосна наплата на останатите побарувања.
Согласно Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници, побарувањата од фактурирани здравствени услуги по програми на Министерството за здравство и по прописи на Министерство на труд и социјална политика и други министерства треба да се евидентираат на конто 120 - Побарувања од корисниците на буџетот.

За останатите три препораки од претходна целосна финансиска контрола, контолата не се изјаснила.

9.ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – евидентирање на трошоци кое не е во согласност со Правилник за класификација на расходите и Правилник за сметководствен план на буџети и буџетски корисници

- При увид во сметковотствената евиденција на трошоците реализирани во ЈЗУ, констатирано е, на конто 425990900 - Други неспоменати договорни услуги е евидентиран трошок за набавка и монтажа на нова

котелска постројка за производство на технолошка пареа за потребите на Комплекс клиники „Мајка Тереза“– Скопје.

Препорака: Согласно Правилник за класификација на расходите и Правилник за сметководствен план на буџети и буџетски корисници овој трошок се евидентира на конто 480 – Купување на опрема и машини.

- На конто 425990900 - Други неспоменати договорни услуги е евидентиран трошок за објави во службен весник на РМ.

Препорака: Согласно Правилник за класификација на расходите и Правилник за сметководствен план на буџети и буџетски корисници овој трошок се евидентира на конто 426 – Други тековни расходи – Објавување на огласи.

- На конто 426990000 - Други оперативни расходи се евидентирани трошоци по основ на тужби и камати по основ на тужби.

Препорака: Согласно Правилник за класификација на расходите и Правилник за сметководствен план на буџети и буџетски корисници трошоците кои се однесуваат на плаќања по донесени пресуди, се евидентираат на конто 465 - Исплати по извршни исправи (главен долг по извршни исправи, камата по извршни исправи, трошоци по извршни исправи), Правилник за сметководствен план на буџети и буџетски корисници.

2. - високо износ на побарувања и евиденција на истите

- При контрола на побарувањата во ЈЗУ констатирани се високи износи на побарувања, а дел од нив се од постари години, (2020 година 34.266.797 денари, 2021 година 32.167.824 денари, 2023 година 32.541.254 денари и 37.246.704 денари**)**

Препорака: Контролата препорачала, ЈЗУ да изврши анализа на состојбата на побарувања, да ги отпише застарените побарувања согласно Законот за облигациони односи, како и да превземе мерки и активности за навремена и целосна наплата на останатите побарувања.

- Побарувањата од корисниците на буџетот се евидентирани на конто 122090000 - КПД Идризово, Меѓуопштински затвор - Скопје, Центар за социјални работи - Скопје, Министерство за труд и социјална политика, Основен суд Скопје, што не е во согласност со Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници.

Препорака: Согласно Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници Побарувањата од фактурирани здравствени услуги по програми на Министерството за здравство и по прописи на Министерство на труд и социјална политика и други министерства треба да се евидентираат на конто 120 - Побарувања од корисниците на буџетот.

3. – постапка за јавна набавки, во која нема евиденција на рокот на плаќање во доставените фактри

При контрола на јавна набавка на стоки - електроводоводни материјали, материјали за браварија и столарија утврдено е дека во фактури/испратници од економски оператор не е евидентиран рок на плаќање.

Препорака: Контролата препорачува ЈЗУ покрај цената, да се врши контрола и на другите услови наведени во фактурите, согласно склучениот договор.

4. - исплата на додатоци на плата што не е во согласност со Колективниот договор

На директорот на ЈЗУ, се пресметува додаток на плата „во приправност за време на дежурство“ во висина од 84% од саатнината за редовно работно време во работни денови. Во Анексот за измена Колективен договор овој додаток не е предвиден.

Износот на исплатениот додаток на плата „во приправност за време на дежурство“ на директорот на ЈЗУ во висина од 84% , што не е во согласност со Колективен договор, изнесува 62.084 денари во бруто износ на месечно ниво за 108 часа за месец ноември 2023 година, согласно извршениот увид во исплатната листа.

Кај профилот - доктор на медицина во пресметката за плата е евидентиран додаток за дежурство, но не е пресметуван додатокот на плата за работа ноќе.

Препорака: Пресметката и исплатата на додатоци на плата да биде во согласност со Колективен договор и неговите измени.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 7 препораки **исполнети се 2**, кои се однесувале на следново:

1. Податоците кои се евидентирани на порталот на фондот и на пресметките треба да бидат идентични.
2. ЈЗУ треба да ги почитува одредбите од ПКД од 07.02.2019 година, каде е прецизирана пресметката на сатнината на додатоци и надоместоци на плата односно „додатокот за дежурство во редовни работни денови ќе се исплаќа на дежурните доктори за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовни работни денови, а за дежурство во викенд и празник на дежурните доктори ќе им се исплаќаат 16 часа од дежурството со 207% од саатнината за редовни работни денови,,.

ЈЗУ ги исполнила следниве 5 препораки само делумно:

1.ЈЗУ да изврши анализа на состојбата на побарувањата, да ги отпише застарените побарувања согласно Законот за облигациони односи, како и да превземе мерки и активности за навремена и целосна наплата на останатите побарувања.

2. Согласно Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници:

- Побарувањата за извршени сервисни здравствени услуги на осигуреници кои се сместени на болничко лекување во други ЈЗУ Клиники треба да се евидентирани на конто 122 Побарување од купувачи од земјата,
- Побарувањата од фактурирани здравствени услуги по програми на Министерството за здравство и по прописи на Министерство на труд и социјална политика и други министерства треба да се евидентираат на конто 120 - Побарувања од корисниците на буџетот,
- Побарувањата за пресметана, а ненаплатена партиципација од осигуреници на фондот треба да се евидентирани на конто 122 - Побарување од купувачи од земјата**.**

3. Од модулот фактурирање треба да се овозможи одговорните лица да печатат и да доставуваат до сметководство извештај за ненаплатениот износ на партиципација, како и за извршени, а ненаплатени здравствени услуги на пациентите од земјата и странство и тоа по пациент за евиденција и задолжување на лицата.

4. Да се превземат активности за воспоставување на контрола во делот на вршење на сторно на фискалните сметки, со цел да се избегнат евентуалните пропусти и грешки на лицата кои работат со фискалните апарати.

5. Покрај цената, да се врши контрола и на другите услови наведени во фактурите, согласно склучениот договор.

10. <u>ЈЗУ Инфективни болести и фебрилни состојби Скопје</u>

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. *- набавки на лекови кои не се на листата на лекови*

Констатирани се набавки на лекови кои не се на Листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност, без претходно обезбедена согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, (во период 2020-2023 година).

Препорака: ЈЗУ да обезбеди претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување доколку има потреба од набавка на лекови што не се на Листата на лекови

2. *– евиденција на набавки на лекови*

Во здравствената установа, за приемот на лекови, тестови и други материјали од добавувачите, во магацин - болничка аптека и лабораторија магацин, се изработува документ "приемница" потпишана само од лицето што ја изработува истата. На приемницата нема потпис на предвиденото место "Примил". Добиено е појаснување дека во магацин - болничка аптека лицето што ја изработува приемницата истото и ја прима стоката, за разлика од лабораторија магацин каде лицето што ја изработува приемницата не ја прима стоката. На фактурата од добавувачот што се однесува на приемот во лабораторија, лице од лабораторија со текст и потпис го потврдува приемот на стоката со наведување на број на нарачката.

Препорака: Контролата евидентира препорака, документите кои се однесуваат на материјалната евиденција да се соодветно потпишани.

3. *- плаќање на фактури по рокот на доспеансот*

Костатирано е кај некои од контролираните фактури дека се платени по изминување на утврдениот рок за плаќање.

Препорака: Плаќањето на обврските кон добавувачите да се врши согласно роковите за плаќање утврдени во потпишаните договори.

4. *– препорака за начинот на ослободувањето од учеството на осигурените лица со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови*

Во две контролирани пресметки од извршени здравствени услуги наведен е основ на ослободување од плаќање партиципација со шифра 1520100 – "Ослободување по постигнат лимит Б. Целосно". На контролата не и е даден на увид доказ за наведеното ослободување "Решение за ослободување...". Добиено е појаснување дека погрешно е користен наведениот основ за ослободување наместо основот "ослободување по дијагноза", погрешно се одбрани шифрите.

Препорака: Ослободувањето од учеството на осигурените лица со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови, да биде согласно законските одредби, прописи и програми на Министерство за здрвство.

5. - препораки за благајничко работење

- Контролата утврдила дека благајничкиот извештај не се прави со секоја промена што настанува во благајна, туку на два дена.

Препорака: Благајничкиот извештај да се прави со секоја промена што настанува во благајна.

- Дневниот промет од амбуланта не се предава секојдневно во благајна заедно со фискалниот извештај, што е констатирано од старна на финансиуските контролори.

Препорака: Дневниот промет од амбуланта да се предава истиот односно наредниот работен ден, а при предавање на дневниот промет во благајна да се приложи и дневен фискален извештај.

- Вкупниот примен дневен промет во благајна не се уплаќа на трансакциска сметка истиот односно наредниот работен ден (на трансакциска сметка се уплаќа прометот од два дена така да уплатата од прометот примен во првиот ден, е со задоцнување).

Препорака: Дневниот промет да се уплаќа на трансакциска сметка истиот односно наредниот работен ден.

6. - анализа на јавни набавки: набавки по одделни стоки, услуги и работи чија вредност без ДДВ го надминува дозволениот месечен лимит од 1000 евра во денарска противвредност без ДДВ

- Контролата од увидот во кварталните евиденции на ЕСЈН во 2020, 2021, 2022 и 2023 година утврдила, договорниот орган не ги внел сите направени набавки под 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ (пример, набавки на рекламен простор во печатени медиуми за објавување разни соопштенија).

Препорака: Набавките со вредност под 1.000 евра во денарска противвредност, без ДДВ, договорниот орган ги внесува во квартална евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН.

- Контролата констатирала набавки во 2020 и 2021 година со Вкупниот износ без ДДВ на наведените набавки е над дозволениот лимит (до 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ), за набавки без спроведена постапка за набавка, за поединечна потреба во годината (за кои на контролата не и се презентирани договори за спроведена соодветна постапка за јавна набавка од страна на здравствената установа или договори за групна набавка, донација, измена на договор за јавна набавка и сл.).

Препорака: За набавките на стоки и услуги чија вредност без ДДВ е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност, да се применуваат одредбите од член 40 од Законот за јавни набавки.

7. – спроведување на постапка за јавна набавка

- Здравствената установа поради исцрпени количини од претходно склучени договори за лекови во 2020, 2021, 2022 и 2023 година и медицински материјали (реагенси и сл.) во 2021, 2023 година, а за надминување на недостигот на истите, во одредени периоди врши снабдување по пат на предвремено требување од економски оператори (на реверс). На контролата и е појаснето дека истото се врши заради неопходност од лекување на пациентите, само од економски оператори за кои здравствената установа има сознанија дека се избрани понудувачи врз основа на Одлука за избор, во период пред склучување на договор.

Препорака: Здравствената установа да презема мерки за навремена снабденост со лекови и потрошни материјали со цел да се избегне покривањето недостиг на истите со реверси.

- Кај контролираната постапка за набавка на средства за хигиена и додатоци за спроведување хигиена и контролираната постапка за набавка на лекови, контролата утврдила дека извештајот од спроведена постапка, што е прикачен во ЕСЈН, е потпишан со дигитален потпис само од претседателот на комисијата за јавни набавки, а членовите на комисијата не се потпишани ниту со дигитален потпис, ниту своерачно. Извештаите во хартиена форма се соодветно потпишани.

  Препорака: Извештајот од спроведена постапка што се прикачува на ЕСЈН треба да е со потписи од претседателот и членовите на комисијата за јавни набавки, односно нивни заменици, зависно кој учествувал во евалуацијата на понудите.

- Кај контролираната постапка за набавка на средства за хигиена и додатоци за спроведување хигиена набавка на средства за хигиена и додатоци за спроведување хигиена констатирано е дека за ставката "Средство за белење" согласно тендерската документација, потпишаниот договор и понудата, добавувачот треба да испорачува пакување од мин. 5 л. Во испратниците дадени во прилог на наведените фактури од економскиот оператор е наведено "Супер Варекина 1 л" што не е согласно бараното во тендерската документација и утврденото во потпишаниот договор.

Препорака: Да се врши контрола дали испорачаните стоки се согласно бараното во тендерската документација и потпишаниот договор.

8. – контрола на плата –додатоци на плата кои не се во согласност со Колективниот договор

- Констатирано е зголемена основната плата на главна медицинска сестра во ЈЗУ, за работа во услови потешки од нормалните.

Износот на исплатениот додаток на плата „ за работа во услови потешки од нормалните " на главна медицинска сестра изнесува 1.612 денари во бруто износ на месечно ниво.

- Во контролираните пресметки на докторите кои остваруваат додаток за дежурство во работен ден, викенд, не е констатирано истовремено пресметување и исплата на додаток на плата за работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот нарединот ден). Според Колективен договор за здравствена дејност во РМ договор во член 64, стои дека основната плата на работникот по час за работа ноќ (помеѓу 22 часот и 6 часот нареден ден).Во ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби, работата е организирана во 3 смени. Додаток за сменско работење не се исплаќа.

- Констатирано е зголемување на основната плата на дел од вработените заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. За истото на контролата не и е дадено на увид одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика туку и е даден документ "Согласност за скратување на работно време на работниците кои работат под посебни услови" издадена од Републички комитет за труд - Скопје број 0803-673/84 со дата 24.01.1985 година, со кој на работниците во Медицински факултет ООЗТ Клиника за инфективни болести - Скопје им се дава согласност со самоуправен општ акт да можат да утврдат скратување на работното време. Во Поединечниот колективен договор во точка 2.2. Плата по основа на услови за работа, член 13 е наведено "Основната плата на работникот се зголемува од 2,5 - 4% кога работникот работи во услови потешки од нормалните за соодветното работно место по добиено одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика добиено во постапка утврдена по одредби од Законот за работните односи (и други подзаконски акти) и со начелна одлука за оваа цел.". На контролата и е појаснето дека се преземаат активности за отпочнување постапка за обезбедување на бараната согласност (со проценка на ризик и на други работни места).

Препорака: Зголемувањето на основната плата за работа во услови потешки од нормалните да се врши во согласност потпишаниот колективен договор.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 14 препораки **исполнети се** 6, кои се однесувале на следново:

1. За контролираните пресметки број 11 од инфектологија (износ на партиципација од 80,00 денари) и број 142 од дневна болница (износ на партиципација од 20,00 денари) на контролата не и се дадени на увид потврди за наплатено учество во цената на здравствените услуги, со појаснување дека не е наплатена партиципација затоа што пациентот не дошол да плати. Осигурените лица учествуваат со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови.
2. При контрола на постапли за јавни набавки констатирано е набавка на средства за хигиена, лекови и инфузиони раствори изјавите за судир на интереси од одговорните лица се со дата од денот на отворање на понудите. Кај контролираната постапка за набавка на канцелариски материјали и АОП обрасци изјавите за судир на интереси од членовите на комисијата се со дата после денот на отворање на понудите (отворање на 02.07.2018 година, а изјавите се со дата 09.07.2020).

3.Договорниот орган да обезбеди прием на фактури во кои единечните цени треба да соодветствуваат со истите наведени во потпишаниот договор.

4.Податоците и описот на стоките од понудата треба да бидат исти со податоците и описот на стоките наведени во потпишаните договори.

5.Во договорите за јавни набавки да се пишуваат точни единечни цени на стоките (согласно понудата), во спротивно постои веројатност за погрешно фактурирање.

ЈЗУ **не ги исполнила следниве 6 препораки**:

1. Плаќањето на обврските кон добавувачите да се врши согласно роковите за плаќање утврдени во потпишаните договори.
2. Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот.
3. Набавките со вредност под 1.000 евра во денарска противвредност, договорниот орган ги внесува во квартална евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН.
4. Да се врши контрола дали испорачаните стоки се согласно потпишаниот дооговор.
5. ЈЗУ да провери дали презентираната согласност од 1985 година е соодветна на бараното од Поединечниот колективен договор (да бара инструкции од Комисија за толкување на колективниот договор при МЗ или друго соодветно тело), во спротивно да обезбеди соодветен документ од Министерство за труд и социјална политика.
6. Здравствената установа да бара инструкции од Комисија за толкување на колективниот договор при МЗ или друго соодветно тело.

ЈЗУ **делумно ги исполнила** следниве 2 препораки:

1. Кај контролираната постапка за набавка на канцелариски материјали и АОП обрасци контролираниот договор за јавна набавка не е потпишан во законски утврдениот рок.
2. Цените наведени во потпишаните договори треба да бидат исти со цените наведени во понудите, односно исти со последните понудени и постигнати цени во постапката за набавка.

11. ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. *– евидентирање на приходи и расходи во сметковотствената евиденција кое не е во согласност со Правилник за класификација на расходите и Правилник за сметководствен план на буџети и буџетски корисници*

При контролата на приходи од приватници во амбуланта, во текот на 2022 годсина и 2023 година се евидентирани и приходи за извршени болнички-стационарни здравствени услуги на лица што плаќаат со лични средства.

Исто така приходи остварени од приватници за лекување во стационар, во текот на 2022 година и 2023 година се евидентирани и приходи за извршени амбулантски здравствени услуги на домашни лица што плаќаат со лични средства и приходи за извршени амбулантски здравствени услуги на странци.

Од увидот во сметковотствената евиденција контролата констатирала дека трошоци за едукација на кадри се евидентирани трошоци за учество на обука и стручно усовршување. Истите треба да се евидентираат на конто котизација – семинари.

Препорака: Расходите и приходите да се евидентираат согласно Правилник за класификација на приходите и Правилникот за сметководствен план на буџети и буџетски корисници.

2. - препораки за благајничко работење

- Контролата евидентирала дека при исплата на трошоци за материјално работење од благајна, приложените фискалните сметки, не сите се одобрени од одговорните лица на ЈЗУ.

Препорака: Исплатите од благајна (фискалните сметки), кои се однесуваат за материјално работење, треба да бидат одобрени од директорот на ЈЗУ.

- Исто така, при исплата на средствата за материјално работење (за ситни набавки), се изготвува документ „касата да исплати“. На документот „касата да исплати“ евидентиран е потпис на благајникот, но нема потпис на лицето кое го доставило документот за исплата и кое ги прима парите од благајникот.

Препорака: На документот „касата да исплати“ треба да има потпис на лицето кое го доставило документот за исплата и кое ги прима парите од благајникот.

- Паричните средства, односно дневниот промет во готово, се примаат во благајна со благајничкиот документ „Касата да прими“ со потпис на благајникот, но нема потпис на лицето кое ги предава парите.

Препорака: Паричните средства, односно дневниот промет во готово, да се прима во благајна со благајничкиот документ „касата да прими“, уредно потпишан од лицето кое ги предава парите во благајна како и лицето кое ги прима парите.

3. – спроведување на постапка за јавна набавка

При контрола на постапка за јавна набавка на набавка на лекови евидентирано е следното : во фактурите од економскиот оператор (при спроведување на јавна набавка на лекови) е наведен валутен рок помал од 90 дена (околу 75 дена), а во склучениот договор рок на плаќање е до 90 дена по испорака на стоката и доставување фактура во Архивата на ЈЗУ.

Препорака: Утврдениот рок на плаќање во фактурата доставена од економскиот оператор треба да соодвествува со рок на плаќање назначен во договорот.

4. - контрола на плати

Утврдено е дека при пресметувањето на плата на вработените кои остваруваат додаток за дежурство (времетраење на едно дежурство: од 14.00 до 08.00 часот во работен ден и од 08.00 до 08.00 часот за викенд) не се пресметува додатокот на плата за работа ноќе.

Препорака: Исплата на плата и додатоци на плата да биде во согласност со Колективен договор за здравствена дејност.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ **ги исполнила истите во целост**. Имено Препораките се однесувале на следново:

1.Трошоците за стерилизација се евидентирани на конто 425490005 - Стерилизација (во Правилникот називот на конто 425490 е Други здравствени услуги), што не е во согласност со Правилникот за класификација на расходите. Согласно Правилникот за класификација на расходите трошоците за стерилизација треба да се евидентираат на конто 425990 - Други договорни услуги.

2.Решенијата за службени патувања во странство се донесени и потпишани од директор на ЈЗУ, што не е во согласност со Статутот на ЈЗУ. Согласно член 18 од Статутот на ЈЗУ, Управниот одбор одобрува службени патувања во странство и го определува времетраењето на патувањето.

3. Податоците во пресметките кои се објавени на порталот и пресметките во хартиена форма треба да бидат идентични.

4. Висината на учеството (партиципацијата) ја утврдува Фондот со општ акт - Одлука за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствени услуги и лекови на која министерот за здравство дава согласност и истата се објавува во Службен весник на РМ. Со Одлуката се утврдува износот на учеството по видови на здравствени услуги како пакети на завршени епизоди на лекување (член 32 од Законот за здравствено осигурување и Упатство за фактурирање на фондот).

12. ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1.- контрола на плаќањата од трансакциската сметка

Од увидот во плаќањата од трансакциската сметка контролата утврдила дел од контролираните фактури се платени по значително изминување на утврдениот рок за плаќање (5-6 месеци по изминување на утврдениот рок за плаќање).

Препорака: Плаќањето на обврската кон добавувачите да се врши согласно роковите за плаќање утврдени во потпишаните договори.

2. -набавка на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување без претходно обезбедена согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување

Од увидот во евиденцијата на лековите, констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност, за кои набавки на лекови на контролата не и е дадена на увид согласност за набавка на наведените лекови. Во период 2020-2023 година констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување без претходно обезбедена согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување.

Препорака: ЈЗУ да обезбеди претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување доколку има потреба од набавка на лекови што не се на листата на лекови.

3. *- ангажирани лица со договор на дело без обезбедена согласност од Министерството за финансии*

Во периодот од 01.08.2023 година до 31.12.2023 година бројот на ангажираните лица со договор на дело (договори што клиниката директно ги склучила со ангажираните лица) е над дозволениот утврден процент/број (повеќе од 1% од вкупниот број на вработени во претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица), за што не е обезбедена согласност од Министерството за финансии за ангажирање лица со договор на дело, над дозволениот процент/број.

Препорака: При ангажирање лица со договор на дело ЈЗУ треба да постапува согласно Законот за трансформација во редовен работен работен однос.

4. - контрола на постапки за јавни набавки

При контролата на постапките за јавни набавки, по случаен избор констатирано е следното:

- Изјавата за непостоење судир на интереси што гласи на одговорното лице, во контролираните постапки, е со дата од отворањето на понудите.

Препорака: Контролата согласно законот за јавни набавки нотирала препорака, одговорното лице ја потпишува изјавата пред потпишување на одлуката за избор.

- Извештајот од спроведена постапка за контролираната набавка на фотокопирна хартија, што е прикачен во ЕСЈН, е потпишан со дигитален потпис само од претседателот на комисијата за јавни набавки, а членовите на комисијата не се потпишани ниту со дигитален потпис, ниту своерачно. Извештајот во хартиена форма е соодветно потпишан.

Препорака: Извештајот од спроведена постапка што се прикачува на ЕСЈН треба да е со потписи од претседателот и членовите на комисијата за јавни набавки, односно нивни заменици, зависно кој учествувал во евалуацијата на понудите.

4. - контрола на плати

- Констатирано е пресметување и исплата на додаток за дежурство во контролираната пресметка на работник со работно место - транспортер. На контролата и се дадени на увид само согласности за дежурство за доктори и медицински сестри.

- Констатирано е зголемување на основната плата на дел од вработените заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. За истото на контролата не и е дадено на увид одобрение од државен орган - согласност од Министерството за труд и социјална политика

- Во пресметката на плата на главна медицинска сестра констатирано е зголемување на основната плата за работа во услови потешки од нормалните. Во колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

Препорака: Исплатите на додатоците на плата да бидат согласно потпишаниот Колективен договор за здравствена дејност.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 3 препораки **исполнети се** 2, кои се однесувале на следново:

1. ЈЗУ УК за неврологија – Скопје и понатаму да превзема мерки за реализација на побарувањата по основ на извршени здравствени услуги спрема купувачите – правни лица, а побарувањата кои се провлекуваат од минати години и за кои нема можност за наплата или пребивање на тие побарувања да се отпишат поради застареност со Одлука на Управен одбор на ЈЗУ.

2. При потпишување на Анексите на поединечниот колективен договор одговорното лице на ЈЗУ треба да има добиено овластување од Министерството за здравство.

ЈЗУ **не ја исполнила** следнава препорака :

1. ЈЗУ треба при ангажирање на лица со договор на дело да постапува согласно Законот за трансформација (Сл. Весник на РМ број 20/15,44/15) член 8 став (1) институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физички и /или интелектуална работа, врз основа на Договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени во претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица и член 9 став (1) институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент и со поголемо времетрање од предвиденото по претходна обезбедена согласност од Министерство за финанасии.

13. ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологијаа - Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

*1***. -** *високи трошоци за репрезентација*

Контролата утврдила дека во ЈЗУ има високи трошоци за репрезентација на храна и пијалоци, кои растат во период 2020 - 2023 година, во 2020 година 50.673 денари, во 2021 година 143.153 денари, во 2022 година 228.813 денари и 218.728 денари во 2023 година.

Препорака: ЈЗУ да ги намали трошоците за репрезенатција на храна и пијалоци.

2. - високо салдо на побарувања на ЈЗУ

При контролата е констатирано, ЈЗУ има високо салдо на побарувања од корисници на услуги (купувачи во земјата) и Министерство за здравство, кои во 2020 година изнесувале 5.097.083 денари, во 2021 година, во 2021 година 6.955.575 денари, во 2022 година 8.642.331 денари и 9.914.385 денари во 2023 година..

Препорака: ЈЗУ да преземе мерки за наплата на побарувањата.

3. – благајничко работење

При финансиската контролата е утврдено дека во ЈЗУ нема задолжено лице одговорно за работа со благајна.

Препорака: ЈЗУ да задолжи/вработи лице одговорно за работа со благајна (вработено во редовен работен однос).

4. - при наплата на приватни здравствени услуги се издава документ квитанција кој се користи за наплата на партиципација на здравствени услуги на терет на Фондот

При контролата на пресметан и наплатен износ на партиципација, е утврдено дека во ЈЗУ се наплаќа за приватни здравствени услуги, истите се евидентирани со шифра за приватно, но се издава ист документ – квитанција како и другите плаќања на здравствени услуги.

Препорака: ЈЗУ да изготви посебен документ за наплаќање на приватни здравствени услуги.

5. – ангажирани лица со договор за дело

ЈЗУ поради истечена согласност од Министерство за финансии, а со цел мотивација на лицата кои биле ангажирани како Договор на дело во 2021 година, исплаќа месечен надоместок (износот не е утврден) за 2022 година се до добивањето на нова Согласност од Министерство за Финансии.

За исплатата на лицата ангажирани со Договор на дело на контролата не и беа дадени на увид Договори за 2022 година.

Препорака: ЈЗУ да склучува договор за дело и исплаќа лица ангажирани со договор на дело, по добиена Согласност од Министерство за финансии.

6. – ЈЗУ нема решение од Министерство за здравство во однос на простор, опрема и кадар за вршење на дејностите

Контролата констатира дека ЈЗУ нема решение од Министерство за здравство со кое се утврдува дека ЈЗУ УК за Токсикологија Скопје ги исполнува условите во однос на простор, опрема и кадар за вршење на дејностите.

7. - контролата на плановите за јавни набавки

- Висината на средства предевидени во планот за јавни набавки се повисоки во плановите за јавни набавки за годините 2021, 2022 и 2023 година, од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ. Контролата констатира, ЈЗУ нема расположиви средстава за реализација на планот за јавни набавки за 2021, 2022 и 2023 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка за негова реализација.

• Констатирани се две набавки на канцелариски и медицински мебел во 2020 година, чија вкупна вредност на годишно ниво го надминува дозволениот лимит од 1.000 евра во денерска противвредност без ДДВ за набавка на медицински и канцелариски мебел (плакари, шкафови и други елементи) ДДВ.

Препорака: Вкупниот износ на набавките без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот.

8. - контрола на плата

Контролата утврдила, ЈЗУ извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори и помошно технички персонал, за што на контролата не и била дадена на увид Согласност од министерот за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност за работа со дежурство.

Препорака: ЈЗУ да обезбеди Согласност за потребата од дежурство на доктори и помошно технички персонал од Министерот за здравство и да исплаќа согласно поединечниот колективен договор**.**

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 8 препораки **исполнети се** 5, кои се однесувале на следново:

1. Плаќањето на обврската кон добавувачите да се врши согласно роковите за плаќање утврдени во потпишаните договори.

2. Осигурените лица учествуваат со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови. За не наплатената партиципација установата испраќа известување до осигуреникот со утврден рок на плаќање.

3. ЈЗУ доколку потпишала договор со ЈУ од областа на здравството за 2019 година, треба истиот да го даде на увид на контролата, во спротивно требала сама да спроведува постапки за набавки.

4. Да се врши намалување на цените согласно утврдените правила и дадените инструкции во постапките за набавки.

5. Здравствената установа пресметувањето на плата да го врши согласно “Спогодба за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност”, важечка во периодот за кој врши пресметувањето.

ЈЗУ **не ги исполнила** следниве препораки:

1.Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка, да не биде поголем од законски утврдениот.

2.Здравствената установа која извршува, пресметува и исплаќа дежурства на сестри, портир - транспортер болничар и фактурист-материјален книговодител да обезбеди согласност од Министерство за здравство за потреба од дежурство во спротивно треба да организира сменска работа и да исплаќа согласно колективниот договор.

3.ЈЗУ која извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, да обезбеди согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство, во спротивно треба да организира сменска работа и да исплаќа согласно колективниот договор.

14. ЈЗУ Здравствен дом Радовиш

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1.– контрола на постапки за јавни набавки

- Висината на средства предевидени во планот за јавни набавки се повисоки во плановите за јавни набавки за годините 2021, 2022 и 2023 година, од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ. Контролата констатира, ЈЗУ нема расположиви средстава за реализација на планот за јавни набавки за 2021, 2022 и 2023 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на Договорот и видот на постапката за јавна набавка за негова реализација.

2. - при наплата на приватни здравствени услуги се издава документ квитанција кој се користи за наплата на партиципација на здравствени услуги на терет на Фондот

При контролата на пресметан и наплатен износ на партиципација, е утврдено дека во ЈЗУ се наплаќа за приватни здравствени услуги, истите се евидентирани со шифра за приватно, но се издава ист документ – квитанција како и другите плаќања на здравствени услуги.

Препорака: ЈЗУ да изготви посебен документ за наплаќање на приватни здравствени услуги

3.- контрола на плати

Констатирано е дека пресметување и исплата на надоместок за прекувремена работа, ноќна работа и работа во смени за вработените во ИМП за часови кога биле ангажирани е по стари решенија за исплата на плата и при исплатите не се применувале измените во делот на додатоци на плата на Колективниот договор објавен во Службен Весник од 20 јули 2023 година.

Препорака: ЈЗУ да изготви нови Решенија за исплата на плата по кои ќе врши пресметување и исплата на надоместок за вработените во ИМП за часовите кога биле ангажирани, согласно измените во делот на Додатоци на плата на Колективниот договор објавен во Службен Весник од 20 јули 2023 година.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 4 препораки **исполнети се** 3, кои се однесувале на следново:

1.Приходите да се евидентираат на соодветните конта.
2.ЈЗУ Здравствен дом Радовиш во можен најкраток рок да испрати лице за полагање на испит и добивање на потврда за работа со Јавни набавки.

3.ЈЗУ да спроведува соодветни постапки за набавки на стоки, услуги и работи, за кои има континуирана потреби доколку нивниот вкупен износ на годишно ниво го надминува износот од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ.

ЈЗУ **не ја исполнила** следнава препорака:
1.ЈЗУ да изготви писмена процедура за начинот за пресметка и исплата на трошоците за гориво.

15. ЈЗУ Здравствен дом Берово

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Берово, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

- *1. евиденција на приходи и расходи*

- ЈЗУ евиденцијата за наплатата на побарувањата од Министерство за здравство за 2021, 2022 и 2023 година го евидентира на погрешно конто.

Препорака: ЈЗУ наплатата на побарувањата од Министерство за здравство да ги евидентира согласно Правилникот за класификација на приходи и расходи.

- ЈЗУ наплатува 1.000 денари за издадено лекарско уверение. На контролата не и е дадена Одлука на увид во која е одредена цена за издавање на лекарско уверение.

Препорака: Цената на издавање на лекарски уверенија и сите други здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, треба да се регулираат со Одлука на Управен одбор.

- ЈЗУ во 2019, 2020 и 2021 година има евидентирано исплата, надоместок за одење во пензија од конто 4041505 истото не е во согласност со Правилникот за класификација на расходите.
- Во 2019 година има евидентирана исплата од конто 4041500 - Јубилејни награди, на контролата не и беа дадени Решенија за поединечна исплата на секој вработен.
- Во 2021 година има евидентирана исплата од конто 4041505 - Одење во пензија и истото не е во согласност со Правилникот за класификација на расходите.
- Во 2022 година има евидентирана исплата од конто 4041100 - Надомест за годишен одмор К-15 исплатени се средства во износ од 74.880 денари за еден вработен за неискористен дел од годишен одмор за 2022 година. Истото не е во согласност со Правилникот за класификација на расходите.
- Во 2022 година има евидентирана исплата од конто 4041500 - Други надоместоци исплатени се средства за надоместока за одење во пензија, членови УО и јубилејна награда на вработен. Истите не се во согласност со Правилникот за класификација на расходите. ЈЗУ има изготвено Решенија, но во истите не е наведен износот за исплата на остварено право за секој вработен.
- Во 2023 година има евидентирана исплата од конто 4041500 - Други надоместоци, исплатени се средства за надоместок за одење во пензија, членови УО и јубилејна награда на вработен. Истите не се во согласност со Правилникот за класификација на расходите. ЈЗУ има изготвено Решенија, но во истите не е наведен износот за исплата на остварено право за секој вработен.

Препорака: Евидентирањето на расходите треба да се врши согласно Правилникот за класификација на расходите. Во решението треба да биде наведен член од законот, односно колективниот договор, кој е

основа за оваа исплата. Согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, за секоја финансиска трансакција треба да има соодветен документ.

- ЈЗУ во 2019 година за вештачења има евидентирано исплата на вешто лице, а нема Договор за меѓусебна соработка и вештачење.
- ЈЗУ во 2020 година има евидентирано исплата на вработен М.Р. од 3.667 денари. На контролата не и беше дадено Решение за утврдување на правото за исплата на вработениот.
- ЈЗУ има непродуктивни трошоци и истите се однесува за платени адвокатски услуги за постапки на тужбени барања од вработени во установата по различни основи за не исплатени додатоци на плати за вработени по Колективниот договор.
- ЈЗУ во 2022 и 2023 година има евидентирана исплата од конто 425990 за: репрезентација, правно - консултантски услуги, дежурства на матични лекари, книговодствени услуги и занаетчиски услуги. Истите не се во согласност со Правилникот за класификација на расходите.

Препорака: ЈЗУ за вештачења и други правни-консултантски услуги при исплата на истите да претходно да бидат регулирани со Договор за меѓусебна соработка и искажани во финансиски параметар.Секоја исплата на вработен треба да биде одобрена со соодветен документ во кој ќе биде наведен член од законот, односно колективниот договор, кој е основа за оваа исплата и износот на исплата на вработениот. ЈЗУ ефикасно и економично да ги користи средствата добиени од Фондот и од сопствени приходи, да ги намали непродуктивните трошоци од типот ангажирање на вешти лица и адвокати, односно при пресметка и исплата на плати како и додатоци на плати за вработени во целост да го почитува и применува Колективниот договор за здравствена дејност.

Евидентирањето на расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на расходите.

При контрола на конто 426 Други оперативни расходи, контролата утврдила евиденција во 2023 година на исплата во износ од 30.202 денари на вработен. На контролата не и беше дадено Документ/Решение за утврдување на правото за исплата на вработениот.

Препорака:

ЈЗУ рационално и ефикасно да ги користи/троши средствата добиени од Фондот и од сопствени приходи. Секоја исплата на вработен треба да биде одобрена со соодветен документ во кој ќе биде наведен член од законот, односно колективниот договор, кој е основа за оваа исплата и износот на исплата на вработениот**.**

2. - *евиденција на долгови*

- ЈЗУ нема воведено софтвер за разграничување на обврските и долговите односно за евиденција на фактури по валута на доспевање.
- Во 2020 година ЈЗУ има повеќе исплата по фактури на одредени добовувачи пред ден на валута, односно е во претплата кај истите добовувачи.

Препорака:

ЈЗУ да воведе софтвер за разграничување на обврските и долговите односно за евиденција и реален приказ на фактури по валута на доспевање.

ЈЗУ да ја следи динамиката на исплата по фактури на одредени добовувачи, односно да не се доведува во состојба на претплата кај истите добовувачи.

3.- контрола на плаќања на трансакциската сметка и благајна

- ЈЗУ за 2019, 2020 и 2021 година во книговодствената евиденција нема Одлука за благајнички максимум усвоена од страна на УО.

Препорака: ЈЗУ да изготвува на почетокот на тековната година Одлука за благајнички максимум усвоена од страна на УО.

4.- контрола на начинот на пресметка и наплата на партиципација

- ЈЗУ во 2019, 2022 и 2023 година во книговодствената евиденција има поголем процент на наплатена партиципација од пресметана партиципација на осигурените лица.

Препорака: ЈЗУ да води уредна евиденција на пресметана и наплатена партиципација од осигурените лица на соодветно конто согласно Правилникот за класификација на приходи и расходи со цел да има реален приказ.

5.- анализа на залихата на лекови и медицински материјали

- ЈЗУ нема електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија односно мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

Препорака: ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија и да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

- ЈЗУ нема обезбедено Согласност за набавката на лекови кои не се на позитивната листа за болничко лекување од ФЗОРСМ, согласно Законот за здравствено осигурување, член 9.

Препорака: ЈЗУ да обезбедено Согласност за набавката на лекови кои не се на позитивната листа за болничко лекување од ФЗОРСМ, согласно ЗЗО член 9.

7. - контрола на плата

При контролата на плати е утврдено, на главната медицинска сестра на ЈЗУ се пресметуваат и се исплатуваат следниве додатоци: услови за работа 0,029 и работа во ИМП 8 % на вкупен број часови во месецот. Додека ноќна работа 50 %, државни празници, 150 %, работа во смени, 5%, работа во недела 50 %, прекувремена работа 135 %, прекувремена работа 135 % во ИМП и неостварена приправност 8% на часовите кога била ангажирана, на коефициент 3,663 на главна сестра во Здравствен Дом. На Решението за распоредување на главната медицинска сестра во ЈЗУ во образложение има нагласено“ по потреба работи во службата за ИМП и домашно лекување “.

На лекарите, медицинските сестри и возачите во ИМП се пресметувани и исплатени додатоци на плата во проценти за ист број часови кога биле ангажирани по повеќе основи од Колективниот Договор и тоа за следниве додатоци:

* за истиот број часови сменско работење во втора и трета смена 5% се пресметани и како часови во недела/празник или ноќе 50 %.

* за истиот број часови од остварена приправност 113% се пресметани и како часови во недела/празник или ноќе 50 %.

Препорака: Согласно член 3 од Колективниот Договор за Здравствена Дејност на главната медицинска сестра на Универзитетски Клинички Центар, Универзитетски Институти, Универзитетска Клиника, Институт, Болница за нега, здравствени домови, болница (општа и специјализирана) и Центар и се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,663 (Службен Весник на РСМ број 106 од 2023 година односно член 3 од Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор кој гласи "Во член 73 став 2 бројот 3,600 се заменува со бројот 3,813, а бројот 3,450 се заменува со бројот 3,663").

- Сите претходно наведени додатоци на плата на главната медицинска сестра треба да се пресметуваат и исплаќаат на коефициент медицинска сестра во здравствен дом, не на коефициент од главна сестра.

- На главната медицинска сестра на ЈЗУ не и следува додаток за работа во ИМП во износ од 8 % на вкупен број часови во месецот, бидејќи таа е распоредена со Решение број 04-77/41 од 28.02.20217 година на работно место Главна сестра согласно Правилникот за систематизација во установата.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 9 препораки **исполнети се** 6, кои се однесувале на следново:

1.Доколку се ангажира лице за вршење на одредени работи или услуги, ЈЗУ треба да има документ за регулирање на меѓусебните односи.

2.Набавката на лекови и медицински материјали да се усогласи со динамиката на трошењето на истите.

3.За сите набавки чија вкупна вредност го надминуваат законски дозволенииот лимит на месечно ниво, да се спроведуваат постапки за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

4.За сите набавки чија вкупна вредност го надминуваат законски дозволенииот лимит на годишно ниво, да се спроведуваат постапки за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

5.Утврдениот рок на плаќање во фактурата доставена од економскиот оператор треба да соодвествува со рок на плаќање назначен во договорот.

6.Согласно законските прописи, официјалната документација треба да е архивски евидентирана.

ЈЗУ **не исполнила** три препораки и тоа:

1.Потврдите за наплатената партиципација кои се издаваат на пациентите во целост да бидат потполнети.

2.ЈЗУ да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

3.Цената на издавање на лекарски уверенија - здравствена услуга која не е опфатена со задолжителното здравствено осигурување треба да се регулира со Одлука на Управен Одбор.

16 . <u>ЈЗУ Здравствен дом Ростуше</u>

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Ростуше, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

- *1. евиденција на приходи и расходи*

- Контролата констатира, ЈЗУ не врши фактурирање на здравствени услуги по програми на Министерство за здравство во 2022, 2023 и 2024 година, а со самото тоа нема и реализација.

Препорака: Износот на пресметана партиципација за пациенти кои се ослободени од плаќање на партиципација за извршени здравствени услуги по Програми од Министерство за здравство на РСМ, ЈЗУ треба да го фактурира кон Министерството за здравство.

- Во текот на 2023 година сопствените приходи по основ на учество на осигурениците во вкупните трошоци на здравствените услуги – партиципација, приходи по основ на извршени лабораториски услуги доплата за услугите од ЛУ-2 , приходи по основ на извршени здравствени услуги за пациенти кои немаат регулиран статус на осигуреник и приходи по основ на добиена Согласност за ангажирање на доктор специјалист по гинекологија и акушерство во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Дебар, не се евидентирани на соодветни конта.

Препорака: ЈЗУ книжењата да ги спроведува на соодветни аналитички конта согласно Правилникот за класификација на приходите за буџетски корисници.

- Финансиските планови за 2023 година не и беа презентирани и доставени на финансиската контрола, а од страна на одговорното лице за достава на податоци било искажано дека поради промена на сметководителите ангажирани од страна (не се вработени во ЈЗУ) истите не можат да се најдат во финансиската документација.

Препорака: ЈЗУ финансиската документација, треба да ја води ажурно, хронолошки и да постапува согласно Упатството и уредбата за начинот и техниката на постапување со архивскиот материјал (Сл. Весник на РМ бр.1 од 03.01.2014 година).

- Во 2022, 2023 и 2024 година персоналниот данок од надоместоци е евидентиран на конто што не е во согласно Правилникот за класификација на расходите за буџетски корисници.

Препорака: ЈЗУ книжењата да ги спроведува на соодветни аналитички конта согласно Правилникот за класификација на расходите за буџетски корисници.

- За исплатата на висината на надоместокот на членовите на Управниот одбор на ЈЗУ, не е приложен никаков документ – Одлука или Решение.

Препорака: За исплата на претседателот, членовите на Управниот одбор на ЈЗУ, како и за записничарот треба да се донесе Одлука врз која треба да се исплатува надоместокот, а исто така треба да се исплаќа надоместок само во месецот во кој се одржани седниците на Управниот одбор, а не линеарно секој месец.

- Евиденцијата на реализација на трошоците за набавка на хартија А4, образци каса – прими, квитанции, пенкала, дупчалка, муниција за хевталка, налози за службено патување, спајалици, компјутерска конфигурација, принтери, е прокнижена на конто 480110 – купување на канцелариска опрема.

Препорака: Плаќањето кон добавувачите за набавка на канцелариски материјали и информатичка и видео опрема, да се евидентира во согласност со класификацијата на расходи, утврдена со Правилникот за класификација на расходи за буџетските корисници.

- Евидентирани се плаќањето на фактура за набавка на пумпа, редуцири и др. материјали е прокнижена на конто 480190 – купување на друга опрема.

Препорака: Плаќањето кон добавувачите за набавка на компјутерска опрема треба да се евидентира на контото кое се однесува на набавка на ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, а во согласност со класификацијата на расходи, утврдена со Правилникот за класификација на расходи за буџетските корисници.

- Евиденција на договорни надоместоци по основ на дежурства и приправности на вработените и исплатата на надоместоците по основ на дежурства и приправност за вработените лица во и ангажираните матични лекари од ПЗУ, во 2022, 2023 и 2024 година се евидентираат на конто 425990 – Други договорни услуги.

Препорака: Надоместоците по основ на дежурства и приправност за редовно вработени лица во ЈЗУ треба да се евидентираат на конто 401- Основни плати, а за ангажираните матични лекари од ПЗУ, во 2022, 2023 и 2024 година се евидентираат на конто 425990 –Други договорни услуги, согласно со Правилникот за класификација на расходи за буџетските корисници.

2. – евиденција на долгови и обврски

Во ЈЗУ после воведувањето на книговодствен софтвер во 2022 година, нема извршено усогласување на книговодствената состојба, на конто 22000-Добавувачи во земјата за основни средства, период 2022, 2023 и 2024 година се провлекуваат износи – салда (од минати години) кои се водат како обврски кон добавувачи – кои се наведени во табелата.

Препорака: Од страна на ЈЗУ треба да се превземат мерки за сметководствено усогласување со наведените добавувачи, а со цел да се добие реалната состојба за обврските кои ги има ЈЗУ.

3. – побарувања на ЈЗУ

На конто 1200 Побарувања од Министерство за здравство, ЈЗУ за трите контролирани години нема евидентирано побарување, а причината е што пресметаната партиципација по Програми од Министерството за здравство не се фактурира кон Министерство за здравство, иако во извештаите е наведен месечниот износ кој треба да се фактурира.

Препорака: ЈЗУ при лекување на пациенти кои имаат основ на ослободување од плаќање на партиципација (учество во вкупните трошоци на лекување) по Програми определени од Министерството за здравство, на крај од месецот треба да го фактурира износот на пресметана партиципација кон Министерството за здравство за пациенти ослободени по основ на програми.

4. – контрола на сметка

При увид во сметката на ЈЗУ, во банков извод од 16.09.2022 година, контролата евидентира исплатата **на по основ на спонзорството** кон ‘‘ФК МЛАДИ РЕКАНЦИ‘‘ во износ од 15.000 денари. За истото не постои никаков документ или одлука од страна на ЈЗУ, а истото е спроведено врз основа на Барање на претседателот на ФК„Млади Реканци“-Ростуше со Арх.бр.05-35/1 од 29.06.2022 година.

Препорака: ЈЗУ паричните средства кои ги остварува со вршењето на дејноста да ги користи наменски за дејноста и целите за кои е регистрирана.

5. – контрола на благајничко работење

- Од страна на вработениот во благајна се изготвуваат 3 (три) посебни налози за уплата на дневниот промет на образец ПП-50 – за партиципација, за здравствени услуги со доплата – приватно и за извршени здравствени услуги – приватно, од страна на книговодителот ангажиран со договор на дело (надворешен) истите уплати се евидентираат на погрешно Конто 741113 – Трансфери од Буџетите.

Препорака: Наплатените средства по основ на партиципација, здравствени услуги со доплата – приватно и здравствени услуги – приватно треба да се евидентираат на соодветно конто, согласно класификацијата на приходите, утврдена со Правилникот за класификација на приходи за буџетските корисници.

- Дејноста дежурна служба за целиот период на контрола не е регистрирана на порталот на Фондот, а за истата дејност се исплаќа надомест за дежурства на матични лекари и лекари вработени во ЈЗУ.

Препорака: Од страна на ЈЗУ треба да се превзема активности за регистрирање на Пакетот од примарна здравствена заштита – ПРЕ 2 – Дежурна служба, а по претходна Согласност од Министерството за здравство и врз основа на таа Согласност, Фондот за здравствено осигурување дава известување за бројот на број на тимови, како би можеле да се прикажат извршените здравствени услуги на Порталот на *Фондот.*

6. – начин на пресметка и наплата на партиципација

- Наплатената партиципација во 2024 година изнесува 737.619 денари, а причина за повеќе наплатената партиципација е тоа што ЈЗУ ЗД - Ростуше извршува лабораториски анализи со упат ЛУ-2 (специјалистички), која дејност не е регистрирана на Порталот, а со самото тоа и не може да се искаже наплатената партиципација за тие анализи. За извршување на лабораториски анализи од страна на д-р М.С. е склучен Договор – Спогодба врз основа за уредување на меѓусебните права и обврски (согласно член 221 од 333) во врска со ангажирањето на д-р специјалист по медицинска биохемија, а вработен во ЈЗУ Здравствен дом – Тетово, а врз основа на Соглсност од МЗ бр. 10-609/2 од 24.01.2024 година, а заклучно со 31.12.2024 година).

Препорака: Сите наплатени средства по основ на учество на осигурените лица во вкупните трошоци за лекување (партиципација) треба да се искаже во извештаите за извршени здравствени услуги по месеци, а по претходно регистрирање на дејноста на Порталот на Фондот за здравствено осигурување.

- На ден 06.12.2024 година во Интерна медицина – амбуланта за ист пациент се извршени 5 здравствени услуги од страна на ист лекар специјалист – интернист и изготвени се 4 (четири) пресметки, за кои е пресметана и наплатена партиципација во вкупен износ од 220 денари.

Препорака: Во случај кога на пациентот во ист ден и кај ист лекар специјалист се вршат интернистички прегледи, од страна на лекарот специјалист интернист треба да се изготви една пресметка во која се евидентираат сите извршени интернистички прегледи и на вкупниот износ на референтните цени на пакетите од извршените прегледи се пресметува и наплаќа партиципација.

7. – контрола на залиха на лекови

Евиденцијата на хемикалиите и филмовите за РТГ во 2023 и 2024 година од страна на новиот ангажиран сметководител, се евидентирани на конто 310017 – Депо на лекови.

Препорака: Евиденцијата на залихата на хемикалиите и РТГ филмовите треба да се евидентираат на конто 310013 – РТГ, а со цел да се согледа реалната состојба на потрошокот и залихата во даден момент, за непречено тековно работење на ЈЗУ.

8. – ангажирани лица со договор за дело

ЈЗУ за 2022, 2023 и 2024 година нема добиено Согласност од Министерство за финансии за склучување договори на дело со вработени на определен период. Во м.1,2 и 3/2024 склучениот број на договори на дело со лица, го надминува дозволениот број.

Препорака: ЈЗУ треба при ангажирање на лица со договор на дело да постапува согласно Законот за трансформација (Сл. Весник на РМ број 20/15,44/15) член 8 став (1) институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физички и /или интелектуална работа, врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени во претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица и член 9 став (1) институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент и со поголемо времетрање од предвиденото по претходна обезбедена согласност од Министерство за финанасии.

Забелешка: Да се внимава при изготвувањето на правните акти - договори на дело. Констатирано е дека склучените договори , кои се дадени на увид , не се со комплетни или точни податоци за времетраењето на истите ,висината на надоместокот , работното место за кое се ангажира лицето или содржат податоци кои не се потребни.

9. – контрола на јавни набавки

- За годишните планови за јавни набавки за 2022, 2023 и 2024 година на контролата не и се презентирани Одлуки за носење од страна управниот одбор на ЈЗУ .

Препорака: Управниот одбор на ЈЗУ при носење на Годишните планови за јавни набавки треба да донесе Одлука до крајот на јануари од тековната година и истата треба да се архивира и чува согласно Упатството и уредбата за начинот и техниката на постапување со архивскиот материјал (Сл. Весник на РМ бр.1 од 03.01.2014 година).

- ЈЗУ нема определено лице или организациски облик за спроведување на јавни набавки.

Препорака: Согласно член 29а од закон за јавни набавки Службен Весник 27/2016 и член 80 од закон за јавни набавки ЈЗУ треба да определува лице или организациски облик за спроведување на јавни набавки.

- При случаен избор на јавна набавка контролата констатира, изјава за непостоење судир на интереси од председателот и членовите на комисијата за јавни набавка се со датум 22.02.2024 година т.е со датум после изготвување на записникот од отварање на понудите, а од одговорното лице од 22.02.2024 година (исто така со датум после изготвување на записникот од отварање на понудите).

Препорака: Во постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка (во натамошниот текст: комисијата), како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка, истите треба да се потпишат пред /или со датумот од изготвување на записникот од отварањето на понудите.

- Во известувањата за склучен договор/евиденции за Дел-1 Набавка на канцелариски материјал вредноста на договорот е по грешка впишан износот со ДДВ.

Препорака: При прикачување на податоците во ЕСЈН од страна на ЈЗУ треба да се води сметка за ажурноста и вистинитоста на податоците кои треба да се релевантни на елементите кои се составен дел на склучените договори со економските оператори.

- Контролата по случаен избор на постапли за јавни набавки утврдила, дека склучениот договор за јавна набавка со економскиот оператор, не ги содржи сите елементи кои треба истиот да ги содржи т.е. не е регулиран начинот на плаќање, што е во спротивност на Законот за облигациони односи.

Препорака: ЈЗУ при склучување на договорите со економските оператори за набавка на стоки и услуги, а по претходна спроведена постапка за јавни набавки, треба да обрне внимание за сите потребни елементи кои треба да содржи еден договор, а во согласност со Законот за облигациони односи.

- Од контролата на фактурата на економскиот оператор, со кого ЈЗУ склучил договор по спроведена постапка за јавна набавка, контролата констатира дека се надминува износот по склучениот договор за јавни набавки.

- **Препорака:** ЈЗУ за набавка на стоки по спроведена постапка за јавна набавка, треба да се придржува на склучените договори со економските оператори и да назначи лице за следење на приемот и испораката по вид и количина согласно спецификацијата од склучените договори, а со цел да нема пречекорување на количината на набавка и надминување на вредноста од склучениот договорот.Договорниот орган има објавено известување за склучени договори за јавна набавка, кое не е во согласност со законски определениот рок од 10 дена по склучениот договор заедно со договорот испратен е и примерок од склучениот договор (чл.70 ставови 1 и 3).

Препорака: Договорниот орган известувањето за склучен договор за јавна набавка треба да го објави во законски рок од 10 дена по склучениот договор заедно со примерок од склучениот договор (чл.70 ставови 1 и 3).

10. – контрола на плати

- Контролата утврдила дека во ЈЗУ е донесената Одлука бр. 05-35 од 29.06.2022 година за исплата на надоместоците за вработените што не е во согласност со одредбите од Колективниот договор за здравствена дејност на Р.С.Македонија.

Забелешка: Контролата не дава препорака од причина што на 23.09.2024 година е донесена Одлука од Управен одбор на ЈЗУ со бр. 02-59/1 со која се поништува претходната Одлука која е донесена противзаконски од претходните членови, а претседателот на Управен одбор е истиот кој претходно ја има донесено таа Одлука.

Со оваа Одлука се започнува исплата на дежурствата од месец 09/2024 година во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност.

- При контрола на платата на В.Д.Директорот на ЈЗУ – доктор специјалист гинеколог-акушер покрај основната плата, му се пресметува и додаток за: раководење од 0,23%, услови за работа 4,8% (додаток за повремена изложеност на јонизирачко зрачење-*работа на ЕХО* 2% + работа на село 2% + 0,8% повремена изложеност на инфекции), пасивна приправност 8% која е регулирана со Решението за плата, а истата се пресметува на основната плата, додаток за обично дежурство во хирургија 114% – иако во ЈЗУ ЗД –Ростуше нема регистрирана таква дејност и ноќна работа од 50%.

Препорака: На директорите и медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент и тоа: Здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори, здравствени работници со специјализација) ..... 6,691 - Член 73-а, а при пресметаката на плата треба да се направи корекција во следните додатоци на плата:
* Коефициент за раководење не треба да се пресметува за в.д. директор на ЈЗУ, од причина што за одговорното лице се применува вкупен коефициент во кој е вклучено и раководењето.

* Часовите за дежурството треба да се пресметуваат со 96%, а не со 114% од причина што хируршка дејност во ЈЗУ не е регистрирана, а исто така не е регистрирана и дежурната служба.

* Условите за работа во износ од 4,8% составен од: додаток за повремена изложеност на јонизирачко зрачење-работа на ЕХО 2%, не треба да се пресметуваат од причина што ЈЗУ нема регистрирано гинеколошка дејност за прегледи на ЕХО апарат за бременост ,додаток од 2% - работа на село, се пресметува и исплаќа за оние вработени кои од ЈЗУ-то каде е вработен со Решение, се испраќа на работа во село – кое е оддалечено од седиштето на даденота ЈЗУ, додатокот од 0,8% повремена изложеност на инфекции, не треба да се пресметуваат од причина што на директорите и медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент.

* Пресметката и исплатата на пасивна приправност треба да се изготвува врз основа на претходно изготвен месечен распоред и евидентираните часови за пасивна приправност, а не според основната плата на врабoтениот.

*За пресметка и исплата на прекувремена работа треба да се изготви налог за работа и истиот да се потпише од одговорното лица на ЈЗУ, а за директорот треба да се одобри од претседателот на Управниот Одбор на ЈЗУ. Исто така прекувремената работа треба да се пријави и до Трудовиот инспекторат кој е надлежен за тој регион.

Согласно изнесените констатации на контролата за платата на В.Д.Директорот на ЈЗУ и нотираната препорака да се направи корекција во пресметката и исплатата на додатоците на плата, во контролираната исплатна листа на В.Д.Директорот на ЈЗУ, за месец декември 2024 година вкупниот износ на сите додатоци на плата изнесува 120.540 денари во бруто износ, (додека износот на основната плата и додатокот за минат труд изнесува 113.435 денари),

- Основаната плата кај одредени вработени се зголемува по основ – прекувремена работа од 135%, за што не е изготвен налог од одговорното лице и за истата работа не е известен Трудовиот инспекторат.

Препорака: За пресметка и исплата на прекувремена работа треба да се изготви налог за работа и истиот да се потпише од одговорното лица на ЈЗУ, а за директорот треба да се одобри од претседателот на Управниот одбор на ЈЗУ. Исто така прекувремената работа треба да се пријави и до Трудовиот инспекторат кој е надлежен за тој регион. Додатокот за прекувремена работа според Општиот колективен договор за здравствена дејност изнесува 129%.

- Кај повеќето вработени при пресметка и исплата на плата се пресметува додаток по основ на услови потешки од нормалните – работа на село од 2%.

Препорака: Условите за работа потешки од нормалните – работа на село во износ од 2% треба да се корегираат, затоа што овој додаток од 2% - работа на село, се пресметува и исплаќа за оние вработени

кои од ЈЗУ-то каде е вработен со Решение, се испраќа на работа во село – кое е оддалечено од седиштето на даденота ЈЗУ.

- Во пресметките на здравствените работници – доктори им се пресметува надоместок без остварен повик и ангажирање од 8% на основната плата во месецот.

Препорака: Додатокот без остварен повик и ангажирање (пасивна приправност) треба да се изготвува врз основа на претходно изготвен месечен распоред и евидентираните часови за пасивна приправност, а не според основната плата на вработениот во месецот.

- Во пресметката на плата кај одговорниот лаборант се јавува коефициент на додаток на плата за раководење и одговорност од 0,13 – одговорна медицинска сестра.

Препорака: При пресметката на плата на Одговорниот лаборант треба да се примени коефициент на додаток на плата за раководење и одговорност од 0,18 – главен медицински лаборант.

- Со воведувањето на пакетите за реализирани епизоди на лекување од примарна здравствена заштита за Дежурна служба е воведен пакетот ПРЕ 2- Дежурна служба со референтна цена од 76.500 денари. ЈЗУ нема регистрирано таков пакет на Порталот за Фондот за здравствено осигурување, а со самото тоа здравствените услуги не може да ги искаже во месечен извештај на Порталот на Фондот. А од друга страна за дежурства на вработени доктори во ЈЗУ во Р.Е. Дежурна служба во 2022 година е исплатен износ во висина од 421.065 денари, а за дежурствата кои ги даваат избраните лекари концесионери, кои дежураат согласно Договорот со ФЗОМ и Националната програма за здравствена заштита на Министерство за здравство исплатен е износ од 523.730 денари.

Препорака: Од страна на ЈЗУ треба да се превземат активности за регистрирање на Пакетот од примарна здравствена заштита – ПРЕ 2 – Дежурна служба, а по претходна Согласност од Министерството за здравство и врз основа на таа Согласност Фондот за здравствено осигурување дава известување за бројот на број на тимови, како би можеле да се прикажат извршените здравствени услуги на Порталот на Фондот.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 8 препораки **исполнети се** 3, кои се однесувале на следново:

1. Фактурите кон деловните партнери да се исплаќат во договорениот односно валутниот рок.
2. ЈЗУ одлуката за јавна набавка треба да ја донесе со ДДВ согласно член 28 став 2 од ЗЈН од 2018 година односно член 77 од ЗЈН од 2019 година.
3. Пресметка и исплата на додатоците од плата да се пресметуваат согласно колективниот договор во здравствена дејност, односно основица за пресметката и исплата на додатоците од плата е основниот коефициент на сложеност.

ЈЗУ не ги исполнила следниве препораки:

1. Додатоците од плата треба да се пресметуваат и исплатуваат согласно колективниот договор во здравствена дејност.
2. ЈЗУ за анагжирање на лица со договор на дело треба да обезбеди согласност од Министерство за финансии.
3. Согласно член 29А од Закон за јавни набавки Службен Весник 27/2016 и член 80 од Закон за јавни набавки ЈЗУ треба да определува лице или организациски облик за спроведување на јавни набавки.

4. ЈЗУ одлуката за доделување на договор јавна набавка да го донесе согласно член 112 од ЗЈН. (цитирано): Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.
5. Во Одлуката да се назначи Заменик претседател и заменици на членовите на комисијата за јавни набавки.

17. ЈЗУ Здравствен дом Неготино

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Неготино, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – контрола на расходи

- Висината на средства во Планот за јавни набавки се повисоки од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ, во 2020, 2021 и 2023 година ЈЗУ, нема расположиви средства за нивна реализација.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

- Според анализа на конто 198 во 2020, 2021, 2022 и 2023 година може да се види дека исплатите од конто 464-Разни трансфери и од конто 465-Исплата по извршни решенија и дел од исплатите на конто 425-Други договорни услуги не се евидентирани во аналогното конто 198.

Препорака: ЈЗУ сите обврски да ги евидентира на конто 198 согласно контниот план за Буџет и Буџетски корисници.

2. – контрола на залихи на набавка

Констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност.

Препорака: ЈЗУ да обезбеди претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување доколку има потреба од набавка на лекови што не се на листата на лекови.

3. – контрола на јавни набавки

- ЈЗУ склучува договор за сервисирање и одржување на принтери, на годишно ниво и го прикажува во кварталната евиденција во системот на ЕСЈН за мали набавки под вредносни прагови целиот износ на Договорот, а додека на годишно ниво не го реализира целосно износот од договорот, според фактурите за извршени услуги.

Препорака: Доколку не се реализира целиот износ на договорот, ЈЗУ да не го прикажува во кварталната евиденција на малите набавки под вредносните прагови, туку само фактурите за пружени услуги,

поединечно, од причина што вака го зафаќа износот од 1000 евра во денарска противредност, а со тоа и побрзо го зафаќа и износот до 12.000 евра на годишно ниво во денарска противредност за стоки и услуги, со цел преостанатиот износ до 1.000 евра би можела да го искористи за друга намена, односно, за набака на други стоки, услуги или работи, согласно член 40 од Законот за јавни набавки.

- ЈЗУ ЗД Неготино во 2022 и 2023 година го надминува дозволениот лимит од 12.000 евра во денерска противвредност без ДДВ поедично по видови сток и услуги на годишно ниво согласно член 40 став 6 од Законот за јавни набавки.

Препорака: ЈЗУ ЗД Неготино да се придржува до одредбата од член 40 став 6 од Законот за јавни набавки го надминува дозволениот лимит од 12.000 евра во денерска противвредност без ДДВ поедично по видови стоки и услуги на годишно ниво, односно да не го надминува.

- Изјавите за судир на интереси на комисијата за јавни набвки и одговорното лице не се заверени со архивски број и немаат датум.

Препорака: Сите документи од работењето на правните лица треба да се евидентираат во архивата на правните лица, согласно Законот за архивско материјал и Уредбата за канцелариско и архивско работење со соодветни знаци.

- Во фактурата на добавувачот, валутата не е во согласност со склучената рамковна спогодба.

Препорака: Доколку фактурата не е во согласност со склучената рамковна спогодба, треба да ја врати на корекција кај добавувачот (избраниот економски оператор).

- Записникот од отварањето на понудите, Извештајот од спроведената постапка за јавна набавка и не се потпишани од комисијата за јавна набавка рачно додека се потпишани електронски во системот на Бирото за јавни набавки и се заведени во електронската архива на ЕСЈ.

Препорака: Сите документи од работењето на правните лица треба да се потпишат и рачно, како што е предвидено во самите образсци од Бирото за јавни набавки.

- Договорниот Орган ЈЗУ до системот на ЕСЈН има објавено Известување за поништување на постапката, покасно за 25- дваесет и пет денови, од утврдениот рок. Имено согласнио член 114 став 4 од Законот за јавни набавки треба да се објави известувањето за 10 дена од денот на поништувањето на делови од постапката.

Препорака: Договорниот орган ЈЗУ има обврска да се придржува до член 114 став 4 од Законот за јавни набавки, односно, Известување за поништување на постапката треба да се објави во рок од 10 дена од денот на поништувањето на делови од постапката, односно, од носењето на Одлуката за поништување.

4. - контрола на плати

- Во пресметките за плати на сите вработени програмот за пресметување на плати е изграден со просечен број на часови, кој изнесува 176 во сите месеци во текот на една календарска година.

Препорака: ЈЗУ да воведе пресметување на плати со (реални) редовни работни часови колку што секој месец има број на работни денови, од причина што додатоците на плати согласно Колективниот договор за здравствена дејност во член 65 наведува часови поминати на работа во редовно работно време и саатнина за редовно работно време. Во случајов саатнината не е соодветна на саатнината за секој месец поодделно согласно бројот на работни денови во секој месец од годината.

Во текот на претходните финансиски контроли не се дадени препораки.

18.ЈЗУ Здравствен дом Скопје

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Скопје, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата**:

1. *– приходи*

ЈЗУ за извршените приватните здравствените услуги кон пацентите го применува ценовникот од ФЗОРСМ.

Препорака: Согласно член 47, од Законот за здравствена заштита, цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство со посебен акт, по претходно прибавено мислење од Фондот, имајќи ги предвид трошоците за услугата на здравствените работници, односно тимовите кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестициско одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лековите и медицинските потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

2.– расходи

Надоместокот на Претседателот на Управен одбор и на членовите на Управен одбор не е во согласност со заклучокот на Владата на Република Македонија (известувањето број 11-161/1 од 04.01.2018 година). Претседателот на УО му се исплатува по 7.000 денари додека на членовите на Управен одбор име се исплатува по 6.000 денари, наместо 5.000 денари и 4.000 денари.

Препорака: ЈЗУ надоместокот за Претседателот и членовите на Управен одбор на ЈЗУ да го исплатува согласно заклучокот од Владата на Република Македонија односно писмото бр.11-161/1 од 04.01.2018 година.

3.– контрола на побарувања на ЈЗУ

Контролата констатира, во ЈЗУ нема евиденција за следење на старосната структура на побарувањата.

Препорака: ЈЗУ да ги превземе сите законски мерки за следење на старосната структура на побарувањата согласно Законот за облигациони односи и да превзема соодветни активности за навремена наплата на побарувањата.

4.– контрола на благајбичко работење

- Контролата утврдила дека главната благајна во ЈЗУ не е софтверски поврзана со поединечните наплатни места.

Препорака: Се препорачува главната благајна во ЈЗУ софтверски да се поврзи со поединечните наплатни места.

- Дневник на благајна се изготвува рачно, врз основа на каса прими и Извештај на оператор од поединечните наплатни места. Касата прими не е потпишана од лицето што ги предава парите. Извештајот

на оператор нема потпис од лицето што го изготвило извештајот и лицето што го контрлирало извештајот на оператор.

Препорака: Контролата препорачува, каса прими да се потпишува од лицето кое ги предава парите и извештајот на оператор да се потпишува од лицето кое го изготвило извештајот и лицето кое контролира.

- Документ каса исплати не се изготвува за внесените пари на сметка од партиципација и од приватни прегледи.

Препорака: Документ каса исплати да се изготвува за внесените пари на сметка од партиципација и од приватни прегледи.

5.- Контрола на пресметки

При контрола на пресметките по случаен избор, за дејноста очна медицина во март 2025 година констатирано е фактурирање на два пакети од дејност очна медицина (пример:АОМ3 и АОМ10 или АОМ8 и АОМ10).

Препорака: Согласно постоечкото УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ/ФАКТУРИ ЗА ИЗВРШЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ во примарна здравствена заштита во здравствени домови, специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита во сите здравствени установи, во делот за специјалистичките пакети е наведено: Основно правило при искажување на здравствени услуги е дека со еден упат за едно осигурено лице се искажува еден пакет или комбинација од пакет со една или повеќе извршени здравствени услуги.

При контролата констатирано е следново ЈЗУ ги плаќа фактурите согласно расположливите средства со кои располага во вршењето на дејноста. Некои од фактурите се исплатени пред договорениот рок, а со оглед на тоа што ЈЗУ има поголем износ на долгови кои се констатирани во периодот на контрола, се препорачува исплатата на фактури кон деловните партнери да се врши согласно законскиот односно договрениот рок.

6 . - контрола на залихи на лекови

Од увидот во материјалната евиденција констатирани се лекови кои не се на Позитивната листата на лекови што се на товар на Фондот за здравствено осигурување, за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. На контролата не и беа доставени потребните согласности според член 9 од Законот за здравствено осигурување за набавка на горенаведените лекови.

Препорака: За набавка на лекови кои не се на Позитивната листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.

7. - контрола на јавни набавки

- Во 2021, 2022 и 2023 година, констатирани се повеќекратни набавки на ист вид на набавка од разни добавувачи, чија проценета вредност, е над дозволениот лимит од 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ, за набавки без спроведена постапка за набавка.

Препорака: Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка да не биде поголем од законски утврдениот лимит.

- Во 2021, 2022 и 2023 година, констатирани се набавки чија вкупна вредност го надминува вредносниот праг за примена на Законот за јавни набавки, за набавки без спроведена постапка за набавка.

Препорака: Да се внимава вкупниот износ на набавките без спроведена постапка да не биде поголем од законски утврдениот лимит.

8. - контрола на плати

Платите во ЈЗУ Здравствен Дом Скопје се пресметуваат и се исплаќаат согласно Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор во здравствена дејност на РМ (Службен Весник на РСМ бр.106 и 237 од 2023 година), и Колективниот Договор за изменување и дополнување на Колективниот Договор на ниво на ЈЗУ "Здравствен дом на Скопје"-Скопје, дел за плати други права по основ на плата, надоместоци на плата и други примања на работниците бр.02-764/3 од 14.02.2020 година).Претседателот на Управниот одбор нема овластување од Министерот за здравство за да го потпише Колективниот Договор со Директорот на ЈЗУ и Претседателот на Синдикалната организација на ЈЗУ Здравствен дом Скопје нема овластување од Претседателот на Самостојниот синдикат за здравство.

Во контролираните пресметки кај раководители на служби во ЈЗУ применет е коефициент на сложеност кој е утврден во Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на ЈЗУ Здравствен дом Скопје, дел за плати, други права по основ на плата, надоместоци на плата и други примања на работниците од 07.06.2023 година. Истиот е потпишан од Претседател на Управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом на Скопје и Советот на репрезантативниот синдикат при ЈЗУ Здравствен дом на Скопје.

Препорака: Контролата препорачува, потребно **е** ЈЗУ да ги почитува на членовите 220 и 222 од Законот за работни односи, во кој се утврдени „Страните за склучување на поединечен колективен договор за јавни установи"и „Овластувањата за склучување на колективен договор".

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 15 препораки **исполнети се** 9, кои се однесувале на следново:

1. Фактурите кои не се во согласност со одредбите од Договорот и законските одредби да се враќат кај добавувачот на корекција.
2. ЈЗУ треба да води сметководствена евиденција за пресметаната партиципација.
3. ЈЗУ Здравствен Дом Скопје за рационално и економично искористување на финансиските средства треба на залиха да чува оптимални залихи за извршување на дејноста, односно, залихите на лекови и медицински материјали да се усогласи со динамиката на трошење на истите.
4. Договорите мора да бидат во согласност со одредбите за доделување на договор за постапка за јавна набавка член 128, 162 и 165 од Законот за јавни набавки, од причина да не би дошло до жалбена постапка или можност за употреба на одребите од Член 166, 210 и 212 од Законот за Јавни набавки.
5. Известувањата за склучен договор за јавна набавка до економските оператори мора да СЕ во согласност со одредбите за доделување на договор за постапка за јавна набавка број 128,162 и 165 од Законот за јавни набавки, заради тоа што во истите стои дека Вредноста на договорот е 6.721.185 денари без ДДВ, односно 7.931.278 денари со ДДВ.

6. Економските оператори мора да се придржуваат склучениот договор, а воедно и ЈЗУ мора да се до Условите од понудата, Моделот на договорот, Одлука за избор и Склучениот договор односно согласно член 161 и член 165 од Закон за јавни набавки. Доколку фактурите не ги содржат сите одредби од Склучениот договор мора да се вратат назад кај економските оператори за да се исправат. Фактури кои не ги содржат битните елементи од склучениот договор за јавна набавка не смееат да се примаат туку да се вратат на корекција.
7. Договорите мора да бидат во согласност со одредбите за доделување на договор за пресметка за јавна набавка член 59 став 13, член 112 и член 116 од Законот за јавни набавки, од причина да не би дошло до жалбена постапка или можност за употреба на одредбите од член 138 став 2, член 157, член 163 од Законот за Јавни набавки а со тоа би дошло до ненаменско и неправилно трошење на средствата на ФЗОРСМ.
8. ЈЗУ мора да се придржува до членовите 112, 116 и 117 од законот за Јавни набавки. Во спротивно би дошло до примена на одредбите од Член 138, став 2, член 157, член 159 и член 163 од Законот за Јавни набавки, а со тоа би дошло до незаконито трошење на средствата на ФЗОРСМ, а и потешки последици со судски постапки, а со тоа и до зголемени и неоправдани трошоци на работењето и неоправдано трошење на средствата на ФЗОРСМ и сопствените средства.
9. Добавувачот мора да се придржува до спецификацијата од договорот за јавна набавка, фактурира лекови кои не се во спецификацијата на понудата и склучениот договор со ЈЗУ ЗД на Скопје, согласно член 112, 116 и 117 од Законот за за Јавни набавки, а со тоа за да не би дошло до примена на одредбите од Член 138, став 2, член 157, член 159 и член 163 од Законот за Јавни набавки, а со тоа би дошло до незаконито трошење на средствата на ФЗОРСМ, а и потешки последици, доколку би дошло до спор и примена на законските одредби од Прекршочна и кривична постапка, а со тоа и до зголемени и неоправдани трошоци на работењето и неоправдано трошење на средствата на ФЗОРСМ и сопствените средства.

ЈЗУ **не ги исполни** следните препораки:

1.ЈЗУ да донесува Ценовник со Одлука на УО за приватните здравствени услуги истиот да се архивира.

2.ЈЗУ надоместокот за Претседателот и членовите на УО на ЈЗУ да го исплатува согласно заклучокот од Владата на Република Македонија односно писмото бр.11-161/1 од 04.01.2018 година.

3.ЗУ Здравствен Дом Скопје да ги превземе сите законски мерки за следење на старосната структура на побарувањата согласно Законот за облигациони односи.

4.ЈЗУ исплатата на фактури кон деловните партнери да го изврши согласно законскиот односно договрениот рок.

5.ЈЗУ согласно Упатсвото за фактурирање од ФЗОМ со еден упат треба да фактурира една пресметка.

6.За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.

19 . <u>ЈЗУ Здравствен дом Тетово</u>

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Тетово, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата**:

1. – контрола на приходи и расходи

ЈЗУ нема донесено Одлука за ценовникот за приватни услуги туку го користи Ценовникот од 2009 година.

Препорака: ЈЗУ да донесе Одлука за ценовникот при пружење на приватни здравствени услуги.

ЈЗУ приходите од забарски услуги ги евидентира на конто 723814 кое не е во согласност со контниот план на Буџет и Буџетски корисници.

Препорака: ЈЗУ приходите од здравствени услуги да ги евидентира согласно со контниот план на буџет и буџетски корисници.

ЈЗУ има потрошено повеќе финансиски средства споредено со годишниот план во 2020 и 2021 година.

Препорака: ЈЗУ реално да ги планира трошоците по конта и истите да ги извршува според планот.

Утврдено е, висината на средства во планот за јавни набавки се повисоки од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ во 2021 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на Договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Називот на конто 425430 гласи како расходи за здравствени услуги санитарни книшки и друго што не е согласно Контниот план за буџет и буџетски корисници.

Препорака: ЈЗУ да ги евидентира точно називот на аналитчките конта според контниот план на буџет и буџетски корсиници.

2. - контрола на благајничко работење

Начинот на работа со наплата на парични среддства и предавање во благајната на ЈЗУ не е во согласност со член 11 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања, од причина што во еден ден се предаваат промет од два до три дена.

Препорака: ЈЗУ, односно, нејзините одделенија каде се врши наплата на партиципација и приватно пружени здравствени услуги, да се придржуваат до член 11 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања, односно, најкасно наредниот работен ден веднаш да се предава дневниот промет во Благајната на ЈЗУ.

3. - залихи на лекови

Од увидот во материјалната евиденција констатирани се лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот з аздравствено осигурување за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување.

Препорака: За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.

4. - контрола на плати

Контролата утврдила, исплатата на додатоците за плата на медицинските работници од биохемиска лабораторија покрај отежнати услови пресметан е и коефициент за повремена изложеност на инфекции, се пресметани и прикажани заеднички во исплатна листа.

Препорака: ЈЗУ додатоците за плата треба да ги пресметува одделно за секој додаток.

Кај лекар специјалист раководител во исплатната листа за раководење е пресметан коефициент за раководење 0,45 а во решение утврден е 0,49.

Препорака: ЈЗУ додатоците за плата по основ на раководење при пресметување на плата во исплатната листа да ги усогласи согласно доделеното право во решението и во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност**.**

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 10 препораки **исполнети се** 6, кои се однесувале на следново:

1. ЈЗУ пренесениот вишок од претходна година да го евидентира во сопствените приходи.
2. ЈЗУ надоместоците за отпремнина за заминување на пензија да ги евидентира согласно со контниот план на буџет и буџетски корисници и тоа во конто 464940-трансфери при пензионирање.
3. ЈЗУ Одлуките за исплата на надоместоците да ги изготвува согласно Законот за Извршување на буџетот.
4. ЈЗУ надоместоците за управниот одбор да ги евидентира согласно контниот план на буџет и буџетски корисници и то во конто 404150.
5. ЈЗУ Здравствен Дом Тетово за рационално е економично искористување на финансиските средствата тр ба на залиха да чува оптимални залихи и за извршување на дејноста, односно, залихите на лековии медицински материјали да се усогласи и со динамиката на трошењето на истите.
6. Економскиот оператор при фактурирање кон ЈЗУ да се придружува кон правилниот опис на единична мерка согласно тендерската документација.

ЈЗУ не ги исполнети следните препораки:

1. ЈЗУ Здравствен Дом Тетово реално да ги планира трошоците по конта и истите да ги извршува според планот.
2.ЈЗУ приходите од здравсвени услуги да ги евидентира согласно со контниот план на буџет и буџетски корисници.
3.За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравств и Фондот за здравствено осигурување согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.
4.ЈЗУ додатоците за плата треба да ги пресметува одделно за секој додаток.

20. ЈЗУ Здравствен дом Виница

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Виница, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. *– контрола на расходи*

- Висината на средства во планот за јавни набавки се повисоки од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ за 2019, 2020, 2022 и 2023 година. ЈЗУ нема расположиви средства за реализација на годишните планови за јавни набавки за 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година.

Препорака: Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган треба да донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Закон за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка за негова реализација.

- Во 2019 и 2023 година година, контролата констатирала исплата на јубилејни награди за кои на контролата не и беа дадени решенија за посединечна исплата на секој вработен.

Препорака: Согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, секоја финансиска трансакција треба да биде покриена со соодветен документ. Во решението треба да биде наведен член од законот, односно Колективниот договор, кој е основа за оваа исплата.

- Во 2023 година има евидентирана исплата од конто 4041500 - Други надоместоци во износ од 86.340 денари за одвоен живот на двајца лекари на специјализација во Клинички центар Скопје, конто 404130 одвоен живот..

Препорака: Евидентирањето на расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на расходите.

- Контролата утврдила плаќање во ЈЗУ во текот на 2020 и 2021 година за правни услуги на адвокат, но за истото ЈЗУ не презентирала договор за меѓусебна соработка.
- Во 2020 година евидентирано е плаќање на двајца лекари во комисија за возачи од различни конта, што не е во согласност со Правилникот за класификација на расходите и за истото на контролата ЈЗУ не презентирала договор за меѓусебна соработка.

- ЈЗУ во 2022 година има реализација на трошоци за за осигурување на недвижности и права чие евидентирање не е во согласност со со Правилникот за класификација на расходите.

Препорака: ЈЗУ за сите реализирани исплати треба да има претходно регулиран со договор за меѓусебна соработка и искажани во финансиски параметар. Исто така, евидентирањето на расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на расходите.

Контролата при увидот на расходите на ЈЗУ утврдила**,** евидентирани големи трошоци во 2019, 2020 и 2021 година за исплати по извршители како непродуктивни трошоци, а се однесува за платени вештачења за постапки на тужбени барања од вработени во установата по различни основи за не исплатени додатоци на плати за вработени по Колективниот договор.

Препорака: ЈЗУ да внимава при трошоците кон извршители, односно рационално и ефикасно да ги користи/троши средствата добиени од Фондот и од сопствени приходи да ги намали непродуктивните трошоци од типот ангажирање на вешти лица и адвокати, односно при пресметка и исплата на плати како и додатоци на плати за вработени во целост да го почитува и применува Колективниот договор за здравствена дејност.

2. – *анализа на побарувања на ЈЗУ*

ЈЗУ има високо салдо на побарувања од Министерство за здравство и од закуп на ПЗУ концесионери во установата, кои на 31.12.2019 година изнесуваат 470.090 денари, на 31.12.2020 година 663.604 денари, на 31.12.2021 година 690.332 денари, на 31.12.2022 година 564.602 денари и на 31.12.2023 година 700.642 денари.**Препорака:** ЈЗУ да преземе мерки за наплата на побарувањата.

- ЈЗУ има многу мал износ на наплатата на побарувањата, во однос со фактурираниот износ од Министерство за здравство за 2019 -15,58 %, 2020 - 2,65 %, 2021 -18,39 %, 2022 - 15,26 % и за 2023 година - 1,32 %.

Препорака: ЈЗУ да превземе соодеветни марки за наплата на побарувањата, во однос со фактурираниот износ од Министерство за здравство за 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година.

3. - контрола на начинот на пресметка и наплата на партиципација

- ЈЗУ нема Решение од Министерство за здравство со кое се утврдува дека ЈЗУ ги исполнува условите во однос на простор, опрема и кадар.

Препорака: ЈЗУ да обезбеди Решение од Министерство за здравство со кое ќе се утврди дека ЈЗУ ги исполнува условите во однос на простор, опрема и кадар.

- Во ЈЗУ се наплаќа за приватни здравствени услуги, истите се евидентирани за приватно но се издава ист документ како и другите плаќања на здравствени услуги.

Препорака: ЈЗУ да изготви посебен документ за наплаќање на приватни здравствени услуги.

4. - анализа на залихата на лекови и медицински материјали

ЈЗУ нема електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија односно мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

Препораки: ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија и да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал .

5. – ангажирање лица со договор за дело

- ЈЗУ нема Согласност од Министерство за финансии за ангажирање на лица на договор на дело за да се утврди точен број на ангажираните лица и профилот на работно место на истите.

Препораки: ЈЗУ да обезбеди Согласност од Министерство за Финансии за ангажирање на лица на Договор на дело во установата со точно утвреден број на анагажирани лица и профил на работно место на истите, согласно Законот за Трансформација во редовен работен однос член 8 и член 9 од истоимениот Закон.

6.- *контрола на плата*

- на главната медицинска сестра на ЈЗУ се пресметувани и се исплатени следниве додатоци: услови за работа од 0,8 % на вкупниот број часови во месецот, а прекувремена работа 129 % и остварена приправност 113 % на часовите кога била ангажирана.
- на сите вработени административни службеници се пресметувани и исплатени додатоци на плата како услови за работа од 0,8 % на вкупниот број часови во месецот.
- на директорот на установата се пресметувани и исплатени додатоци на плата како услови за работа од 0,8 % на вкупниот број часови во месецот.

Препорака: Согласно член 3 од Колективниот договор за здравствена дејност на главната медицинска сестра на Универзитетски Клинички Центар, Универзитетски Институти, Универзитетска Клиника, Институт, Болница за нега, здравствени домови, болница (општа и специјализирана) и Центар и се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,663 (Службен Весник на РСМ број 106 од 2023 година односно член 3 од Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор кој гласи "Во член 73 став 2 бројот 3,600 се заменува со бројот 3,813, а бројот 3,450 се заменува со бројот 3,663").

- Согласно член 4 од Колективниот договор за здравствена дејност на директорите на Универзитетски Клинички Центар, Универзитетски Институти, Универзитетска Клиника, Институт, Болница за нега, здравствени домови, болница (општа и специјализирана) и Центар и се утврдува плата во вкупен коефициент од 6,691 (Службен Весник на РСМ број 191 од 2020 година односно член 73-а од Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор кој гласи "Во член 73-а Службен весник 39 од 2019 година во став 1 за директорите гласи "дека им се утврдува плата во вкупен коефициент "). На директорот треба да се утврдува согласно член 73-а од Анексот на Колективен договор Службен весник 39/2019 .

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 3 препораки **исполнети се** 2, кои се однесувале на следново:

1. Да се води евиденција на фактичката состојба со поминатa километража на возилото и потрошеното гориво во однос на изминатите километри.
2. Во здравствената установа да испрати лице за обука за јавни набавки кое ќе биде обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки.

Препораката која се однесува на ЈЗУ да изготви писмена процедура за начинот на пресметка и исплата на трошоците за гориво е делумно исполнета, (истата е изготвена, но не е поминатa на Управен одбор, контролата добиле информација дека за време на контролата истата е дадена за на седница на Управен одбор).

21. ЈЗУ Општа болница Куманово

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Општа болница Куманово, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – увид во побарауваља на ЈЗУ

Од контролата е констатирано континуирано зголемување на побарувањата на ЈЗУ во 2021, 2022 и 2023 година.

Препорака: ЈЗУ да ги превземе сите законски мерки за следење на старосната структура на побарувањата согласно Законот за облигациони односи.

2. - контрола на плаќања на трансакциската сметка и благајна

Контролата утврдила дека сите контролирани фактури (избрани од контролираните постапки за јавни набавки) се платени после крајниот рок на плаќање. Некои од нив се платени по изминување на утврдениот краен рок на плаќање за 10 до 17 месеци.

Препорака: Плаќањето на обврските кон добавувачите да се врши согласно роковите за плаќање утврдени во потпишаните договори и рамковни спогодби.

3. – контрола на благајничко работење

- Во ЈЗУ за примените парични средства во благајна се изработува каси прими. На направените каси прими нема потпис од лицето што ги предало парите (нема потпис на "Исплатил").

Препорака: Касите прими да бидат соодветно потпишани од лицата што ги предаваат паричните средства во благајна.

- За примените парични средства во благајна се изработува каси прими. На направените каси прими нема потпис од лицето што ги предало парите (нема потпис на "Исплатил").

Препорака: Касите прими да бидат соодветно потпишани од лицата што ги предаваат паричните средства во благајна.

- Сите примените парични средства во благајна, според контролираните благајнички извештаи, се уплаќаат на трансакциска сметка, истиот ден, но предавањето на прометот од наплатните места до благајна трае 2-3 дена (бидејќи прво се предаваат во приемно) со што се надминува законскиот рок за уплата според кој сите парични средства од дневниот промет правното лице е должно на својата трансакциска сметка да ги уплати најдоцна наредниот работен ден.
  Во контролираниот благајнички извештај број 236 од 19.12.2023 година констатирано е дека во истиот е евидентиран дневен промет од 14, 15, 16, 17 и 18.12.2023 година. Во овој благајнички извештај констатиран е и дневен промет од 04.09.2023 година, 10.10.2023 година и 14.10.2023 година, од спец. одд. ушна амбуланта.

Препорака: Сите парични средства од дневниот промет, примени во готово, правното лице е должно на својата трансакциска сметка да ги уплати најдоцна наредниот работен ден.

4. - контрола на залиха на лекови

- Констатирани се набавки на лекови кои не се на Листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност, без претходно обезбедена согласност (која призведува правно дејство) од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување (во период 2021-2023 година).

Препорака: ЈЗУ да обезбеди претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување доколку има потреба од набавка на лекови што не се на листата на лекови.

- Со контролата е констатирано дека, во контролираниот период, за примените лекови од добавувачите во болничка аптека се прави електронска приемница. Дел од приемниците, што и беа дадени на увид на контролата во хартиена форма, не се потпишани од лицето што ја примило стоката. Издавањето на лековите, во контролираниот период, од болничка аптека кон одделенијата се врши со интерни

испратници. На истите нема потпис од лицето кое ја издава стоката од аптека како ни на лицето кое ја прима стоката на одделение, амбуланта или друго место.

Препорака: Приемниците и испратниците да бидат соодветно потпишани од лицата што ја примаат односно издаваат стоката.

5. – ангажирање лица со договор за дело

Во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година, бројот на ангажираните лица со договор на дело (договори што клиниката директно ги склучила со ангажираните лица) е над дозволениот утврден процент/број (повеќе е од 1% од вкупниот број на вработени во претходната година) за што не е обезбедена согласност од Министерството за финансии за ангажирање лица со договор на дело.

Препорака: При ангажирање лица со договор на дело ЈЗУ треба да постапува согласно Законот за трансформација во редовен работен работен однос.

6. - контролата на јавните набавки

- Во контролираниот период контролта констатирани се фактури од реализирани набавки во 2021,2022 и 2023 година, во вкупен износ без ДДВ, над дозволениот лимит (до 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ), за набавки без спроведена постапка за набавка, за поединечна потреба во годината (за кои на контролата не и се презентирани договори за спроведена соодветна постапка за јавна набавка од страна на здравствената установа или договори за групна набавка, донација, измена на договор за јавна набавка и сл.).

Препорака: За набавките на стоки и услуги чија вредност без ДДВ е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност, за поединечна потреба во годината, да се применуваат одредбите од законот за јавни набавки.

- Во контролата се констатирани документи- фактури во 2021 и 2022 година од економски операторот во кои како забелешка е наведено “рев.”, “Реверс” и испратници-фактури од економски оператор во кои како забелешка е наведено “по испратница број ....” иако добавувачот изработува документ испратница/фактура (најчесто во случаи кај потпишани договори по јавни набавки) во која како забелешка вообичаено стои само бројот на постапката за набавка и бројот на договор. Документација во врска со забелешките во овие фактури и испратници-фактури не е добиена во целост односно не и беа дадени на увид сите барани документи во врска со овие снабдувања, по што контролата не може со сигурност да се произнесе за истите, односно не може со точност да утврди дали кај сите фактури се работи за предвремено снабдување во период пред склучување договори или поради други причини (неможност за вршење регуларни испораки на добавувачот и др.). Од делумно добиената документација, испратници од економски оператор, може да се види дека истите се направени пред да биде потпишан договорот за јавна набавка од двете договорни страни (во период кага е потпишан само од една страна), но на истите нема потпис од лицето што ја примило стоката.
  Појаснето е дека можеби, заради неопходност од лекување на пациентите, се работи за снабдување по пат на предвремено требување само од економски оператори за кои здравствената установа има сознанија дека се избрани понудувачи врз основа на Одлука за избор, во период пред потпишување на договорот од двете договорни страни (пример: снабдување во период кога договорот е потпишан само од ЈЗУ, но уште не е потпишан од економскиот оператор), или можеби поради други причини (неможност за вршење регуларни испораки на добавувачот и др.).
  Целосна документацијата за овие набавки не и е дадена на увид на контролата.

Препорака: Здравствената установа да ја доставува на увид бараната документација за контрола. Доколку се работи за предвремено снабдување со реверс, здравствената установа да презема мерки за навремена снабденост со лекови и потрошни материјали со цел да се избегне покривањето недостиг на истите со реверси.

- Во сите контролирани постапки за јавни набавки во одлуката за јавна набавка не е наведен износ потребен за реализација на договорот, што го вклучува и ДДВ (наведен е износ без ДДВ).

Препорака: Во одлуката за јавна набавка треба да се вклучи целокупниот износ што ќе се исплати за реализација на договорот, вклучувајќи го и ДДВ.

- Кај контролираните постапки за набавка на производи од хартија и набавка на средства за хигиена (со рамковни спогодби), во ниту еден документ не е наведена планираната количина на стоките што се предмет на набавка. Во сите документи од оваа постапка (во тендерската документација, во образецот на понуда, во склучената рамковна спогодба) количината на секоја оделна ставка од предметот на набавка е изразена како "количина 1".

Препорака: Договорниот орган при спроведување постапка за јавна набавка да ги дефинира минималните/максимални ориентациони количини.

- Со контролата е констатирано дека во потпишаната рамковна спогодба, ставката "Стик блокче самолепливо со минимум димензии 75/75mm, пакување од најмалку 1/100 листа" е со единечна цена од 15,00 денари без ДДВ, за едно пакување, односно 17,70 денари со ДДВ, а ставката "Стик блокче самолепливо минимум димензии 75/100mm, пакување од најмалку 1/100 листа" е со единечна цена од 1,15 денари без ДДВ, за едно пакување, односно 1,36 денари со ДДВ. По увидот во контролираните фактури констатирано е дека нарачки на ставката "Стик блокче ..." се вршени само од онаа ставка со единечна цена од 17,70 денари со ДДВ (две нарачки по 100 пакувања). Од лицето кое ги врши нарачките добиено е појаснување дека се работи за ненамерен пропуст.

Препорака: Лицето кое ги врши нарачките на стоките од добавувачите да внимава при изработката на истите.

- Констатирана е разлика помеѓу единечните цени без ДДВ, наведени во потпишаниот договор во Дел 1, кој дел се состои од 4 (четири) ставки, споредени со единечните цени без ДДВ што би требало да се добијат по соодветното намалување, по завршувањето на електронската аукција. Истото не е согласно информациите дадени во тендерската документација.

  Единечната цена без ДДВ на одредена ставка, во потпишаниот договор по спроведена постапка за јавна набавка е пониска од постигнатата цена со е-аукцијата, односно од цената што би требало да се добие по соодветното намалување по е-аукцијата.

  Единечните цени без ДДВ на одредени ставки, во потпишаниот договор по спроведена постапка за јавна набавка се повисоки од постигнатите цени со е-аукцијата, односно од цените што би требало да се добијат по соодветното намалување по е-аукцијата.

  Вкупната цена без ДДВ за Дел 1, наведена во потпишаниот договорот, е иста со понудената, постигната на електронската аукција.

Препорака: Да се врши контрола дали единечните цени наведени во потпишаните договори се исти со понудените.

- Кај контролираната постапка за набавка на прехранбени производи констатирана е разлика помеѓу големината на пакувањето изразена во грамови (грамажата на пакување) за одделни ставките наведени во тендерската документација и потпишаниот договор.

Препорака: Да се врши контрола дали испорачаните стоки се согласно бараното во тендерската документација и потпишаниот договор.

- Со контролата е констатирано и дека во потпишанан договор по спроведена постапка за јавна набавка"Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го врши во рок од 90 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган", а во контролираните испратница фактура е наведено дека доспева 60 дена од датата на фактурата. Во контролираните испратници фактури нема потпис од лицето што ги примило стоките.

Препорака: Да се врши контрола на исправноста и комплетноста на испратниците фактури.

7. - контрола на плати

- Констатирана е исплата на додаток за дежурство на медицинска сестра (јули 2023 година). За дежурствата на медицинските сестри не е обезбедена согласност од Министерство за здравство.

Препорака: ЈЗУ да обезбеди согласност од министерот за здравство за воведување дежурства на медицински сестри.

- Во ЈЗУ Општа болница Куманово, во контролираниот период, нема организација на работа во три смени, има во две смени, од 07-19 и од 19-07 часот. Не се исплаќа додаток за сменско работење.

Препорака: Исплатата на додатоците и надоместоците на плата да се врши согласно Колективниот договор за здравствена дејност.

- Во месец јуни 2023 година констатирана е пресметка на дежурство на доктор, иако во доставениот на увид распоред на дежурства за тој ден (истиот не е предвиден за дежурство). Добиено е појаснување дека распоредот претставува план за дежурства кој подлежи на измени (замени помеѓу доктори од разни причини). Друг распоред за тој месец, на контролата не и е доставен, од што произлегува дека измените во распоредот на дежурства не се ажурираат.

Препорака: Измените во распоредот на дежурствата да бидат навремено и соодветно евидентирани.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 7 препораки **исполнети се** 4, кои се однесувале на следново:

1. ЈЗУ трошоците од набавка на компјутери да ги евидентира на соодветно конто согласно со контниот план на буџет и буџетски корисници и тоа на конто 480140 Купување на информатичка и видео опрема.
2. ЈЗУ да води сметководствена евиденција за пресметана партиципација за извршените здравствените услуги кон осигурениците.
3. ЈЗУ Општа Болница Куманово за рационално и економично искористување на финансиските средства треба на залиха да чува оптимални залихи за извршување на дејноста, односно залихите на лекови и медицински материјали да се усогласи со динамиката на трошењето на истите.
4. Додатоците на плата во исплатната листа да се пресметуваат согласно Колективниот договор од здравствена дејност.

ЈЗУ не ги исполнила следните дадени препораки:

1. За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.
2. ЈЗУ Општа Болница – Куманово да ги превземе сите законски мерки за следење на старосната структура на побарувањата согласно Законот за облигациони односи.

За дадената препорака од претходни финансиски контроли, додатоците на плата во исплатната листа да се пресметуваат во посебни ставки, контролата нотирала дека во контролираните пресметки нема таков случај.

22. ЈЗУ Здравствен дом Куманово

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Куманово, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

*1.- контрола на **побарување на ЈЗУ***

ЈЗУ има високо салдо на побарувања од корисници на услуги (купувачи во земјата 2020 година 4.281.199 денари, 2021 година 4.632.902 денари, 2022 година 4.422.625 денари и 2023 година 4.652.097 денари) и побарувања од Министерството за здравство (2020 година 5.158.699 денари, 2021 година 5.121.379 денари, 2022 година 5.411.418 денари и 2023 година 5.668.057 денари).

Препорака: ЈЗУ да преземе мерки за наплата на побарувањата.

2.– *контрола на расходи*

- Во 2020, 2022 и 2023 година во ЈЗУ се евидентирани расходи за изнајмување - фотокопирен апарат. На контролата не и беше даден договор за уредување на меѓусебните односи.

Препорака: За секоја финансиска трансакција ЈЗУ да изготвува договор/документ за уредување на меѓусебните односи како доказ за исплатата.

3. - при наплата на приватни здравствени услуги се издава документ квитанција кој се користи за наплата на партиципација на здравствени услуги на терет на Фондот

При контролата на пресметан и наплатен износ на партиципација, е утврдено дека во ЈЗУ се наплаќа за приватни здравствени услуги, истите се евидентирани со шифра за приватно, но се издава ист документ – квитанција како и другите плаќања на здравствени услуги.

4. – контрола на залиха на лекови

- Од контролата на залихите на лекови, контролата констатирала дека ЈЗУ со истиот континуитет на просечната месечна потрошувачка на лекови и медицински материјали на крајот на тековната година нема доволно залиха за наредната година и тоа за 2022, 2023 и 2024 година .

Препорака: ЈЗУ со ист континуитет да набавува лекови и медицински материјали и при просечната месечна потрошувачка на трошење на крајот на тековната година да има доволно залиха за почетокот на наредната година.

- ЈЗУ нема електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија односно мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

Препорака: ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по одделенија и да воспостави мрежно поврзување помеѓу одделенија со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал.

5. – лица ангажирани со договор на дело

Во текот на 2020, 2021, 2022 и 2023 година во ЈЗУ се ангажирани лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор на дело чиј број е повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот на претходната годината, односно повеќе од три лица, бидејќи во установата вкупниот број на вработени е помал од 300 лица во 2020, 2021, 2022 и 2023 година.

Препорака: Согласно со Законот за трансформација (чл.8), институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица, односно институциите можат да ангажираат лица над дозволениот број само по претходно обезбедена Согласност од Министерсво за финансии.

6.- контрола на плати

При контрола на платите е утврдено дека решението за утврдување на месечна бруто плата на директор во установата е потпишано од самиот директор.

Препорака: ЈЗУ да изготви ново решението за утврдување на месечна бруто плата на директор во установата и истото да биде одобрено и потпишано од претседателот на Управен одбор од установата.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 2 препораки **исполнета е** 1, кои се однесувале на следново:
ЈЗУ да ги почитува одредбите од Законот за јавни набавки.

ЈЗУ не ја исполнила препораката која се однесува на ангажирањето на лица со договор за дело, т.е. согласно со Законот за трансформација (чл.8), институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица.

23. Здравствен Дом „Железничар“ Скопје

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Здравствен дом Железничар, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – *конрола на приходи*

- ЈЗУ нема Решение од Министерство за здравство на РМ, за давање согласност за цените по кои се наплатуваат здравствените услуги пружени на пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства.

Препорака*:* Согласно член 47, од Законот за здравствена заштита, цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство со посебен акт, по претходно прибавено мислење од Фондот, имајќи ги предвид трошоците за услугата на здравствените работници, односно тимовите кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестициско одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лековите и медицинските потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

- ЈЗУ за приватни пациенти односно пациентите што во моментот на пружење здравствени услуги немат здравствено осигурување, не изготвува пресметка туку само квитанција со фискална сметка и истите ги евидентира во посебен дневник за приватни пациенти.

Препорака: Согласно упатството за фактурирање на здравствени услуги за извршените здравствени услуги за секое осигурено лице здравствената установа изготвува посебна пресметка, со која осигурениците кои немале здравствено осигурување во моментот на пружење здравствени услуги имат право за рефундирање согласно Правилникот на рефундирање на средства за дадени здравствени услуги.

2.– конрола на расходи

- Според анализа на конто 198 во 2023 година расходите се делумно евидентирани и не се аналогно прокнижени со класа 4 затоа разликата помеѓу активните временски разграничувања со расходите не се реално прикажани.

Препорака: ЈЗУ вкупните обврски да ги евидентира точно во конто 198 , но пожелно гореспоменатите да ги прикажува на аналогна субаналитика согласно контниот план за буџет и буџетски корисници.

- На конто купување на медицинска опрема се евидентирани компјутер и компјутерска опрема што не е во согласност со со Правилникот за класификација на расходи за буџетските корисници.

Препорака: Според контниот план на буџет и буџетски корисници основните средства што се користат за информатичка потреба треба да се евидентират на конто 480140.

3.- контрола на побарувања

Во вкупниот износ на побарувањата на ЈЗУ заклучно 31.12.2023 година, најголем дел од побарувањата ЈЗУ ги има од Министерство за здравство.

Препорака: ЈЗУ континуирано треба да ги превзема сите законски мерки за намалување на побарувањата по сите основи, не само со испраќање на опомени, туку и со утужување.*4.- контрола долгови*

При контролата се констатира случај на претплата кај добавувач, а тоа е последица на авансно плаќање по про/фактура од 2019 година, а добавувачот нема доставено фактура во книговодство, додека кај дел од добавувачите има доставено фактури но не се прокнижени.

Препорака: ЈЗУ да обезбеди фактури по основ на авансното плаќање по про/фактура со што би се затвориле позитивните салда.

5. - контрола на плаќања на трансакциската сметка и благајна

При контролата е утврдено, ЈЗУ кај одредени добавувачи извршил плаќање пред валутниот рок.

Препорака: ЈЗУ исплатата на фактури кон добавувачи да ја реализира согласно валутниот рок.

6. - контрола на залихи на лекови

- Според прегледот на набавени и потрошени лекови и медицински материјали салдата од 2022 и 2023 година, контролата утврдила дека не се пренесни во наредна година односно не се превземени како почетна состојба во тековната година.

Препорака: ЈЗУ треба реално да ги прикажува залихите односно да ги евидентира сите салда во тековната година.

- При анализа на финансиска картица на конто 31002 Санитетски материјали се појавува негативно салдо.

Препорака: ЈЗУ не треба залихите да ги прикажува како негативни салда бидејки тие се дебитни конта согласно основните критериуми на книжење во сметководство.

***7**. – лица ангажирами со договор за дело*

ЈЗУ на конто договор на дело освен ангажираните лица со договор на дело во ЈЗУ ги има евидентирано и договорите од консултанстски услуги и спогодбите за меѓусебна соработка со други ЈЗУ.

Препорака: ЈЗУ консултантските и другите услуги вршени по меѓусебни спогобди со други ЈЗУ да ги евидентира согласно Правилникот за класификација на расходи за буџетските корисници.

8. - контрола на јавни набавки

- При случаен избор на спроведени постапки за јавни набавки, контролата утврдила, дека во трендерската документација е наведено - постапката што ќе се спроведе ќе заврши со електронска аукција. Додека во Одлуката децидно во точка 5 стои дека постапката да заврши без спроведување на електронска аукција како послеедна фаза од постапката. При тоа Одлуката за јавна набавка на услуги Сервисирање на медицински апарати за период од една година, ЈЗУ ја нема прикачено на системот на ЕСЈН, со што операторите кои би дале понуда би имале информација дека во постапката нема да се користи електронска аукција. Додека и во објавата на огласот е потврдено дека постапката ќе заврши со електронска аукција. На овој начин економските оператори се ставени во заблуда.

Препорака: При изготвување на Одлуката за јавна набавка, тендерската документација и објавувањето на огласот, сите битни карактеристики мора да се во целокупната документација исти, а не различни како во случајов. Согласно член 81 од Законот за јавни набавки каде се регулира се што треба да содржи тендерската документација мора да се сите податоци, информации и карактеристики исти, а не различни. Одлуката за јавна набавка во случајов не е објавена, во оогласот не е наведена вредност, а стои дека постапката ќе заврши без електронска аукција, со избор на најниската цена по работен час.

- Контролата констатира случај кога има разлика во рок на доспевање во фактурира (30 дена) и предвидениот рок за плаќање во договорот (45 дена).

Препорака: ЈЗУ да ги контролира фактурите при приемот, да обрне внимание на сите елементи и доколку фактурата во било кој елемент не е во согласност со склучениот договор да ја врати на корекција кај економскиот оператот - добавувачот.

9.- контрола на плати

- Кај директорот на ЈЗУ констатирано е пресметување и исплата на додаток за повремена изложеност на инфекции од 0,8%. Додатокот за повремена изложеност на инфекции е наведен и во решението за плата.

Препорака: Коефициентот на директорот на ЈЗУ согласно член 4 од Анексот за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствена дејност на Р. М. објавен во Сл. Весник бр. 32/2020 а кој се однесува на измената на членот 73-а од колективниот договор за здравствена дејност е наведено дека на директорите во ЈЗУ им се пресметува вкупен коефициент на сложеност, што значи дека немаат право на пресметување на други додатоци на плата, освен правото дадено за дежурство од Законот за Здравствена заштита. Дадениот додаток на плата за повремена изложеност на инфекции на директорот на ЈЗУ не следува и не смее да се пресметува и исплаќа. Решението за плата на директорот на ЈЗУ треба да се корегира.

- Кај лекарот на специјализација е пресметан и исплатен коефициент за раководење од 0,200. Коефициентот за раководење не е содржан во решението за плата, а е пресметан и исплатен според исплатната листа.

Препорака: Коефициент за раководење кај лекар на специјализација согласно Колективен договор за здравствена дејност не следува и истиот не треба де се пресметува и исплаќа.

- Пресметката на плата во делот за ефективна работа не ги прикажува точно податоците за плата. Во услови на користење на годишен одмор, програмата за пресметка на плата го одбива износот за минат труд за часовите кои работникот во месецот ги има поминато на годишен одмор, а додека во вкупниот износ програмата за пресметка на плати ги прифаќа часовите поминати на годишен одмор и дава точен бруто износ на плата.

Препорака: ЈЗУ да изврши корекција на Програмата за пресметување на плати и да прикажува точни износи без да ги отфрла часовите поминати на годишен одмор. Пресметката мора да има точни податоци, од причина што е основен материјален документ за право и износ на плата согласно Закон за работни односи и Колективен договор.

- За хигиеничарката коефициентот во пресметката за плата е подигнат до вредност за да би се достигнал законскиот минимум на минималната нето плата, додека по колективниот договор коефициентите на вработени се пониски од зададениот 2,152, односно, 1,666 по колективен договор и по решение за плата.

Препорака: Согласно Законот за работни односи и Колективниот договор за здравствена дејност во РСМ, заради усогласување на платата со законскиот износ на минималната плата, не смее да се менува коефициентот на сложеност, туку се пресметува само разлика за доплата до минимална плата со пресметка на придонеси и даноци на разликата до минималната плата.

Во текот на контролата финансиските контролори извршиле увид во исполнувањето на препораки од претходна целосна финансиска контрола и констатирале дека ЈЗУ истите **не ги исполнила во целост**. Имено од 4 препораки **исполнета се** 2, кои се однесувале на следново:

1. ЈЗУ да воведе електронска евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал по амбуланти и да воспостави мрежно поврзување со цел реален приказ на состојбата на лекови и медицински потрошен материјал во ЈЗУ.
2. Договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор за јавна набавка на ЕСЈН во рок од 10 дена по склучениот договор (чл.70 став 1 и 3) заедно со известувањето објавува и примерок од склучениот договор.

ЈЗУ не ги исполнила препораките кои се однесуваат на:

1. Согласно член 47, од Законот за здравствена заштита, цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство со посебен акт, по претходно прибавено мислење од Фондот, имајќи ги предвид трошоците за услугата на здравствените работници, односно тимовите кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестициско одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лековите и медицинските потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.
2. ЈЗУ да обезбеди фактури по основ на авансното плаќање по про/фактура со што би се затвориле негативните салда.

24. <u>ЈЗУ Клиничка болница- Битола</u>

Во Извештајот од извршената целосна финансиска контрола во ЈЗУ Клиничка болница Битола, финансиската контрола ги евидентирала следниве **констатации и препораки, кои се однесуваат на констатирани недостатоци и неправилности утврдени при контролата** :

1. – контрола на приходи

- Вработените во ЈЗУ Клиничка болница Битола се ослободени од плаќање партиципација во текот на 2022 и 2023 година за извршените здравствени услуги по основ на Одлука од УО со број 02-697/9 од 23.06.2022 година (со одлуката не се опфатени брачните другари, децата и членовите на семејството на вработените во ЈЗУ). Се изработува пресметка за извршени здравствени услуги, се пресметува партиципација и за истата се намалува износот на здравствените услуги, а во основ на ослободување стои износ на партиципација која не е на товар на ФЗОМ и не се изработува квитанција затоа што не се наплаќа партиципација. На увид на контролата е доставена Одлука на Управен одбор на ЈЗУ КБ Битола со број 02-253/24 од 14.02.2024.
- ЈЗУ Клиничка болница Битола наплаќа аванс при отварање на историја за болничко лекување на пациентите кои немаат здравствено осигурување на износ од 10.000 денари, 2000 и 2.700 денари на осигурениците кои имаат здравствено осигурување и за истите нема изготвено одлуки во ЈЗУ Клиничка болница Битола.

Препорака:Наплатата на партиципацијата за болничкото лекување на осигурениците кои имаат здравствено осигурување ЈЗУ да ја врши по завршувањето на епизодата на лекување.

- ЈЗУ фактурирала за транспорт на пациенти пакет ТДС07 од 50 до 100 км (во двата правци) за транспорт на пациенти низ градот Битола и околината (под 50км), наплаќала со каса прими различни износи, без издавање на фискална сметка, транспорт на пациенти низ Битола и околината по телефонско јавување на лекар од болницата до Ургентен центар, без извештај за постоење на медицинска индикација за транспорт дадена од лекар специјалист.

Препорака: ЈЗУ при транспортот на пациенти согласно медицинска индикација, да се придржува на законските норми кои ја регулираат оваа област и референтните цени на ФЗОМ.

- Контролата во сметководствената евиденција на ЈЗУ утврдила дека ист вид на приход се книжи на различни аналитички конта (приходите од комисија за туѓа нега, комисија за категоризација и др.

Препорака: ЈЗУ при книжењето на приходите да го применува Правилникот за класификација на приходите објавен.

2. - контрола на расходи

- На конто помош во случај на смрт се јавуваат разлики помеѓу исплатата на надоместокот и правото утврдено во Одлуките кои се донесени од страна на ЈЗУ. Согласно Законот за извршување на буџет на РМ висината на паричната помош за смрт на вработен е во двократен/еднократен износ на една просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Во ЈЗУ при исплатата на надоместокот не е земена основицата од месецот кога се врши исплатата. При исплатата на надоместокот на Одлуката стои износот за исплата кој е запишан рачно без податок за тоа кој ја внел и определил сумата за исплата.

Препорака: ЈЗУ да ги усогласи исплатите на надоместокот за помош во случај на смрт со донесените Одлуки во здравствената установа, Колективниот договор за здравствената дејност на РСМ, Закон за извршување на буџет на РСМ и другите соодветни законски и подзаконски акти.

- Контролата утврдила од страна на ЈЗУ исплатен е износ кој се однесува на дневници за службени патувања од 2022 и 2023 година. Согласно Законот за извршување на буџет на РМ за 2023 година не е дозволена исплата на дневници за службени патувања. Доставено е барање од Раководителот на сектор за финансии и сметководство со број 05-669/1 од 05.06.2023 и 05-1399/1 од 01.12.2023 год. до одговорните лица во болниците за враќање на исплатените дневници. До денот на завршување на контролата парите не се вратени.

Препорака*:* ЈЗУ да ги усогласи исплатите на дневници за службени патувања во земјата согласно Законот за извршување на буџет на РМ за 2023 година.

- На конто за купување на медицинска опрема и на конто за купување на информатичка и видео опрема болниците има книжено враќање на позајмици на сметка 531 по основ на ЕУ проекти за купување на медицинска и информатичка опрема. Позајмиците се дадени во изминати години (2019,2020 година) на износ од 3.199.386 денари за 2022 година и 709.223 денари во 2023 година. Позајмиците се давани од сопствените приходи на болниците. Опремата поединечно е евидентирана на ГРУПА 02 –Материјални средства.

Препорака: Од страна на ЈЗУ да се воспостави поголема контрола на превземањето на обврски по основ на ЕУ и други проекти кои се реализираат во болниците со цел рационално и економично искористување на средствата, посебно во услови кога ЈЗУ има високи салда на долгови кон добавувачите на болниците. Ова од причина што позајмиците на пари се со долги рокови на враќање и ликвидни средства на болниците стојат врзани долг период.

- На конто за купување на медицинска опрема во 2022 година е евидентирано е плаќање за поправки на медицинска опрема.

Препорака: Плаќањето кон добавувачите за сервисни услуги треба да се евидентира на конто за поправки и тековно одржување во согласност со класификацијата на расходи, утврдена со Правилникот за класификација на расходи за буџетските корисници.

- Во ЈЗУ на конто други договорни услуги има исплати на награди на вработени во врска со Ковид 19 кризата и тоа 98.100 денари во 2022 година и 180.000 денари во 2023 година, по решение на директорот, без согласност на Министерството за здравство и ФЗОМ.

Препорака: ЈЗУ при исплатата на парични награди на вработени да го почитува член 5 од Правилникот за поблиските критериуми,висината и начинот на исплата на парична награда на здравствените работници и здравствените соработници вработени во ЈЗУ каде стои цитирам ,, Паричната награда утврдена согласно поблиските критериуми и износите утврдени во членовите 2, 3 и 4 од овој правилник се исплаќа еднаш месечно врз основа на решение на министерот за здравство од средствата на Министерството за здравство.“

- Кај исплатата на лекарите по Спогодби констатирано е дека во Спогодбите не е прецизиран видот, обемот, начинот и времето на реализација на здравствените услуги кои се предмет на Спогодбата. Постојат слабости во процесите на организација и контрола на вршење на здравствени услуги согласно склучените Спогодби помегу ЈЗУ и постои ризик да се исплатат двојни надоместоци за исти работни саати и неисполнување на полното работно време во Болницата. Спротивно на член 221 од Законот за здравствена заштита исплаќана е плата на лекарите во деновите кога тие биле отсутни од работа во ЈЗУ по основ на работен ангажман во друга болница согласно потпишана Спогодба. Во одредени случаи пак надоместокот одреден во Спогодбата кој требало да се исплати на лекарот, на денот кога работел во друга ЈЗУ не е исплатен.

Препорака: ЈЗУ при исплатата на надоместоците за работни ангажмани по основ на Спогодба и исплата на плата во матичната здравствена установа да го почитува член 221 од Законот за здравствена заштита. ЈЗУ да воведе соодветни контроли на извршувањето на здравствени услуги по основ на Спогодбите.

- Во ЈЗУ на конто други договорни услуги има евидентирано исплата на бонус плати и тоа 413.840 денари во 2022 година и 1.902.970 денари во 2023 година. Бонус платите се исплаќани по основ на прекувремена работа подолга од 190 часа во текот на една година.

Препорака: Се препорачува ЈЗУ да ја организира и спроведува прекувремената работа на вработените, согласно член 117 од Законот за работни односи.

- Бонус плати се исплатени и за вработени кои се ангажирани со Спогодби во други ЈЗУ. Согласно член 221 став (1) од Законот за здравствена заштита за времето кога вработениот треба да биде на работа во јавната здравствена установа во која здравствениот работник е во работен однос, а извршува работи во друга јавна здравствена установа, јавната здравствена установа во која здравствениот работник е во работен однос, не исплатува плата. Со пропуштената контрола на евиденцијата на работното време во ЈЗУ КБ Битола и работното време поминато во други ЈЗУ постои ризик од неоснованост на исплатата на бонус плати кај некои вработени. Во ЈЗУ не се води електронска евиденцијата за работно време што е основа за пресметка на плата и надоместоци за плата, со што не почитуван член 116 став 7 од Законот за работни односи.

Препорака: Се препорачува за подобра контрола и евиденција на прекувремената работа да се активира читачот за работно време кој не е во функција, согласно Закон за работни односи член 116, став 7, каде стои цитирам: ,,Работодавач кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работата се врши на една

или повеќе локации е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа“

- Исплатени се значителни износи на прекувремени часови за кои се води евиденција спротивно на член 117 од Законот за работни односи односно рачната евиденција од страна на одговорните по одделенија се предава на потпис за исплата кај директорот на крајот од месецот, без претходно донесена одлука од страна на одговорните лица. За воведувањето на прекувремената работа не е доставено известување до трудов инспекторат.

Препорака: Се препорачува ЈЗУ да ја организира и спроведува прекувремената работа на вработените, согласно член 117 од Законот за работни односи.

3.- контрола на благајничко работење

- ЈЗУ наплатените средства по основ на партиципација и приватни прегледи во 2022 и 2023 година не ги уплаќа согласно одредбите во Законот за платен промет член 20 став 3.

Препорака: ЈЗУ наплатените средства по основ на партиципација и приватни прегледи да ги уплаќа согласно член 20 став 3 од Законот за платен промет каде стои цитирам,, Учесникот во платниот промет - правно лице е должен сите парични средства од дневниот пазар примени во готово по која и да било основа да ги уплати најдоцна наредниот работен ден на својата трансакциска сметка. “

- При контролата на благајната регистриран е поврат на пари на ден 22.09.2023 година по основ на наплатена партиципација за лабораториска услуга за дијагноза Ковид 19.

Препорака: ЈЗУ да го почитува фактот дека СЗО прогласи крај на пандемијата со Ковид 19 на 05.05.2023 година, согласно тоа известување престанува и правото за ослободување од Партиципација по основ на Ковид 19.

- Кај пресметките од радиодијагностика констатирано е дека се фактурира услуга 5106 –ДВЕ СНИМКИ со износ од 473 денари, услуга која не е содржана во пакетите за специјалистичко – консултативна здравствена заштита за радиодијагностика и во другите пакети кои се на товар на ФЗОМ.

Препорака: При фактурирањето на услуги од специјалистичко – консултативна здравствена заштита ЈЗУ, да ги почитува рефрентните цени и пакетите кои се на товар на ФЗОМ за специјалистичко – консултативна здравствена заштита.

- Со додавањето на услугата 5106 –ДВЕ СНИМКИ со износ од 473 денари, партиципацијата која се наплаќа од осигурениците за користените услуги од специјалистичко – консултативна здравствена заштита е неправилно пресметана и наплатена, со што не е почитувана Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите.

Препорака: При наплата на партитиципација од осигурениците ЈЗУ, да ја почитува Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите.

4.– лица ангажирани со договор за дело

- На контролата не и беше дадена на увид согласност од Министерство за финансии, за исплаќање на надомест поголем од две просечни нето плати во РМ, исплатени во предходна година, објавена од Државен завод за статистика на РМ, која состојба е констатирана за пет лица ангажирани со договор за

дело во 2023 година. Едно ангажирано лице со договор на дело е ангажирано за период подолг од 24 месеци.

Препорака: При ангажирањето на лица со договори на дело да се почитува член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос (Сл.весник бр.20 од 12.02.2015 год.)

5.- контрола на залиха на лекови

- Констатирано е дека за дел 300. "ZOLEDRONIC ACID концентрат за раствор за инфузија 4mg/5ml виала" има понуда со понудена цена без ДДВ, што е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди, за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуди и за истиот дел се добиени најмалку три прифатливи понуди. Договорниот орган во овој случај не побарал од економскиот оператор објаснување на понудената цена.

Препорака: Договорниот орган треба во секој случај да бара објаснување на цената, доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди".

- За лекот "TRAMADOL раствор за инјектирање 100mg/2ml ампула" единечна цена во понудата е 6,3 денари додека во Одлуката за избор и во потпишаниот договор е 6,2 денари.

Препорака: Да се врши контрола дали цените на стоките наведени во потпишаните договори се исти со понудените.

6.- контрола на плати

- При секоја промена во Колективниот договор во делот за плати ЈЗУ не изготвува нови решениа/Анекси на договори, поради што коефициентите на сложеност во потпишаните Договори на вработените и пресметките за плата не се исти.

Препорака: При секоја промена во Колективниот Договор за здравствена дејност во делот на:
- степен на сложеност утврден според степен на образование
- по основ услови потешки од нормалните за соодветно работно место изразено во проценти но не повеќе од 4,8% збирно,
- додаток на плата по основ раководење и одговорност

Правната служба на ЈЗУ треба да изготвува нови Решенија за плата за сите вработени кај кои има промена во платата со сите горенаведени елементи.

- Во контролираните пресметки е применет коефициент за раководење 0,18 за здравствен работник и процентот за услови за работа за административен работник 1,2%.

Препорака: Здравствената установа да ја провери усогласеноста и исправноста на утврдениот коефициентотот за раководење 0,18 за здравствен работник и процентот за услови за работа за административен работник е 1,2% во пресметките за плата со утврдените во Колективниот договор за здравствена дејност.

- Во контролираната пресметка за главна медицинска сестра во ЈЗУ е применет вкупен коефициент на сложеност од 3,813 и има исплата на додатоци на плата по основ на ноќна работа, работа во недела и празник, сменска работа.

Препорака: Исплатата на плата на главна медицинска сестра во вкупен коефициент од 3,813 да се усогласи со Колективниот договор за здравствена дејност.

- Констатирана е исплата на дежурства од 96% на немедицински кадар.

Препорака: Исплатата на дежурстава ЈЗУ да се врши согласно Колективен договор за здравствена дејност.

- Констатирана е исплата на надоместоци по основ на посебни услови за работа на немедицинскиот кадар.

Препорака: Да се преиспита исплатата на надоместоци по основ на посебни услови за работа на немедицинскиот кадар согласно Колективниот договор за здравствена дејност и актите за систематизација на работни места.

- Констатирана е неусогласеност на надоместоците за посебни услови за работа за медицинскиот кадар со Колективниот договор за здравствена дејност.

Препорака: Да се преиспита усогласеноста на надоместоците за посебни услови за работа кај медицинскиот кадар со Колективниот договор за здравствена дејност и актот за систематизација на работни места.

- За исплатената активна и пасивна приправност во ЈЗУ не се изготвува распоред на вработени кои би биле ангажирани по овој основ.

Препорака: Се препорачува ЈЗУ да изготвува распоред на вработени кои ќе бидат ангажирани со приправност.

ВОНРЕДНИ – НАМЕНСКИ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

Во прилог на овој Извештај се презентирани наменските контроли извршени од страна на финансиските контролори во 2024 година, со наведени побитни констатации и неправилности за целта за кои тие наменски контроли се извршени. За наменски контроли се изработува налог за вонредна контрола од страна на директорот на Секторот финансиски прашања. Во 2024 година имало случаи кога наменските контроли се побарани од старана на Министерството за внатрешни работи, Државна комисија за спречување на корупција, од Управниот одбор на Фондот и од менаџерскиот тим на Фондот.

Во прилог се наведени извршените наменски/вонредни финасиски контроли по ЈЗУ.

1. **ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје -** вонредна финансиска контрола на набавка, потрошувачка и залиха на реагенси за 2023 и 2024 година, по налог од менаџерскиот тим на Фондот. Во Извештајот по случаен избор се контролирани три постапки за јавни набавки на тестови за анализи кои се извршуваат во Институт за јавно здравје Скопје.

При увидот се констатирани следниве случаи на неправилности:

- Во договорите не е наведен број на оглас или вид на постапка за јавна набавка, број на делот што е избран (се наведува шифра) за кој се доделува договорот за јавна набавка, со што се отежнува увидот и следењето на договорите.

- Извештајот од спроведена постапка што е прикачен во ЕСЈН е потпишан со дигитален потпис само од претседателот на комисијата за јавни набавки, а членовите на комисијата не се потпишани ниту со дигитален потпис ниту своерачно. Друг извештај на комисијата не и е даден на увид.
- Констатитрани се потпишани изјави за непостоење судир на интереси во врска со оваа постапка за набавка, што гласат на претседателот, членовите на комисијата за јавни набавки и одговорното лице. Во изјавите има само година (не е наведен ден и месец).
- Извршен е увид во договорот потпишан со економски оператор избран со постапка за јавна набавка,по што е констатирано дека единечните цени без ддв, на стоките што се предмет на набавка наведени во потпишаниот договор, се исти со понудените. Вкупната вредност на договорот е погрешно наведена во истиот. Наведена е вкупна вредност од 6.215.983,50 денари без ДДВ, односно 6.631.857,84 денари со ДДВ, а треба 6.023.149,50 денари без ДДВ, односно 6.420.802,14 денари со ДДВ.
- На приемницата нема потпис од лицето што ја примило стоката. За примената стока на одделенијата се прават одделенски интерни приемници (не се потпишани од лицето што ја примило стоката), а на одреден период се прават испратници за потрошената стока што ги потпишува одговорното лице за потврдување на потрошувачката на истите (контролираните интерни испратници се потпишани). Согласно "Работно упатство за месечна евиденција на интерни лабораториски магацини" испратниците за потрошувачката на реагенси и тестови, потпишани за потврда на истото за тековниот месец, треба да се доставуваат до одговорното лице во одделението за финансиско сметководствени работи. Во сметководствената документација констатирани се испратници од добавувачи без потпис од примачот на стоката, што не е согласно Процедура за движење на документите и организација на работа.
- Констатирана е приемница на набавка на ензимски имунофлоресцентни тестови (ELFA метод**)** со дата 02.01.2023 година која е направена за испорачана стока по испратница со дата 19.07.2022 година, (приемницата е направена неколку месеци покасно од датумот на испорака). За оваа испорака на контролата и е дадена на увид фактура со дата 19.07.2022 година заведена во ЈЗУ под број 05-80 со дата 31.01.2023 година.
- Контролата утврдила случај кога од страна на ЈЗУ до добавувачот има доставена нарачка за испорака на стока (број на барање од 27.02.2023 година) по договор за јавна набавка. Од страна на добавувачот за испорачана стока врз основа на нарачка за испорака на стока има изготвено две фактури и тоа Фактура/Испратница од 28.02.2023 година и Фактура/Испратница од 24.03.2023 година. Прием на стока е направен на 13.02.2024 година согласно приемниците од 13.02.2024 година. Од втор магацин стоката е предадена на одделение Вирусологија согласно Испратница 101/13 од 13.02.2024 година.
  Контролата констатирала сличен пример е и со други приемници.
- Податоците од материјалните картици кои се однесуваат за залихата на 31.07.2024 година на 21 - Одделението за вирусологија, не ја прикажуваат реалната состојба од причина што во 2024 година во материјалните картици не е воопшто евидентиран излез од магацин 21 - Одделение за Вирусологија, а недостасува и евидентирања на оделни приеми на артикли на наведеното одделение во 2024 година. Интерна документација од 21 - Одделението за вирусологија, испратници од одделение, во 2024 година, на контролата не и се дадени на увид. Интерната излезна документација во 2024 година, од 21 - Одделението за вирусологија и 19 - Одделение за бактериологија, испратници од одделение, не е евидентирана во сметководствената евиденција (добиено е појаснување од сметководство дека истата не им е доставена).
- При контрола на фактурите по договор за набавка на тестови еквивалентни на апарат Vitek и апарат Bact Alert 3D констатирано е дека на ЕСЈН истиот не е прикачен.

2. <u>ЈЗУ Здравствен дом Кратово</u> - вонредна финансиска контрола на контрола е финансиското работење на установата со посебен осврт на контрола на пресметка на плати за 2022 и 2023 година, по налог од менаџерскиот тим на Фондот.

Контролата во рамки на Извештајот ја има евидентирано следнава забелешки која се однесува на финансиското работење на ЈЗУ *:*

- Висината на средства во Планот за ЈН се пониски од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на ЈЗУ Здравствен Дом Кратово за 2022 година во износ од 664.315 денари, 2023 година во износ од 2.381.332 денари, додека за 2024 година планот за ЈН се повисоки во износ од 7.254.100 денари. ЈЗУ има расположиви средства за нивна реализација за 2022 и 2023 година, а нема расположиви средстава за реализација за 2024 година.
- На двајца вработени благајник во август 2023 година и чувар за месеците октомври 2022 и август 2023 година се исплаќа разликата до основна плата согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во РСМ.
- - За октомври 2022 година, август 2023 година и декември 2023 година установата исплаќа додаток на плата на административен службеник 5% за работа во комисија за јавни набавки.На главната медицинска сестра во ЈЗУ и се исплаќа како додаток по осниов на услови за работа 1,5 % за работа на терен. Во Колективниот договор е наведено "На главната медицинска сестра, главната акушерка, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент".

3.ЈЗУ Клиничка болница Штип - вонредна финансиска контрола со предмет на контрола - исплата на приватни специајлизанти, дали и колку ЈЗУ им го исплаќа одобрениот износ од Фондот за времетрање на нивната специјализација во 2023 и 2024 година.
Контролата утврдила дека од вкупниот број 158 специјализанти од списокот доставен од ФЗОРСМ кај 7 специјализанти има прекин или воопшто нема плаќања, при што е утврдено дека ЈЗУ за неисплатениот бруто износ на специјализантот навремено не го известила ФЗОРСМ .

4.ЈЗУ Општа болница Охрид - вонредна финансиска контрола со предмет на контрола - утврдување на пресметана и исплатена плата на лицето Г.Б. лекар специјалист по урологија во ЈЗУ Општа болница – Охрид за период од 01.01.2024 до 31.05.2024 година, а по анонимен поднесок од група вработени во ЈЗУ Општа болница – Охрид.
Предмет на вонредната финансиска контрола е пресметка и исплата на плати во ЈЗУ за периодот Јануари до месец мај 2024 година за лицето Г.Б. лекар специјалист по урологија и работата на финансискиот раководител Е.Ј, а по доставен поднесок од група вработени во ЈЗУ Општа Болница Охрид. Врз основа на поднесокот финансискиот раководител се товари за несовесно работење и за оштетување на буџетот на ЈЗУ поради исплата на 44 часа за дежурство на лицето Г.Б. лекар специјлист по урологија за месец април/2024 година, иако од дневната евиденција на раководителот на урологија д-р. Р.М. е констатирано дека истиот на бил дежурен.

Контролата утврдила дека во контролираниот период има евидентирано случаи кога:

- Од страна на пресметковното одделение за месец 05/2024 година не се земени во обзир 108 часа за обавено дежуство според евидентниот лист, бидејќи началникот ги има штиклирано тие часови како необработени.
- Исто така во пресметковниот лист за месец мај/2024 година е извршена задршка на 44 часа дежурство во износ од 24.171 денари, кои се исплатени во месец 04/2024 година, а истите биле штиклирани од началникот на уролошкото одделение д-р Р.М. за истите да не бидат исплатени и по претходно добиеното известување од 02.05.2024 година.
- Од страна на пресметковното одделение се намалени само часовите за времето кое треба да се помине на дежурство, но не и часовите од редовно работно време кои се штиклирани како необработени. Ако не се обработени ефективни часови од редовно работно време истите треба да се минусираат со што саатницата за пресметка на сите други додатоци ќе биде помала, а со тоа и износот на другите додатоци. (дежурство, приправност, работа во празник и минат труд).

- После обавено дежурство се користат од 3 до 5 слободни денови, а истото е констатирано со последната целосна финансиска контрола во делот на пресметката и исплатата на плата, но ништо не е превземено од страна на одговорното лице на ЈЗУ Општа болница – Охрид.
- Со контролата се констатира дека електронската евиденција за присуство на работно место на вработениот, не одговара со дневната евиденција за присуство на работа која се доставува до пресметковното одделение.

5. ЈЗУ Клиничка Болница Тетово - вонредна финансиска контрола со предмет на контрола - контрола на законитоста на исплатата на плата и додатоците на плата на медицинскиот директор и организациониот директор на ЈЗУ Клиничка болница Тетово, за временскиот период кога тие биле вршители на должност директори во ЈЗУ, по налог на Управниот одбор на Фондот.

Контролата утврдила, коефициентите на сложеност за пресметка и исплата на плата на организацискиот директор во ЈЗУ КБ Тетово (8,07 наместо 6,379) не е во согласност со Колективен Договор за здравствена дејност. Согласно увидот во извршените пресметки на платата на организациониот директор на ЈЗУ за 2020 и 2021 година, во периодот кога ја извршувал функцијата, дека платата на истиот е зголемена за бруто износ (1.558.133-1.244.209) за 313.924 денари и нето износ (1.019.913-817.998) за 201.915 денари.

Контролата нотира во извештајот од вонредна финансиска контрола во ЈЗУ не се води електронска евиденција за присуство на работа.

6.ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија – Скопје вонредна финансиска контрола за лицата ангажирани со договор на дело во 2024 година, евиденција на мебел во просториите на директорот и контрола на плата на вработените за 2023 и 2024 година по случаен избор, по налог од менаџерскиот тим на Фондот.

Контролата утврдила дека во контролираниот период има евидентирано случаи кога:

- Договори склучени со извршители за кои е вршено исплата на паричен надомест на контролата не и се доставени, освен договор за извршување на технички услуги склучен помеѓу лицето Е.В. застапувано од Агенција за деловно посредување и застапување на авторски права.
- Во ЈЗУ за месец март 2023 и април 2024 евидентиран е случај на пресметува часови дежурство во редовни работни денови по 7 часа додека часови за дежурство во викенд 17 часа што не е во согласност со Поединечниот Колективен Договор. Согласно член 1 подглавје 5 точка 2 од Анексот за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен Договор "додатокот на дежурство во редовните работни денови (од понеделник до петок) се исплаќа за 8 часови од дежурство со 124% од саатнина за редовните работни денови, а за дежурство во викенд и празник на дежурните доктори ќе им се исплаќат 16 часа од дежурство со 166%.
- Дадена е Изјава архивирана во ЈЗУ од сегашниот директор на ЈЗУ според која е затекната празна просторија (само вграден плакар и плакар кај лабавото), поради преселување на претходната директорка во друга просторија и превземање на инвентарот и сите нејзини работи. Поради тоа, сегашниот директор, од сопствени средства набавил биро и маса со три столици. Во прилог е даден и записник за примопредавање на должност како и фактура и испратница од добавувач за набавен канцелариски мебел во вредност од 67.870 денари.
- На увид е дадена Изјава од вработен во ЈЗУ според која „по стапување на должност на претходниот директор канцеларијата била реновирана, а мебелот од управата на КЦ е сеуште во функција на клиниката".

- Според усно кажување на вработената мебелот во истата канеларија која го користела претходниот директор на клиниката е донесен од страна на директорката и го користела се до моментот на нејзиното разрешување, по кое го префрла во канцеларијата каде сега е сместена.
- Мебелот од просторијата на претходниот директор не е евидентиран во сметководствена евиденција – пописни листи, поради тоа што истиот бил нејзина приватна сопственост.

7.ЈЗУ Универзитетка клиника за респираторни заболувања кај децата „Козле“ Скопје - вонредна финансиска контрола со предмет состојба со долгови и пресметка и исплата на плата, по налог на менаџментот на Фондот, по налог од менаџерскиот тим на Фондот.

Од извршената наменска контрола констатирано е:

- Контролата утврдила дека според финансиските податоци од Бруто билансот со датум 31.12.2023 година има на залиха лекови во износ од 1.754.985 денари, додека годишната потрошувачка изнесува 1.109.716 денари , а тоа е залиха за 19 месеци според месечната потрошувачка на лекови во 2023 година. Контролата препорачала на ЈЗУ, за нормално функционирање да настојува набавката на лекови, лабораториски и друг медицински материјал да кореспондира со месечниот потрошок и залихата на истите да биде на оптимално ниво. Со непланската набавка и стварање на преголема залиха ЈЗУ ги зголемува своите обврски и долгови кон добавувачите, а тоа доведува до утужување и плаќање на камати по основ на извршни судски решенија.
- ЈЗУ го применува Општиот колективен договор за здравствена дејност при што при пресметката и исплатата на платите на вработените доследно истиот се почитува во делот на примена на коефициентите на плата, а додека во делот на пресметката и исплатата на плата на часовите исплатени за дежурство од понеделник до петок и часовите исплатени за дежурство за време викенд (ден сабота и ден недела), за доктор специјалист не се почитува КД. Дежурство понеделник – петок се пресметува 18 часови, со времетрање од 14,00 до 08,00 наредниот ден. Дежурство за викенд (сабота ,недела) се пресметува 24 часа, со времетраење од 08,00 до 08,00 часот наредниот ден, со еден ден слободен.Часовите поминати на дежурство не влегуваат во редовно работно време.
  Контролата посочила дека во дежурството од понеделник до петок, првите 8 часа се редовна работа, за вторите 8 часа работа на работникот му следува слободен ден и додаток за работа на дежурство за третите 8 часа од 24 – часовно работење. За дежурство за време на викенд (ден сабота и ден недела), на работникот му се плаќа додаток на плата за работа на дежурство за 16 часа од 24 часовно работење часовите поминати на дежурство не се дел од редовното работно време на работникот, туку е посебна форма на ангажирање на работникот согласно Законот за здравствена заштита.

8.ЈЗУ Универзитетка клиника за психијатрија Скопје вонредна финансиска контрола по добиена Ургенција на Државна комисија за спречување на корупција, „со наводи за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на в.д. организацискиот директор на ЈЗУ УК, Љ. Н. и С. Б.“. По барањато од ДКСК контролата направи увид во посочените делови од работењето на ЈЗУ кои се однесуваат на долговите, работното време, исплата на плата согласно работно време и одредбите на 333, исплати на одредени лица од сопствена сметка на клиниката заради лични интереси прикажани по различни основи, распределбата на судски вештачења и на едни исти лица на кои постојано им биле распоредени предмети, заради остварување на материјална корист, неправилности при исплаќање на награди за време на пандемија, критериумите во јавниот конкурс за избор на медицински и организациски директор на ЈЗУ УК за психијатрија – Скопје. Финансиската контрола постапи по Ургенцијата на ДКСК, изготви финансиски извештај и истиот го достави до ДКСК.

9. **ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија Скопје** вонредна финансиска со предмет на контрола - пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Универзитетка клиника за државна кардиохирургија – Скопје за периодот јануари до месец септември 2024 година, по налог на менаџментот на Фондот.

При увидот е констатирано следново:

- ЈЗУ има донесено Одлука од 21.02.2024 година за организација на работата, која во точката под број 6 е спротивна на одредбите од Колективниот Договор каде не наведен бројот на лекари специјалисти/субспецијалисти кои можат да бидат во состојба на приправност, бидејќи и со вонредната контрола се утврди дека во исти ден приправни се повеќе специјалисти/субспецијалисти од различни дејности, а причина е тимската работа на докторите во одредени случаи.
- Кај сите пресметки на плата кои се предмет на финансиска контрола се утврди дека кај АСС доктор субспецијалист во оддел за болничка здравствена заштита – Е.Г. , пресметката на основната плата за сите 9 месеци е во помал износ, а причина (според објаснувањето од правна служба во ЈЗУ) е што истата при превземањето од друга ЈЗУ не доставила документ од УКИМ Медицински факултет - Скопје за наставен кадар. Со помалата пресметана основна плата, пресметката и исплатата на бруто и нето плата е во помал износ.
- Во Анексот за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор Арх бр. 0101-425/1 од 15.05.2023 година, точката 1 од ПКД од 07/2020 година која гласи : Во ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, УК за ТОАРИЛУЦ, УК за детска хирургија, УК за неврохирургија, УК за урологија, УК за пластична и реконструктивна хирургија, УК за торакална и васкуларна хирургија (во кои спаѓа и УК за државна кардиохирургија), дежурните доктори имаат право на додаток на плата за дежурство во редовните работни денови (од понеделник до петок) како за празник зголемен за 9%, а за време на викенд и празници додаток како за празник зголемен за 46%, а за докторот во приправност за време на дежурство се утврдува додаток на плата во износ од 84% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) – *не постои и истата е избришана.* И покрај тоа во ЈЗУ УК за државна кардиохирургија - Скопје во пресметките на плати се уште се пресметува и исплаќа додаток на плата за приправност во износ од 84%.
- Од контролата на горенаведените пресметки на плата се констатира дека надоместокот за работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот нарединот ден) ..... 50%, не се пресметува и исплаќа согласно Поединечниот Колективен Договор, т.е кај сите вработени кои земаат надоместок за ноќна работа е исплатен повисок месечен надоместок за ноќна работа од 50%, а според исказите на одговорните лица се должи на софтверска грешка.
- Часовите во пресметките за ноќна работа се превземаат од часовите поминати на дежурство и часовите поминати на приправност која се пресметува од понеделник до петок во времетраење од 8 часа и за викенд 16 часа приправност од кои 8 часа ноќна работа (помеѓу 22 часот и 6 часот нарединот ден). Бидејќи приправноста треба да се пресметува по остварен повик по 113%, часовите кои се пресметуваат и исплаќаат за ноќна работа не се во согласност со одредбите на ПКД, од причина што во дадениов случај се земаат во пресметка по 8 часа континуирано за целиот период на контрола за вработените кои се на приправност и за кои не е наведено дека истите се со остварен повик.
- За евиденцијата на работното време се констатира дека ЈЗУ има воведено систем за електронска евиденција на работното време, но истата не е во функција подолг временски период. Вработените за присуство на работното место се евидентираат со потпис во книга за евиденција за доаѓање и заминување од работа, од која контролата не може да утврди дали податоците се веродостојни со фактичката состојба.

10.ЈЗУ Клиничка болница Битола - вонредна финансиска со предмет на контрола - контрола на платите на вработените кои се стекнале со повисок степен на образование, додатоци на плата и унапредување за периодот од 01.01.2024 година до 31.11.2024 година, а по доставена пријава од вработен во ЈЗУ Клиничка болница Битола.

При увидот е констатирано следново:

- За случаите на распоредувања и унапредувања не е обезбедена финансиска согласност од Министерство за финансии согласно член 20 од од Законот за извршување на Буџет на РСМ за 2024 година (Сл.весник на РСМ бр. 283/23) и член 51 од Законот за буџетите за вработување кај корисниците и единките корисници на средствата од буџетот на Република Македонија, буџетите на Фондовите и јавните претпријатија основани од Собранието на РМ и од Владата на РМ, како и трговските друштва основани од РМ (Сл.весник на РМ бр. 64/05), според кој согласност за вработување дава Министерството за финансии.
- Кај дел од медицинскиот кадар претходно (пред унапредувањето) е исплаќан коефициент на сложеност 3,200 (дипломирана/одговорна медицинска сестра) согласно член 68 став 2 од Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија.
- За унапредувања на административни службеници не се спроведени интерни огласи.
- Констатирани се случаи на вработени за кои не е обезбедена финансиска согласност.
- Унапредувањата не се предвидени во Измените на годишниот план за вработување.

Финансиските контроли извршиле увид во случаи поединечно посочени во доставена пријава од вработен и истите се дел од Извштајот за извршена вонредa контрола.

11.ЈЗУ Општа болница Куманово - Предмет на вонредната финансиска контрола е: контрола на дежурства на вработената С.З. на работно место Директор во ЈЗУ Општа болница - Куманово за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, а по доставено барање од Секторот за внатрешни работи Куманово .

При увидот е констатирано следново:

- Контролата со увид во интерниот дневник за дежурства на анестезија констатирала дека за датумите 23.01.2022, 19.02.2022, 09.04.2022, 30.04.2022, 07.05.2022, 21.05.2022, 26.06.2022, 09.07.2022, 11.09.2022, 17.09.2022 година, покрај лекар С.З. евидентиран е и друг дежурен лекар.
- Во пресметковен лист за исплата на дежурства по месеци за 2022 година на датумите 23.01.2022, 19.02.2022, 09.04.2022, 30.04.2022, 07.05.2022, 21.05.2022, 26.06.2022, 09.07.2022, 11.09.2022, 17.09.2022 година дежурства се евидентирани кај лекар С.З. и кај други дежурни лекар наведени во Извештајот.
- На датумите 23.01.2022, 19.02.2022, 09.04.2022, 30.04.2022, 07.05.2022, 21.05.2022, 26.06.2022, 09.07.2022, 11.09.2022, 17.09.2022 кај лекар С.З. исплатен е надоместок по основ на дежурство и тоа 8 часа од понеделник до петок и 16 часа во викенд.
- На увид на контролата доставена е Одлука за електронско евидентирање на работно време на вработените во ЈЗУ од 11.02.2014 година и од 21.04.2022 година во Одлуката стои: вработените во ЈЗУ се должни да вршат електронско евидентирање на работното време при секое доаѓање и заминување од работа согласно распоредот за работно време во секоја ОЕ. На барање на контролата доставен е испис од електронската евиденција за работно време за директорот С.З. Според

доставените прегледи, по месеци за 2022 година, не се водела електронска евиденција на работното време на директорот.

12. ЈЗУ **Општа болница со проширена дејност Прилеп** - предмет на вонредната финансиска контрола е контрола на финансиското работење на ЈЗУ за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2024 година, по барање на раководното лице на ЈЗУ.

При увидот е констатирано следново:

- При контролата на трошоците на ЈЗУ, констатирано е зголемување на трошоците по извршни исправи од 2024 година се зголемени за 235% повеќе (изнесуваат 65.610.850 денари) во однос на 2023 година, со напомена дека контролата се однесува на период до 30.09.2024 година.
- При увидот во приходите се нотира состојба во 2024 година каде приходот по основ на пружени здравствени услуги за лица кои немаат здравствено осигурување т.е. трошоците за здравствената услуга е платена приватно е во помал износ, произлегува од тоа што наплатата на овие средства се евидентира како партиципација на конто 725946 – Приходи од наплатена партиципација.
- Од контролата на благајничкото работење на ЈЗУ се констатира дека приливот на средства по основ на наплатена партиципација и приватни прегледи, на сметка на ЈЗУ не се уплатува во полн износ и од тие средства се исплатувале стоки и услуги преку благајна.
- Од контролата на конто 423410 – Прехрамбени продукти и пијалоци во 2023 година, се констатира дека расходите кои се однесуваат за репрезентација (ресторантски и други расходи) се прокнижени на ова конто, што е спротивно на Правилникот за класификација на расходите, а фактурите на кои е назначено – храна за носење, се без приемница и испратница. Од тие причини на конто 426120 – Репрезентација во 2023 година нема евиденција на расходи по овој основ.
- Од увидот на фактурите во кои е назначено дека храната е за носење, се констатира дека истите се од правно лице, кое нема учествувано во постапката за јавни набавки за храна за болни и со истите не е потпишан никаков договор за набавка на храна, ниту има приемница и испратница.
- Од вкупниот износ исплатен преку благајна во висина од 3.711.192 денари кој врз налози за книжење и документација за исплата преку благајна (каса-исплати), е евидентиран на конто 426990 – Останати оперативни трошоци, за кои на контролата и е доставена спецификација по број на налози од бр.1 до 231 , а се однесува за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, во текот на 2023 година, на крај на секој месец е сторниран износ врз основа на спецификации во висина од 3.171.192 денари и истиот е прокнижан на конто 198 – Други активни временски разграничувања, за износи кои се веќе исплатени преку благајна во готово. Контролата нотирала препорака За парични средства кои се исплатени преку благајна и кои се веќе прокнижени на конто 426990 – Останати оперативни трошоци, не може да се врши сторнирање на износи
- На конто 426990 се евидентирани работи врз основа на издаден работен налог за ангажирање на надворешни физички лица, со кои ЈЗУ нема склучено договор за изведување на соодветните работи (косење трева, подигање отпад, чистење на олуци, подигање на пакети со пресметки и болнички истории), ниту е спроведена соодветна постапка за јавна набавка, а за кои заклучно со датум 30.09.2024 година преку благајна е исплатен вкупен износ од 3.360.000 денари.
- Со увид во евиденцијата на побарувањата на ЈЗУ контролата препорачува ЈЗУ согласно склучените договори со ФЗОМ треба да изврши отпис на побарувањата од ФЗОМ на износ од 16.834.331 денари со Одлука на Управен Одбор на ЈЗУ поради застареност и неспроведено книжење спрема записник од усогласувањето од минатите години.
- Од страна на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина – Скопје и Центар за Јавно здравје – Прилеп се изготвени и доставени компензации за период од 2021 до 2023 година, но истите не се прокнижени од страна на ЈЗУ.

- Контролата утврдила на конто за дадени аванси на добавувачите во 2023 година евидентирано е побарување од добавувачите на кои им е исплатен аванс во износ од 5.223.434 денари, а со датум 30.09.2024 година е исплатен износ од 4.028.411 денари. Контролата доставила препорака за ЈЗУ, за авансните исплати на средства, да обезбеди соодветна документациа со што би ги документирала наведените авансни исплати, а воедно да ги плаќа своите обврски кон добавувачите согласно датумот (валута) на доспеаност наведена во фактурите и во склучениот договор за јавна набавка.
- Во дадениот период кој е предмет на контрола од страна на ЈЗУ, за наплата на побарувањата, не се испраќани опомени пред тужба на комитентите кои не ги имаат подмирено своите обврски, а исто така не се поднесени тужби за наплата на побарувањата.
- При увидот во плаќањата на ЈЗУ е утврдено дека плаќањата кон добавувачите се врши во вкупен износ, во кој не е наведено по која фактура се врши плаќањето и дали истите се плаќаат по валута на доспеаност.
- Од контрола на плаќањата, со увид во изводите по случаен избор, констатирано е дека има авансни исплати од сметка, со авансните исплати, без фактура, приемница и друга пропратана документација, се фаворизираат одредени добавувачи (плаќање на одредени добавувачи за сметка на други).
- Не се почитуваат законските прописи при исплата на средства од благајна т.е. на една сметкопотврда или каса-исплати се исплаќаат повеќе од 6.000 денари, што не е во согласност на член 20 став 3, од Законот за платен промет.
- Од благајна во 2023 година, само по основ на налози за работа за надворешни физички лица се исплатени вкупно 1.882.055 денари, од вкупно исплатените средства преку благајна во износ од 3.711.192 денари заклучно со 31.12.2023 година.
- Исплатата на паричните средства се исплаќани од дневниот промет на ЈЗУ (партиципација и наплата за извршени приватни здравствени услуги), без подигање на паричните средства за материјално работење од трансакциската сметка на ЈЗУ.
- Сите исплати преку благајна според превземените аналитички картички се евидентирани и прокнижени на Конто 426990 – Други оперативни расходи во износ од 3.711.192 денари, а додека во Бруто билансот и завршната сметка на ЈЗУ за 2023 година, на Конто 426990 - Други оперативни расходи е евидентиран износ од 821.815 денари, денари, или разлика од 2.889.377 денари помалку.
- Со увидот и контролата на исплатите преку благајна се утврди дека завршната сметка за 2023 година и бруто билансот (Заклучниот лист) на ЈЗУ не одговара на фактичката состојба во делот на Конто 426990 – Други оперативни трошоци.
- Исплатите од благајната, евидентирани во контролираните касови извештаи, во сметководствената евиденција, се прокнижени на конто 426990 - Останати оперативни трошоци, со што евидентирањето на расходите не се врши во согласност со Правилникот за класификација на расходите.
- Од превземената аналитичка катичка за сите исплати кои се евидентирани на конто 426990 – Други оперативни трошоци, се констатира дека вкупниот износ за цела 2023 година изнесува 3.711.192 денари, но од страна на А.М. вработена како помлад референт ликвидатор, во одд. за материјално и финансиско работење, до директорот на ЈЗУ и ОЈО – Прилеп има дадено Изјава дека има забележано неправилности во работењето, во однос на каса/исплати за неправилно книжење, но немала одговор нити решение за тоа. Во меѓувреме се работело/ажурирало податоци во делот на нејзиното работење/книжење на касовите извештаи во периодот од 01.07.2024 до 02.07.2024 година во попладневните часови. Со самото ажурирање променети биле извештаи за периодот од месец Јануари до месец Април, а претходната документација поништена, со што се нема увид во претходната состојба во касовите извештаи пред да бидат ажурирани податоците.
- Во касовите извешати постоеле поголеми износи за кои има приложено налози за работа кои се потпишани од директорот, поголеми од дозволениот лимит, со што се зголемува контото на

материјалните оперативни трошоци и со самото тоа не може да се изврши сложување на трезорот со прометот на сопствена сметка .Со финансиската контрола за конто 426990 – Останати оперативни трошоци за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година од истото лице беше истакнато дека и во 2023 година се вршени корекции на касовите извештаи.

- ЈЗУ за ангажирање на надворешни физички лица за извршување на привремени и повремени работи без склучен договор и без спроведена соодветна постапка за јавна набавка, во текот на 2024 година исплатила средства преку благајна во износ од 3.360.000 денари.
- Иако има техничка служба, од страна на директорката се ангажирани надворешни лица за извршување на работи кои спаѓаат во делокругот на работните обврски на техничката служба. Констатирано е дека Ангажирањето на надворешните физички лица не е врз основа на соодветно спроведена постапка за јавна набавка. Утврдено е дека повеќето од налозите за работа се без број, без потпис на директорот и печат на установата, а истиот не може се издаде за ангажирани надворешни физички лица, со кои не е склучен договор за извршување на дадената работа. Не постои документ (извештај) дека работата е извршена.
- Образците каса-исплати се без потпис на одговорно лице за одобрување и без потпис на примателот на парите кои се исплатени, туку само со потпис на благајникот.
- Средствата кои се исплаќаат преку благајна, се од дневниот промет на ЈЗУ т.е. од учеството на осигурениците во вкупните трошоци на лекување - партиципација и од наплата на извршените приватни здравствени услуги, кој треба да биде уплатен на трансакциска сметка кај ностителот на платниот промет (односно трезорската сметка) истиот ден, а најдоцна наредниот ден од денот на наплата.
- Од спроведената контрола во архивата на ЈЗУ се констатира дека кај сите налози за работа, износите кои се исплаќани во вкупен износ се корегирани, а кај одредени налози не постои усогласеност на износите кои се исплатени со тие што се архивирани.
- Исплатата на горенаведените износи за извршени работи преку благајна е спротивно на одредбите од Правилникот за благајничко работење каде е наведено: Исплати на физички лица кои се оданочуваат на доход, не можат да се вршат во готово од каса.
- За наплата на партиципација од извршени здравствени услуги во ЈЗУ се издаваат фискални сметки и електронски „Потврди“ со евидентиран број на пресметката, со назнака „партиципација“ т.е. учество на осигуреникот во вкупните трошоци на лекување.
- За наплата на приватните здравствени услуги се користи истиот образец за наплата без назнака дека се работи за приватни здравствени услуги наплатени во полн износ по референтна ценаа.
- Евидентирано е случај на исплата од благајна како ,,останатите исплати од касата,, кои се однесуваат на исплата по работен налог (без број), издаден од директорот на ЈЗУ за ангажирање на 5 (пет) надворешни физички лица за санирање дефект во здрадата на управа, запериод од 29,30,31.01.2024 година и за 01,02.02.2024 година, за дневница од по 4.000 денари по ангажирано лице. Образците Каса – исплати се на износ од 40.000 денари по лице, додека во работниот налог е наведено дневница од по 4.000 денари по лице или за 5 дена ангажирање треба да се исплати по лице износ од 20.000 денари, а кои се потпишани само од лицето за исплата, но не и од примателите на парите и од лицето кое треба да ја одобри исплатата на тие средства. Во дадениов случај според Работниот налог требало да се исплати износ од по 20.000 денари по ангажирано лице за 5 работни дена по дневница од 4.000 денари, а исплатен износ по лице е 40.000 денари, односно за 5-те ангажирани лица е повеќе исплатен износ од 100.000 денари.
- Евидентирано е случај на исплата од благајна како исплата по работен налог (без број) без потпис од директорот на ЈЗУ за ангажирање на 5 (пет) надворешни физички лица за чистење на шахти во кругот на болницата,за период од 24.01.2024 до 28.01.2024 година,за дневница од по 4.000 денари по

ангажира лице. Образците каса – исплати се на износ од 40.000 денари по лице, додека во работниот налог е наведено дневница од по 4.000 денари по лице или за 5 дена ангажирање треба да се исплати по лице износ од 20.000 денари, а кои се потпишани само од лицето за исплата, но не и од примателите на парите и од лицето кое треба да ја одобри исплатата на тие средства. Во дадениов случај според Работниот налог требало да се исплати износ од по 20.000 денари по ангажирано лице за 5 работни дена по дневница од 4.000 денари, а исплатен износ по лице е 40.000 денари, односно за 5-те ангажирани лица е повеќе исплатен износ од 100.000 денари.

- Евидентирани се случаи на исплати од благајна за гориво од економски оператори иако има склучено договор за јавни набавки со друг , ресторански услуги, торта и друго.
- Исплатите од благајна, односно приложените фискалните сметки, не се одобрени од раководителот на сметководство или директорот на ЈЗУ.
- Наплата на партиципацијата како учество во вкупните трошоци на лекување и наплатата на пружените приватни услуги се врши на квитанции за партиципација.
- Запазен е рокот за донесување на планот (Согласно член 26, став 2, од Законот за Јавни набавки и член 75 став 3 од новиот Закон за јавни набавки, договорниот орган го донесува планот за јавни набавки, до крајот на јануари од тековната година*),* но Годишните планови за јавна набавка за 2023 и 2024 година се донесени без Одлука на Управен Одбор на ЈЗУ.
- ЈЗУ во 2023 година извршила набавки без постапка за јавна набавка, чија вредност за цела 2023 година (го надминува вредносниот праг од 12.000 евра во денарска против вредност без ДДВ (согласно Член 40 став 6 од ЗЈН).
- Од контролата на фактурите во сметководствената евиденција за 2023 и 2024 година, се утврди дека многу фактури за набавка на стоки и услуги не се внесени во квартална евиденција под праговите и посебни услуги, кои се доставуваат во Министерство за финансии – Биро за јавни набавки, а со тоа се надминати набавките во вредност од 12.000 евра во денарска противвредност на годишно ниво.
- Од извршениот увид на платените ф/ри за набавка на хируршки конци за потребите на ЈЗУ, се констатира дека истите се платени авансно т.е. без фактура или про – фактура. Според исказ на вработените фактурите се плаќани авансно, по усно укажување на раководителот на финансии, што е спротивно од член 12 –од потпишаниот договор за јавни набавки.
- ЈЗУ извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, а на контролата не и беше дадена на увид Соглсност од Министерството за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.
- ЈЗУ го применува Општиот колективен договор за здравствена дејност при што при пресметката и исплатата на платите на вработените доследно истиот се почитува во делот на примена на коефициентите на плата, а додека во делот на пресметката и исплатата на плата на часовите исплатени за дежурство од понеделник до петок и часовите исплатени за дежурство за време викенд (ден сабота и ден недела), за доктор специјалист не се почитува колективниот договор.
- Во ЈЗУ, пресметувањето и исплатата на додатоците на плата се пресметуваат врз основа на просечниот број на работни саати во годината (во конкретниот случај 174 саати), а додека во исплатните листи се внесени ефективните саати во месецот, со што износите на додатоците на плата (пример: за дежурство, ноќна работа и сл.) не одговараат на фактичката состојба.
- При контролата на исплатните листи на одредени вработени констатирано е дека има ставка – Вкупен додаток со придонес, кој се однесува за прекувремена работа, а не се евидентирани часовите кои се одработени за таа прекувремена работа.
- Кај одредени вработени се констатира дека се исплаќа додаток за прекувремена работа врз основа на доставено Барање до директорот на ЈЗУ, во кое барање се наведени часовите кои се одработени во месецот, но не е наведено за што се однесува прекувремената работа, без издаден налог за

извршување на прекувремена работа. Потоа истите се одобруваат со потпис на директорот на образец – Преглед на работа обавени прекувремени часови за исплата.

- Одредени вработени во администрација како прекувремена работа имаат доставено барања до директорот со по 64 месечно или 384 часови годишно, врз основа на горенаведените Барања, во кои не е наведено за која извршена работа се однесуваат прекувремените часови, а со самото тоа е прекршен Член 117 –став (2) од Законот за работни односи на РМ.

13. Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје - предмет на контрола е исплата на патните трошоци на директорот А.М., вработувања на лица со договор на дело и реализирање на склучен договор за јавна набавка со посочен економски оператор по пријава на вработени. Контролата е извршена по анонимна пријава од вработени од ЈЗУ. Ивештајот од вонредната контрола е доставен и до Државна комисија за спречување на корупција, по доставен допис од истата.

ЈЗУ патните трошоци на директорот ги исплаќа согласно Одлуката на Управен Одбор од 04.04.2023 година. За патните трошоци не се изготвува патен налог со приложена соодветна документација како доказ на реализираниот патен трошок. Месечните износи кои му се исплаќале на директорот како патни трошоци изнесувале 39.091 денари, 35.478 денари, 38.745 денари, 39.549 денари, 40.427 денари, 44.850 денари, 45.360 денари, 45.317 денари, 45.317 денари, 44.736 денари односно 418.870 денари во нето износ или 464.122 денари во бруто износ со пресметан персонален данок, за исплати во период од месец април до месец декември 2023 година,

КОНТРОЛА НА УСЛОВНИ БУЏЕТИ

Финансиската контрола врши увид во извршувањето на планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем (условен биџет). Во текот на 2024 година извршени се 36 контроли. Извештаите се доставуваат до одделението за договарање и преговарање, каде се следи реализацијата на условните буџети.
Од контролите се констаирани случаи на неправилности во следниве ЈЗУ:

Клиничка болница – Тетово

Од страна на добавувачот (економски оператор) со датум на издавање 19.12.2023 година и валута на доспевање 18.01.2024 година во износ од 6.419.760 денари кон ЈЗУ за набавка на медицинска опрема за хируршки операциони сали. Од страна на ЈЗУ по овој број на фактура е платен износ од 1.000.000 денари од основниот буџет, без одобрување на средства од страна на Фондот од условниот буџет за 2024 година.

Добавувачот по увидот дека бројот на фактура не одговара со бројот на испратницата има изготвено нова ф/ра со идентичен број на испратницата и ја има доставено до ЈЗУ на износ од 6.419.760 денари, но со друг датум на издавање 11.12.2023 година и валута на доспевање 10.01.2024 година.

По добивање на известувањето за одобрување на средства за условен надоместок и изготвување на образец за исплата за искористување на условниот буџет кој се однесува на ф/рата со бр. 408/2023 на износ од 6.419.760 денари, ЈЗУ Клиничка болница – Тетово го плаќа преостанатиот износ од 5.419.760 денари, а остатокот од 1.000.000 денари го префрла на сметка за основниот надоместок за 2024 година.

Контролата до ЈЗУ доставила препорака обврските за одделните трошоци за тековно работење кои се опфатени во рамките на дадениот и одобрен Условен буџет од страна на Фондот за здравствено осигурување треба да ги плаќа по добивање на известување за одобрување на средства за условен надоместок и изготвување на образец за исплата за искористување на условниот буџет.

Универзитетска клиника за ревматологија – Скопје

Во месец април 2024 година од добиените средства на Фондот за набавка на лекови за биолошка терапија, во вкупен износ од 16.835.947 денари, на ден 26.04.2024 година со банкарски извод бр. 22 платени се фактури кон економски оператор – добавувач на лекови за биолошка терапија во износ од 11.836.078 денари. Останатиот износ од 4.999.869 денари за плаќање на фактурите е искористен ненаменски за плаќање на фактури на добавувачи од кои не се набавени лекови за биолошка терапија туку: градежно одржување „на износ од 3.000.000 денари и износ од 2.700.000 денари за набавка на софтвер, наместо за плаќање на фактури за набавка на биолошка терапија.
ЈЗУ со допис на Фондот е известена дека средствата за искористување на условниот буџет не смее да ги користи за друга намена, освен за плаќање на наведените фактури по доставената спецификација во вкупен износ од 16.835.947 денари.
ЈЗУ не постапила по истиот и средствата наменети стриктно за искористувањето на условниот буџет за набавка на лекови – биолошка терапија, ги користи за други намени т.е. ненаменски, а со тоа ЈЗУ се доведува во положба да биде утужена од страна на добавувачите поради неисполнување на валутата на доспеаност на фактурите и до плаќање на камати и налози по извршни решенија.

Во месец мај 2024 година од одобрените средства на Фондот за исплата на фактурите за набавка на биолошка терапија на износ од 13.101.615 денари, на ден 28.05.2024 година е платен износ од 10.901.615 денари кон наведените добавувачи за доспеани фактури за набавка на лекови од негативната листа на лекови. Фактурата од економскиот оператор - добавувач на износ од 1.526.276 денари не е платена иако е во спецификација, а додека од фактурата од друг добавувачот за истата намена на износ од 894.096 денари е платен дел од 220.372 денари, иако во спецификацијата е баран и добиен полн износ. Остатокот од одобрените средства за плаќање на добавувачи за набавка на биолошка терапија од доделениот условен буџет за месец 05/2024 година е искористен ненаменски за плаќање кон добавувачот за градежно одржување во износ од 1.000.000 денари, а 1.200.000 денари е платен долг по камати спрема добавувал по извршно Решение.

Од извршената контрола на плаќањата се констатира дека ЈЗУ според банкарскиот извод од 28.05.2024 година има платено по фактура бр. 1-1/305781 - дел износ од 2.566.611 денари кон добавувачот, додека во аналитичката картица фактура бр. 1-1/305781 - дел на износ од 2.566.611 денари е затворена по наплата со извршно Решение од 28.05.2024 година.

Контролата укажала, со неплаќањето на фактурите спрема добавувачите за набавка на лекови – биолошка терапија од доделениот условен буџет на ЈЗУ УК за ревматологија – Скопје се зголемуваат долговите на ЈЗУ кон добавувачите за лекови, а воедно и навремената испорака на лекови наменети за пациентите кои користат биолошка терапија.

Во месец август 2024 година од Фондот се одобрени средства и изготвен налог за исплата на фактурите за набавка на биолошка терапија, во кој е внесена и фактурата бр. 1195099461 од економскиот оператор - добавувачот во износ од 1.526.276 денари. ЈЗУ нема извршено исплата на оваа фактура, туку наменетите

средствава за биолошка терапија ги има искористено за плаќање на дел од фактура во износ од 1.000.000 денари на добавувачот за градежно одржување.

Во месец ноември 2024 година од увидот во приложената документација е констатирано дека документот бр:03-00014-02-2024 на износ 251.370 денари е повратница т.е документ кој ЈЗУ поради грешка го приложила како достасана фактура за плаќање , истата била прифатена и одобрена од Фондот за плаќање. Од 28.11.2024 гоодина се констатира дека е исплатен износ во висина од 251.370 денари на економскиот оператор, со цел на дознака - број на документот наведен погоре. Побарана е на увид книговодствена картица за истиот економскиот оператор - добавувач за 2024 година. Контролата од увидот констатирала дека повратница на износ 251.370 денари е прокнижана. Останатиот дел од фактурата е исплатен од основниот буџет на ЈЗУ во износ од 377.055 денари.

Универзитетска клиника за инфективни и фебрилни состојби – Скопје

Контролата констатира случаи во месец ноември 2024 година, кога фактури кои се одобрени за исплата за искористување на условниот буџет во износ од 14.745.647 денари се платени пред одобрувањето на средствата од основниот буџет на ЈЗУ. Контролата доставила препорака ЈЗУ обврските за набавка на лекот sofosbuvir+ velpatasvir 400 mg/100mg кој не е на позитивна листа на лекови кои се опфатени во рамките на дадениот и одобрен условен буџет од страна на Фондот за здравствено осигурување, треба да ги плаќа по добивање на известување за одобрување на средства за условен надоместок и изготвување на образец за исплата за искористување на условниот буџет.

Во месец декември 2024 година од страна на Фондот за здравствено осигурување на РСМ испратено е Известување, со кое се известува ЈЗУ во врска со доставеното барање за одобрување на средства од условниот буџет, дека за фактурите кои се платени во целост од страна на ЈЗУ за кои заради претходно извршени плаќања од основниот договорен надоместок, се одобрува користење на средствата за плаќање на други фактури.

Универзитетска клиника за хематологија – Скопје

Утврдено од страна на контролорите дека е фактурите од економскиот оператор - добавувачот на биолошка терапија се платени со валутата на доспевање, но пред одобрувањето на средствата за искористување на условниот надоместок за 2024 година.
Од страна на Фондот на ден 17.12.2024 година е испратено Известување со кое се известува ЈЗУ во врска со доставеното барање за одобрување на средства од условниот буџет, истото е разгледано од Секторот за финансиски прашања и воедно се информира ЈЗУ дека за фактурите кои се платени во целост од страна на ЈЗУ во износ од 2.128.065 денари (за 11/2024 год.) и во износ од 3.724.457 денари (за 12/2024 год.) за кои заради претходно извршени плаќања од основниот договорен надоместок, се одобрува користење на средствата за плаќање на други фактури кон добавувачите за лекови и медицински материјали.
Воедно, се информира ЈЗУ дека секторот за финансиски прашања (како и сите останати ЈЗУ за кои е одобрен условен надоместок), изработува налог за одобрување средства за искористување на условниот буџет согласно претходно доставени барања од ЈЗУ за користење на средства од условниот надоместок и приложени фактури од добавувачи. Овие средства, ЈЗУ не треба да ги користи за друга намена, освен за плаќање на доставените фактури во прилог на барањата.
Контролата во Ивештајот нотира, ЈЗУ треба да се придржува на веќе воспоставената постапка за одобрување на средства од условниот надоместок.

Напомена: *Презентираното во рамки на овој Извештај, преставува сумарен преглед и издвојување на покарактеристични нотирани констатации од состојби на финансиското работење на ЈЗУ кои се опфатени со контролата во 2024 година.*

Истите се дел од изготвените Извештаи за финаиското работење на ЈЗУ од страна на финансиските контролори на Фондот, согласно предметот на контрола во истите.

Изработил:
Цвете Јовановска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Согласен:
Софче Ристовска
Со овластување бр. 04-18969/1 од 22.07.2025 година
Директор на сектор за финансиски прашања